СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 49 **21 февруари 2020, петок** **година LXXVI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
880.	**Правилник** за формата и содржината на образецот на барањето за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки	2
881.	**Правилник** за водење, користење и функционирање на електронски регистер на терминална телекомуникациска опрема (ТТО)	4
882.	**Решение** за изменување на Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Чешка	6
883.	**Решение** за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Германија	6
884.	**Решение** за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Бугарија	7
885.	**Тарифник** на основачот на ТИРЗ "Прилеп " на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ "Прилеп"	7
886.	**Тарифник** на основачот на ТИРЗ "Гевгелија" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ "Гевгелија"	9
887.	**Тарифник** на основачот на ТИРЗ "Виница" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ "Виница"	10
888.	**Тарифник** на основачот на ТИРЗ "Берово" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ "Берово"	11
889.	**Тарифник** на основачот на ТИРЗ "Струмица" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ "Струмица"	12

Стр.

890. **Тарифник** на основачот на ТИРЗ "Струга" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ "Струга"..... **14**
891. **Тарифник** на основачот на ТИРЗ "Штип" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ "Штип"..... **15**
892. **Тарифник** на основачот на ТИРЗ "Скопје 2" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ "Скопје 2"..... **16**
893. **Тарифник** на основачот на ТИРЗ "Скопје 1" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ "Скопје 1"..... **17**
894. **Тарифник** на основачот на ТИРЗ "Радовиш" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ "Радовиш"..... **19**
895. **Тарифник** на основачот на ТИРЗ "Кичево" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ "Кичево"..... **20**
896. **Тарифник** на основачот на ТИРЗ "Делчево" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ "Делчево"..... **21**
897. **Мрежни правила** за дистрибуција на електрична енергија на АД ЕСМ - Скопје..... **23**
898. **Правила** за изменување на правилата за балансирање на електроенергетскиот систем..... **100**

Огласен дел..... **1-76**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

880.

Врз основа на член 45 став (8) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19), министерот за образование и наука, донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА КОТИЗАЦИЈА И ПАТ ЗА УЧЕСТВО НА ЕДЕН МЕЃУНАРОДЕН НАТПРЕВАР ОД ОБЛАСТА НА МАТЕМАТИКАТА, ИНФОРМАТИКАТА И ПРИРОДНИТЕ НАУКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки.

Член 2

Образецот на барањето од член 1 од овој правилник, се печати на хартија со бела боја во А4 формат и е даден во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 18-2731/1
14 февруари 2020 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
д-р **Арбер Адеми**, с.р.

Прилог

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

ПРИМЕНО .20___ година

Здружение _____
Место _____
Архивски број _____

БАРАЊЕ
ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА КОТИЗАЦИЈА И ПАТ ЗА УЧЕСТВО НА ЕДЕН МЕЃУНАРОДЕН НАТПРЕВАР ОД ОБЛАСТА НА МАТЕМАТИКАТА, ИНФОРМАТИКАТА И ПРИРОДНИТЕ НАУКИ

Од _____ од _____, контакт
(целосен назив на акредитираното здружение на наставници) (место)

телефон _____, е - адреса_____

ул. _____ бр. _____ број на жиро сметка

_____ депонент на _____ банка.

Согласно „Јавниот повик за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки“ доставувам:

1	Решение за акредитација на здружението за организирање на натпревари на општинско, регионално и државно ниво	ДА НЕ
2	Известување за извршен избор на учениците кои ќе учествуваат на меѓународниот натпревар и податоци за истите	ДА НЕ
3	Известување за ментори на учениците кои ќе учествуваат на меѓународниот натпревар и податоци за истите	ДА НЕ
4	Известување од организаторот на меѓународен натпревар за висината на котизацијата за учество на натпреварот	ДА НЕ
5	Пресметка за висината на патните трошоци	ДА НЕ
6	Доказ (потврда, покана, електронски сајт и др.) за правилата на организаторите на меѓународниот натпревар каде се наведени правилата за учество на меѓународниот натпревар меѓу кои и податокот за бројот на учесници на секоја делегација	ДА НЕ

Подносител на барањето

_____

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

881.

Врз основа на член 8 алинеа 32, член 24 став (1) алинеја 3 и член 165 од Законот за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“, бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и „Сл весник на РСМ“ бр. 98/2019 и 153/2019), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 8 јануари 2020 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ВОДЕЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ РЕГИСТЕР НА ТЕРМИНАЛНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ОПРЕМА (ТТО)

Член 1

Предмет

Со овој Правилник се пропишуваат формата, содржината и начинот на водење на регистарот како и видот на податоците и начинот на доставување на податоците потребни за водење на Електронски регистар на телекомуникациска терминална опрема (во понатамошниот текст Терминална Опрема или скратено ТТО).

Член 2

Надлежност

Електронскиот регистар на телекомуникациска терминална опрема го води Агенцијата за електронски комуникации, а покрај Агенцијата до него имаат пристап и Операторите на јавни електронски комуникациски услуги, правни лица регистрирани за продажба на Терминална опрема наменета за јавни мобилни електронски комуникациски услуги, други правни и физички лица и надлежни институции и органи со законски овластувања во областа на телекомуникациите и финансиите, и други регистрирани субјекти со ограничени привилегии.

Член 3

Дефиниции

Мобилен телефонски апарат е мобилна или преносива телекомуникациска терминална опрема која се користи од страна на Корисниците за меѓусебна комуникација преку јавна мобилна електронска комуникациска мрежа. Главна комуникациска функција е говорна комуникација, но со развојот на технологијата добил и други функции, како што се комуникација преку СМС пораки, ММС пораки и пристап до Интернет.

Интерфејс е систем преку кој Корисникот или Регистрираниот субјект, Корисниците на регистерот и други лица имаат пристап до Регистерот на ТТО за внесување или обезбедување податоци за терминална опрема.

Корисник на Регистарот е правно или физичко лице кое со најава ена регистрирано во Регистарот и има добива пристап до него, со ограничени привилегии издадени и одобрени од страна на Агенцијата (кКако правни лица можат да се регистрираат сите приаватни компании и државни институции)

ИМЕИ единствен број (IMEI - International Mobile Equipment Identity) претставува интернационален број за идентификација на терминална опрема или телекомуникациската терминална опрема кој е составен од 15 цифри уникатни и единствени само за конктретната терминална опрема.

Регистар на Телекомуникациска Терминална Опрема (РТТО) е систем за регистрирање и нотификација на телекомуникациска терминална опрема или терминална опрема која се увезуваво Македонија, од страна на сите даватели на телекомуникациски услуги низ Македонија, физички лица или правни лица кои внесуваат телекомуникациска опрема купена од друга земја и лица.

Регистиран субјект е правно лице кое врши увоз на терминална телекомуникациска опрема (ТТО) и е регистрирано во Регистарот за ТТО согласно овој Правилник.

Член 4

Регистар на телекомуникациска терминална опрема

(1) Агенцијата дава мислења и соработува со надлежните институции во однос на прашањата за увозот и употребата на телекомуникациската терминална опрема, со цел за заштита на пазарот на ТТО и намалување на нелегални активности.

(2) Агенцијата води електронски регистар на Телекомуникациска терминална опрема наменета за јавни мобилни електронски комуникциски услуги.

(3) Регистрираните субјекти се должни на Агенцијата да и достават податоци согласно со член 8 и 9 од овој Правилник. Агенцијата во соработка со операторите ќе изработи Упатство со детална техничка спецификација за начинот воспоставување на интерфејс помеѓу РТТО и системите на операторите и типовите на извештаи кои ќе се генерираат.

(4) Правни или физички лица кои набавиле телекомуникациска терминална опрема наменета за јавни мобилни електронски комуникациски услуги, но истата не ја набавиле од регистрираните оператори, ја набавиле од странство или истата ја добиле како подарок, можат да ја пријават електронски во Регистарот.

(5) Операторите се должни на барање на Агенцијата, во рок од 15 дена од прием на барањето, да ја исклучат од јавната мобилна комуникациска мрежа телекомуникациската терминална опрема која не е евидентирана во регистарот од ставот (2) на овој член.

Член 5

Пуштање во продажба и ставање во употреба

Во продажба се пуштаат само апарати кои се претходно внесени во Регистерот за телекомуникациска терминална опрема.

Член 6

Право на користење на Регистар односно Системот за регистрирање на телекомуникациска терминална опрема на Агенијата

(1) Агенцијата овозможува регистрирање на Корисници на Регистарот и Регистрирани субјекти со дефинирани привилегии (правно, физичко лице или институција) за користење на Регистарот на телекомуникациска терминална опрема.

(2) Агенцијата овозможува пристап до Регистарот на телекомуникациска терминална опрема на Агенијата, со дефинирани привилегии и се грижи и управува со Регистарот.

Член 7

Функционалности на системот

Регистерот на ТТО треба да овозможи:

- Портал – единствена точка на пријавување и регистрација “single sign on” на професионалните и други корисници на АЕК;

- Поддршка на повеќе јазици "Multilanguage Support";
- Внесување, преглед и едитирање на корисничките податоци на регистрирани субјекти;
- Регистарот овозможува внесување на ИМЕИ броеви и други податоци за уредите при увоз од страна на регистрираните субјекти;
- Регистарот овозможува внесување на податоци за уреди чии ИМЕИ броевите не се внесени од страна на регистрираните субјекти.
- Регистарот овозможува Операторите на Јавни мобилни електронски комуникцсики услуги да доставуваат ИМЕИ на активните уреди на нивната мрежа согласно став 1 од член 11 од овој Правилник;
- Регистарот овозможува претплатниците, корисниците на Јавни мобилни електронски комуникациски услуги и Регистрираните субјекти да добијат пристап до Регистарот и да ги внесуваат ИМЕИ на активните уреди во Регистарот, согласно став 1 и 2 од член 10 од овој Правилник;
- Регистарот овозможува генерирање на Извештаи за видовите на ТТО која е увезена.
- Регистарот овозможува поединечно пребарување по ИМЕИ.

Член 8

Постапка на запишување на Регистриран субјект за увоз и продажба на ТТО

(1) Субјект по електронски пат поднесува Барање за регистрација во Регистар на телекомуникациска терминална опрема на Агенцијата, со внесување на податоците:
- Име на субјектот;
- Адреса;
- Електронска адреса;
- Тел број за контакт и контакт лице;
- Управител;
- Електронска адреса на управителот;
- ЕМБ од Централен регистер за вршење дејност и доставена копија за регистрирана дејност од Централен регистер;

(2) Барањето во рок од 7 дена од датумот на поднесување го одобрува Агенцијата, со што подносителот добива Корисничко име (User Name) и Лозинка (Password) со кои се најавува во системот при внесување на Барање за внесување на Телекомуникациска терминална опрема.

(3) Доколку Барањето има недостатоци, Агенцијата има право да побара од Барателот да ги отстрани недостатоците на поднесеното Барање, при што на Подносителот му испраќа информација за причините на одбивањето.

(4) За веродостојност на податоците одговара самиот подносител.

Член 9

Обврски на регистрираниот субјект

(1) Регистрираниот субјект има обврска во Регистарот да ги внесе податоците за регистрација на нова телекомуникациска терминална опрема.

(2) Податоци кои се задолжителни за внесување:
- Датум на увоз;
- Број на царинска декларација;
- Ознака и модел на уредот, согласно со увозната декларација селектирана од листата (ТАС - 6 или 8 броеви);
- Количина на увезените уреди;
- IMEI броеви:
- стандарден/нестандарден IMEI број;
- Производител на уред.

Член 10

Регистрирање на уреди кои не се внесени од страна на Регистрирани субјекти

(1) Претплатниците/корисниците (правни или физички лица) кои користат уред набавен од странство, добиена како подарок или донација од лица надвор од територијата на Република Македонија, имаат обврска во Регистарот електронски да се најават преку порталот достапен на веб страната на Агенцијата, во рок од 30 дена од почетокот на користење во мобилната мрежа на Операторот.

(2) Претплатниците ги внесуваат во Регистарот следните податоци:
- Име и презиме на претплатникот;
- Електронска адреса;
- Тел број за контакт;
- ИМЕИ број;
- Модел на уред;
- Основ по кој е стекнат уредот.

Член 11

Обврски на Операторите на јавни мобилни комуникациски услуги

(1) Операторите се должни еднаш месечно на Агенцијата да ги достават ИМЕИ за сите уреди кои биле активни во тие изминати две недели, преку сервис на Регистарот.

(2) Операторите се должни на барање на Агенцијата да ја исклучат од јавната мобилна комуникациска мрежа телекомуникациската терминална опрема која не е евидентирана во регистарот.

Член 12

Преодни одредби

(1) Почетното запишување на податоци се врши врз база на доставени извештаи од страна на операторите на Јавни мобилни електронски комуникациски услуги, со ИМЕИ на уредите што се користени во нивната мрежа во последните два месеци пред пуштање на системот во употреба.

(2) После овој рок, запишувањето на терминалната опрема во Регистарот ќе се врши согласно член 9 и член 10 од овој Правилник.

Член 13

Завршни одредби

(1) Овој Правилник во делот кој го уредува регистарот и неговото функционирање влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Македонија", а неговата примена започнува со денот на пуштање во работа на Регистарот, со известување на ВЕБ страната на Агенцијата;

(2) По пуштањето на работа на Регистерот, Агенцијата за електронски работи во консултација со постојните оператори на мобилни електронски комуникациски мрежи ќе утврди рок за имплементирање на системи со кои ќе се спроведува ограничувањето на употреба на терминална опрема на барање на Агенцијата во согласност со точка 6 од член 4 и став 3 од член 11 од овој Правилник.

(3) По влегувањето во сила, овој Правилник ќе биде објавен и на веб-страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Бр. 0101-97/3
8 јануари 2020 година
Скопје

Директор,
Сашо Димитријоски, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

882.

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ЧЕШКА

Член 1

Во Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Чешка (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 19/20), во членот 1 ставот (1) се менува и гласи:

“(1) Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца се забранува увозот во Република Северна Македонија на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло кои потекнуваат од следните региони во Република Чешка:

- Височина/Vysocina и
- Пардубице/Pardubice.“.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-273/2
18 февруари 2020 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
Зоран Атанасов, с.р.

883.

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

Член 1

(1) Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца се забранува увозот во Република Северна Македонија на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло кои потекнуваат од регионот Хохенлохенгреис/Hohenlohekreis во Република Германија.

(2) Забраната од став (1) на овој член се применува на следните пратки:

1) живина, и тоа кокошки, мисирки, бисерки, патки, гуски, препелници, гулаби, фазани, еребици и ноеви (ratitae) размножувани или чувани во затворен или ограден простор заради одгледување или чување за: размножување, производство на месо или јајца за исхрана или за обновување на популација на дивеч,

2) јајца за ведење, и тоа јајца за инкубација снесени од живина,

3) птици, и тоа животни од класата Aves, освен:

- живина,
- птици кои се увезуваат согласно програмите за зачувување на одредени видови птици,
- домашни миленици во придружба на сопственикот,
- птици наменети за зоолошки градини, циркуси, забавни паркови или експерименти,
- птици наменети за научно-истражувачки институти или центри и
- гулаби-писмоносци внесени на територијата на Република Северна Македонија од соседни трети земји, каде што живеат вообичаено, и веднаш пуштени со очекување дека ќе се вратат во трета земја од каде се внесени

4) конзумни јајца од живина и пернат дивеч,

5) месо, мелено месо, подготовки од месо и механички обескоскено месо од живина и пернат дивеч,

6) производи од месо кои се состојат од или содржат месо од живина и пернат дивеч,

7) сурова храна за домашни миленици и непреработен материјал за храна за исхрана на животни кој содржи делови од месо од живина и пернат дивеч и

8) нетретирани трофеи од пернат дивеч.

Член 2

По исклучок од член 1 став (2) точка 6) од ова решение, може да се увезуваат производи од месо кои се состојат од или содржат месо од живина и пернат дивеч само доколку месото од овие видови било подложено на еден од специфичните третмани B, C или D дадени во Прилог 6 Дел 6Г на Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло(*1).

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 02-549/1
14 февруари 2020 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
Зоран Атанасов, с.р.

(*1) Прилог 6 Дел 6Г на Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло е усогласен со Дел 4 од Анекс II од Одлуката на Комисијата 2007/777/ЕК од 29 ноември 2007 година за здравствените барања на животните и јавното ветеринарно здравство и моделите на ветеринарно-здравствени сертификати за увоз на одредени производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева за исхрана на луѓе од трети земји и со која се повлекува Одлуката 2005/432/ЕК, CELEX бр. 32007D0777.

884.

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Член 1

(1) Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца се забранува увозот во Република Северна Македонија на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло кои потекнуваат од регионот Пловдив/Plovdiv во Република Бугарија.

(2) Забраната од став (1) на овој член се применува на следните пратки:

1) живина, и тоа кокошки, мисирки, бисерки, патки, гуски, препелници, гулаби, фазани, еребици и ноеви (ratitae) размножувани или чувани во затворен или ограден простор заради одгледување или чување за: размножување, производство на месо или јајца за исхрана или за обновување на популација на дивеч,

2) јајца за ведење, и тоа јајца за инкубација снесени од живина,

3) птици, и тоа животни од класата Aves, освен:

- живина,

- птици кои се увезуваат согласно програмите за зачувување на одредени видови птици,

- домашни миленици во придружба на сопственикот,

- птици наменети за зоолошки градини, циркуси, забавни паркови или експерименти,

- птици наменети за научно-истражувачки институти или центри и

- гулаби-писмоносци внесени на територијата на Република Северна Македонија од соседни трети земји, каде што живеат вообичаено, и веднаш пуштени со очекување дека ќе се вратат во трета земја од каде се внесени

4) конзумни јајца од живина и пернат дивеч,

5) месо, мелено месо, подготовки од месо и механички обескоскено месо од живина и пернат дивеч,

6) производи од месо кои се состојат од или содржат месо од живина и пернат дивеч,

7) сурова храна за домашни миленици и непреработен материјал за храна за исхрана на животни кој содржи делови од месо од живина и пернат дивеч и

8) нетретирани трофеи од пернат дивеч.

Член 2

По исклучок од член 1 став (2) точка 6) од ова решение, може да се увезуваат производи од месо кои се состојат од или содржат месо од живина и пернат дивеч само доколку месото од овие видови било подложено на еден од специфичните третмани B, C или D дадени во Прилог 6 Дел 6Г на Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло (*1).

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-598/1
18 февруари 2020 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
Зоран Атанасов, с.р.

(*1) Прилог 6 Дел 6Г на Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло е усогласен со Дел 4 од Анекс II од Одлуката на Комисијата 2007/777/ЕК од 29 ноември 2007 година за здравствените барања на животните и јавното ветеринарно здравство и моделите на ветеринарно-здравствени сертификати за увоз на одредени производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева за исхрана на луѓе од трети земји и со која се повлекува Одлуката 2005/432/ЕК, CELEX бр. 32007D0777.

ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

885.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони (“Службен весник на Република Македонија” бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во име на Владата на Република Северна Македонија како основач на Технолошката индустриска развојна зона “Прилеп“, на 6.2.2020 година го донесе следниот

Т А Р И Ф Н И К
НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ "ПРИЛЕП" НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ "ПРИЛЕП"

I

	Опис на услуга	Цена во МКД
1.	Месечен паушал за одржување на инфраструктурата во ТИРЗ "Прилеп" - одржување на инфраструктурата во границите на зоната и одржување на јавни површини= 1 мкд/ м²; - одржување на уличното осветлување на јавните површини во зоната= 1 мкд/ м² - 24-часовно физичко обезбедување на зоната= 1 мкд/ м² - 24-часовна контрола при влез и излез во зоната= 1 мкд/ м² - обезбедување на услови за работа на Царинскиот орган= 1 мкд/ м²	5,00 МКД/м² закупен простор
2.	Запис за влез/излез при обавување на увоз, извоз, реекспорт и евиденција за влез и излез на стоки во ТИРЗ согласно Правилникот за задолжителните податоци кои треба да ги содржи евиденцијата и записот од евиденцијата за внесување или изнесување на стоки/добра во или од технолошка индустриска развојна зона и образецот од записот од евиденцијата. Наплатата се врши по број на изготвени Записи за влез/излез во и од ТИРЗ "Прилеп".	450,00 МКД по запис
3.	Мерење на вага на возило	450,00 МКД
4.	Закупнина за 1м² затворен магацински простор	200,00 МКД месечно
5.	Закупнина за 1м² отворен магацински простор	60,00 МКД месечно
6.	Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 5м²	6.000,00 МКД месечно
7.	Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 15м²	8.500,00 МКД месечно
8.	Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 30м²	12.500,00 МКД месечно
9.	Закупнина за поставување на банкомат	6.000,00 МКД месечно
10.	Долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште за инфраструктурните објекти во рамките на зоната кон ги градат субјектите даватели на јавни услуги кои се надлежни за изградба на електроенергетска, водоводна, канализациона, гасоводна и телекомуникациска инфраструктура	600,00 МКД/ м² месечно
11.	Услуги со повеќенаменска машина	2.500,00 МКД/ 1 час

*Износите во табелата се дадени без вклучен ДДВ.

II

Во случај кога за потребите на корисник на технолошко индустриска развојна зона закупец на земјиште кој има склучено договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона ќе гради објект во технолошката индустриска развојна зона, обврските од делот I точка 1 од овој тарифник, паѓаат на товар на закупецот на земјиштето кој ќе го гради објектот за потребите на корисникот.

III

Во случај кога за потребите на корисник на технолошко индустриска развојна зона закупец на земјиште кој има склучено договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона ќе гради објект во технолошката индустриска развојна зона, износите на услугите утврдени во делот I точка 1 од овој тарифник ќе се фактурираат со пресметано ДДВ.

IV

Висината на надоместокот за поставување на инсталации во рамките на опфатот на зоната согласно Законот за градежно земјиште, се утврдува според Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за заснавањето на право на стварна службеност.

V

Надоместоците за услугите од дел I од овој тарифник се наплатуваат во рок од 15 дена од денот кога корисникот односно закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник ја примил фактурата во архивата на корисникот односно на закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник. Во фактурата ќе се пресметуваат износи согласно исполнувањето на услугите. Доколку некои од услугите од дел I точка 1 од овој тарифник не се обезбедени од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за конкретна парцела на корисникот односно закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник, фактурите ќе бидат намалени за износот на поединечната услуга која не е обезбедена, за што Управниот одбор ќе донесе посебна одлука за намалување односно за нефактурирање за услуги кои не се обезбедени од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Обврската за надоместоците од дел I точки 1 и 2 од овој тарифник, корисникот односно закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник е обврзан да ја плаќа од денот на добивање на Решение за започнување со работа на корисникот од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, односно од денот на склучување на договорот за закуп кога е склучен договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона со закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник.

VI

Изготвувањето на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Прилеп" од дел I точка 2 на овој тарифник се врши по избор на корисникот и тоа: по превозно средство или по фактура за стока транспортирана со повеќе превозни средства со неограничен број на влез/излез на превозни средства во текот на денот најдоцна до 24 часот.

Секоја стока со вредност помала од 6.200,00 МКД е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Прилеп" и мерење на вага на возило од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник.

По исклучок од став 1 на овој дел домашна стока која со вкупен износ на надоместок за извршен промет, без данок на додадена вредност, е еднаков или помал од 60.000,00 денари, како и во случаи при промет на домашна стока наменета за крајна потрошувачка согласно со Законот за данокот на додадена вредност, е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Прилеп" од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник согласно член 41 од Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Стока наменета за испитување, истражување, анализирање или тестирање согласно со член 196 точка 8 од Царинскиот закон е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Прилеп" од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник.

VII

За државните органи, фондови, агенции, дирекции, јавни претпријатија, јавни установи, и други институции основани од државата и кои се во државна сопственост а се од посебен интерес за работата на зоната, не се наплаќа закупнина од дел I точки 5, 6 и 8 на овој тарифник.

VIII

Со денот на влегувањето во сила на овој тарифник престанува да важи Тарифникот на основачот на ТИРЗ "Прилеп" на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ "Прилеп" ("Службен весник на Република Македонија" бр.123/18).

IX

Овој тарифник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр.01-259/13
6 февруари 2020 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
Виктор Андонов, с.р.

886.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија" бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во име на Владата на Република Северна Македонија како основач на Технолошката индустриска развојна зона "Гевгелија", на 30.1.2020 година го донесе следниот

Т А Р И Ф Н И К
НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ "ГЕВГЕЛИЈА" НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ "ГЕВГЕЛИЈА"

I

	Опис на услуга	Цена во МКД
1.	Месечен паушал за одржување на инфраструктурата во ТИРЗ "Гевгелија" - одржување на инфраструктурата во границите на зоната и одржување на јавни површини= 1 мкд/ м²; - одржување на уличното осветлување на јавните површини во зоната= 1 мкд/ м² - 24-часовно физичко обезбедување на зоната= 1 мкд/ м² - 24-часовна контрола при влез и излез во зоната= 1 мкд/ м² - обезбедување на услови за работа на Царинското орган= 1 мкд/ м²	5,00 МКД/м² закупен простор
2.	Запис за влез/излез при обавување на увоз, извоз, реекспорт и евиденција за влез и излез на стоки во ТИРЗ согласно Правилникот за задолжителните податоци кои треба да ги содржи евиденцијата и записот од евиденцијата за внесување или изнесување на стоки/добра во или од технолошка индустриска развојна зона и образецот од записот од евиденцијата. Наплатата се врши по број на изготвени Записи за влез/излез во и од ТИРЗ "Гевгелија".	450,00 МКД по запис
3.	Мерење на вага на возило	450,00 МКД
4.	Закупнина за 1м² затворен магацински простор	200,00 МКД месечно
5.	Закупнина за 1м² отворен магацински простор	60,00 МКД месечно
6.	Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 5м²	6.000,00 МКД месечно
7.	Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 15м²	8.500,00 МКД месечно
8.	Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 30м²	12.500,00 МКД месечно
9.	Закупнина за поставување на банкомат	6.000,00 МКД месечно
10.	Долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште за инфраструктурните објекти во рамките на зоната кои ги градат субјектите давачи на јавни услуги кои се надлежни за изградба на електроенергетска, водоводна, канализациона, гасоводна и телекомуникациска инфраструктура	600,00 МКД/ м² месечно

*Износите во табелата се дадени без вклучен ДДВ.

II

Во случај кога за потребите на корисник на технолошко индустриска развојна зона закупец на земјиште кој има склучено договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона ќе гради објект во технолошката индустриска развојна зона, обврските од делот I точка 1 од овој тарифник, паѓаат на товар на закупецот на земјиштето кој ќе го гради објектот за потребите на корисникот.

III

Во случај кога за потребите на корисник на технолошко индустриска развојна зона закупец на земјиште кој има склучено договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона ќе гради објект во технолошката индустриска развојна зона, износите на услугите утврдени во делот I точка 1 од овој тарифник ќе се фактурираат со пресметано ДДВ.

IV

Висината на надоместокот за поставување на инсталации во рамките на опфатот на зоната согласно Законот за градежно земјиште, се утврдува според Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за заснавањето на право на стварна службеност.

V

Надоместоците за услугите од дел I од овој тарифник се наплатуваат во рок од 15 дена од денот кога корисникот односно закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник ја примил фактурата во архивата на корисникот односно на закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник. Во фактурата ќе се пресметуваат износи согласно исполнувањето на услугите. Доколку некои од услугите од дел I точка 1 од овој тарифник не се обезбедени од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за конкретна парцела на корисникот односно закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник, фактурите ќе бидат намалени за износот на поединечната услуга која не е обезбедена, за што Управниот одбор ќе донесе посебна одлука за намалување односно за нефактурирање за услуги кои не се обезбедени од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Обврската за надоместоците од дел I точки 1 и 2 од овој тарифник, корисникот односно закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник е обврзан да ја плаќа од денот на добивање на Решение за започнување со работа на корисникот од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, односно од денот на склучување на договорот за закуп кога е склучен договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона со закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник.

VI

Изготвувањето на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Гевгелија" од дел I точка 2 на овој тарифник се врши по избор на корисникот и тоа: по превозно средство или по фактура за стока транспортирана со повеќе превозни средства со неограничен број на влез/излез на превозни средства во текот на денот најдоцна до 24 часот.

Секоја стока со вредност помала од 6.200,00 МКД е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Гевгелија" и мерење на вага на возило од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник.

По исклучок од став 1 на овој дел домашна стока која со вкупен износ на надоместок за извршен промет, без данок на додадена вредност, е еднаков или помал од 60.000,00 денари, како и во случаи при промет на домашна стока наменета за крајна потрошувачка согласно со Законот за данокот на додадена вредност, е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Гевгелија" од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник согласно член 41 од Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Стока наменета за испитување, истражување, анализирање или тестирање согласно со член 196 точка 8 од Царинскиот закон е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Гевгелија" од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник.

VII

За државните органи, фондови, агенции, дирекции, јавни претпријатија, јавни установи, и други институции основани од државата и кои се во државна сопственост а се од посебен интерес за работата на зоната, не се наплаќа закупнина од дел I точки 5, 6 и 8 на овој тарифник.

VIII

Со денот на влегувањето во сила на овој тарифник престанува да важи Тарифникот на основачот на ТИРЗ "Гевгелија" на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ "Гевгелија" ("Службен весник на Република Македонија" бр.123/18).

IX

Овој тарифник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр.01-259/14
6 февруари 2020 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
Виктор Андонов, с.р.

887.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија" бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во име на Владата на Република Северна Македонија како основач на Технолошката индустриска развојна зона "Виница", на 6.2.2020 година го донесе следниот

Т А Р И Ф Н И К
НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ "ВИНИЦА" НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ "ВИНИЦА"

I

	Опис на услуга	Цена во МКД
1.	**Месечен паушал за одржување на инфраструктурата во ТИРЗ "Виница"** - одржување на инфраструктурата во границите на зоната и одржување на јавни површини= 1 мкд/ м²; - одржување на уличното осветлување на јавните површини во зоната= 1 мкд/ м² - 24-часовно физичко обезбедување на зоната= 1 мкд/ м² - 24-часовна контрола при влез и излез во зоната= 1 мкд/ м² - обезбедување на услови за работа на Царинскиот орган= 1 мкд/ м²	**5,00 МКД/м² закупен простор**
2.	**Запис за влез/излез при обавување на увоз, извоз, реекспорт и евиденција за влез и излез на стоки во ТИРЗ согласно Правилникот за задолжителните податоци кои треба да ги содржи евиденцијата и записот од евиденцијата за внесување или изнесување на стоки/добра во или од технолошка индустриска развојна зона и образецот од записот од евиденцијата.** **Наплатата се врши по број на изготвени Записи за влез/излез во и од ТИРЗ "Виница".**	**450,00 МКД по запис**
3.	**Мерење на вага на возило**	**450,00 МКД**
4.	**Закупнина за 1м² затворен магацински простор**	**200,00 МКД месечно**
5.	**Закупнина за 1м² отворен магацински простор**	**60,00 МКД месечно**
6.	**Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 5м²**	**6.000,00 МКД месечно**
7.	**Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 15м²**	**8.500,00 МКД месечно**
8.	**Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 30м²**	**12.500,00 МКД месечно**
9.	**Закупнина за поставување на банкомат**	**6.000,00 МКД месечно**
10.	**Долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште за инфраструктурните објекти во рамките на зоната кои ги градат субјектите даватели на јавни услуги кои се надлежни за изградба на електроенергетска, водоводна, канализациона, гасоводна и телекомуникациска инфраструктура**	**600,00 МКД/ м² месечно**

*Износите во табелата се дадени без вклучен ДДВ

II

Во случај кога за потребите на корисник на технолошко индустриска развојна зона закупец на земјиште кој има склучено договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона ќе гради објект во технолошката индустриска развојна зона, обврските од делот I точка 1 од овој тарифник, паѓаат на товар на закупецот на земјиштето кој ќе го гради објектот за потребите на корисникот.

III

Во случај кога за потребите на корисник на технолошко индустриска развојна зона закупец на земјиште кој има склучено договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона ќе гради објект во технолошката индустриска развојна зона, износите на услугите утврдени во делот I точка 1 од овој тарифник ќе се фактурираат со пресметано ДДВ.

IV

Висината на надоместокот за поставување на инсталации во рамките на опфатот на зоната согласно Законот за градежно земјиште, се утврдува според Уредба-

та за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за заснавањето на право на стварна службеност.

V

Надоместоците за услугите од дел I од овој тарифник се наплатуваат во рок од 15 дена од денот кога корисникот односно закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник ја примил фактурата во архивата на корисникот односно на закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник. Во фактурата ќе се пресметуваат износи согласно исполнувањето на услугите. Доколку некои од услугите од дел I точка 1 од овој тарифник не се обезбедени од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за конкретна парцела на корисникот односно закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник, фактурите ќе бидат намалени за износот на поединечната услуга која не е обезбедена, за што Управниот одбор ќе донесе посебна одлука за намалување односно за нефактурирање за услуги кои не се обезбедени од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Обврската за надоместоците од дел I точки 1 и 2 од овој тарифник, корисникот односно закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник е обврзан да ја плаќа од денот на добивање на Решение за започнување со работа на корисникот од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, односно од денот на склучување на договорот за закуп кога е склучен договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона со закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник.

VI

Изготвувањето на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Виница" од дел I точка 2 на овој тарифник се врши по избор на корисникот и тоа: по превозно средство или по фактура за стока транспортирана со повеќе превозни средства со неограничен број на влез/излез на превозни средства во текот на денот најдоцна до 24 часот.

Секоја стока со вредност помала од 6.200,00 МКД е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Виница" и мерење на вага на возило од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник.

По исклучок од став 1 на овој дел домашна стока која со вкупен износ на надоместок за извршен промет, без данок на додадена вредност, е еднаков или помал од 60.000,00 денари, како и во случаи при промет на домашна стока наменета за крајна потрошувачка согласно со Законот за данокот на додадена вредност, е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Виница" од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник согласно член 41 од Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Стока наменета за испитување, истражување, анализирање или тестирање согласно со член 196 точка 8 од Царинскиот закон е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Виница" од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник.

VII

За државните органи, фондови, агенции, дирекции, јавни претпријатија, јавни установи, и други институции основани од државата и кои се во државна сопственост а се од посебен интерес за работата на зоната, не се наплаќа закупнина од дел I точки 5, 6 и 8 на овој тарифник.

VIII

Со денот на влегувањето во сила на овој тарифник престанува да важи Тарифникот на основачот на ТИРЗ "Виница" на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ "Виница" ("Службен весник на Република Македонија" бр.123/18).

IX

Овој тарифник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр.01-259/15
6 февруари 2020 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
Виктор Андонов, с.р.

888.

Во случај кога за потребите на корисник на технолошко индустриска развојна зона закупец на земјиште кој има склучено договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона ќе гради објект во технолошката индустриска развојна зона, износите на услугите утврдени во делот I точка 1 од овој тарифник ќе се фактурираат со пресметано ДДВ.

IV

Висината на надоместокот за поставување на инсталации во рамките на опфатот на зоната согласно Законот за градежно земјиште, се утврдува според Уредба-

та за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за заснавањето на право на стварна службеност.

V

Надоместоците за услугите од дел I од овој тарифник се наплатуваат во рок од 15 дена од денот кога корисникот односно закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник ја примил фактурата во архивата на корисникот односно на закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник. Во фактурата ќе се пресметуваат износи согласно исполнувањето на услугите. Доколку некои од услугите од дел I точка 1 од овој тарифник не се обезбедени од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за конкретна парцела на корисникот односно закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник, фактурите ќе бидат намалени за износот на поединечната услуга која не е обезбедена, за што Управниот одбор ќе донесе посебна одлука за намалување односно за нефактурирање за услуги кои не се обезбедени од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Обврската за надоместоците од дел I точки 1 и 2 од овој тарифник, корисникот односно закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник е обврзан да ја плаќа од денот на добивање на Решение за започнување со работа на корисникот од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, односно од денот на склучување на договорот за закуп кога е склучен договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона со закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник.

VI

Изготвувањето на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Радовиш" од дел I точка 2 на овој тарифник се врши по избор на корисникот и тоа: по превозно средство или по фактура за стока транспортирана со повеќе превозни средства со неограничен број на влез/излез на превозни средства во текот на денот најдоцна до 24 часот.

Секоја стока со вредност помала од 6.200,00 МКД е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Радовиш" и мерење на вага на возило од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник.

По исклучок од став 1 на овој дел домашна стока која со вкупен износ на надоместок за извршен промет, без данок на додадена вредност, е еднаков или помал од 60.000,00 денари, како и во случаи при промет на домашна стока наменета за крајна потрошувачка согласно со Законот за данокот на додадена вредност, е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Радовиш" од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник согласно член 41 од Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Стока наменета за испитување, истражување, анализирање или тестирање согласно со член 196 точка 8 од Царинскиот закон е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Радовиш" од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник.

VII

За државните органи, фондови, агенции, дирекции, јавни претпријатија, јавни установи, и други институции основани од државата и кои се во државна сопственост а се од посебен интерес за работата на зоната, не се наплаќа закупнина од дел I точки 5, 6 и 8 на овој тарифник.

VIII

Со денот на влегувањето во сила на овој тарифник престанува да важи Тарифникот на основачот на ТИРЗ "Радовиш" на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ "Радовиш" ("Службен весник на Република Македонија" бр.123/18).

IX

Овој тарифник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр.01-259/22
6 февруари 2020 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
Виктор Андонов, с.р.

895.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија" бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во име на Владата на Република Северна Македонија како основач на Технолошката индустриска развојна зона "Кичево", на 6.2.2020 година го донесе следниот

Т А Р И Ф Н И К
НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ "КИЧЕВО" НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ "КИЧЕВО"

I

	Опис на услуга	Цена во МКД
1.	Месечен паушал за одржување на инфраструктурата во ТИРЗ "Кичево" - одржување на инфраструктурата во границите на зоната и одржување на јавни површини= 1 мкд/ м²; - одржување на уличното осветлување на јавните површини во зоната= 1 мкд/ м² - 24-часовно физичко обезбедување на зоната= 1 мкд/ м² - 24-часовна контрола при влез и излез во зоната= 1 мкд/ м² - обезбедување на услови за работа на Царинскиот орган= 1 мкд/ м²	5,00 МКД/м² закупен простор
2.	Запис за влез/излез при обавување на увоз, извоз, реекспорт и евиденција за влез и излез на стоки во ТИРЗ согласно Правилникот за задолжителните податоци кои треба да ги содржи евиденцијата и записот од евиденцијата за внесување или изнесување на стоки/добра во или од технолошка индустриска развојна зона и образецот од записот од евиденцијата. Наплатата се врши по број на изготвени Записи за влез/излез во и од ТИРЗ "Кичево".	450,00 МКД по запис
3.	Мерење на вага на возило	450,00 МКД
4.	Закупнина за 1м² затворен магацински простор	200,00 МКД месечно
5.	Закупнина за 1м² отворен магацински простор	60,00 МКД месечно
6.	Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 5м²	6.000,00 МКД месечно
7.	Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 15м²	8.500,00 МКД месечно
8.	Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 30м²	12.500,00МКД месечно
9.	Закупнина за поставување на банкомат	6.000,00 МКД месечно
10.	Долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште за инфраструктурните објекти во рамките на зоната кои ги градат субјектите даватели на јавни услуги кои се надлежни за изградба на електроенергетска, водоводна, канализациона, гасоводна и телекомуникациска инфраструктура	600,00 МКД/ м² месечно
11.	Услуги со повеќенаменска машина	2.500,00 МКД/ 1 час

*Износите во табелата се дадени без вклучен ДДВ.

II

Во случај кога за потребите на корисник на технолошко индустриска развојна зона закупец на земјиште кој има склучено договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона ќе гради објект во технолошката индустриска развојна зона, обврските од делот I точка 1 од овој тарифник, паѓаат на товар на закупецот на земјиштето кој ќе го гради објектот за потребите на корисникот.

III

Во случај кога за потребите на корисник на технолошко индустриска развојна зона закупец на земјиште кој има склучено договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона ќе гради објект во технолошката индустриска развојна зона, износите на услугите утврдени во делот I точка 1 од овој тарифник ќе се фактурираат со пресметано ДДВ.

IV

Висината на надоместокот за поставување на инсталации во рамките на опфатот на зоната согласно Законот за градежно земјиште, се утврдува според Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за заснавањето на право на стварна службеност.

V

Надоместоците за услугите од дел I од овој тарифник се наплатуваат во рок од 15 дена од денот кога корисникот односно закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник ја примил фактурата во архивата на корисникот односно на закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник. Во фактурата ќе се пресметуваат износи согласно исполнувањето на услугите. Доколку некои од услугите од дел I точка 1 од овој тарифник не се обезбедени од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за конкретна парцела на корисникот односно закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник, фактурите ќе бидат намалени за износот на поединечната услуга која не е обезбедена, за што Управниот одбор ќе донесе посебна одлука за намалување односно за нефактурирање за услуги кои не се обезбедени од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Обврската за надоместоците од дел I точки 1 и 2 од овој тарифник, корисникот односно закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник е обврзан да ја плаќа од денот на добивање на Решение за започнување со работа на корисникот од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, односно од денот на склучување на договорот за закуп кога е склучен договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона со закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник.

VI

Изготвувањето на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Кичево" од дел I точка 2 на овој тарифник се врши по избор на корисникот и тоа: по превозно средство или по фактура за стока транспортирана со повеќе превозни средства со неограничен број на влез/излез на превозни средства во текот на денот најдоцна до 24 часот.

Секоја стока со вредност помала од 6.200,00 МКД е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Кичево" и мерење на вага на возило од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник.

По исклучок од став 1 на овој дел домашна стока која со вкупен износ на надоместок за извршен промет, без данок на додадена вредност, е еднаков или помал од 60.000,00 денари, како и во случаи при промет на домашна стока наменета за крајна потрошувачка согласно со Законот за данокот на додадена вредност, е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Кичево" од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник согласно член 41 од Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Стока наменета за испитување, истражување, анализирање или тестирање согласно со член 196 точка 8 од Царинскиот закон е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Кичево" од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник.

VII

За државните органи, фондови, агенции, дирекции, јавни претпријатија, јавни установи, и други институции основани од државата и кои се во државна сопственост а се од посебен интерес за работата на зоната, не се наплаќа закупнина од дел I точки 5, 6 и 8 на овој тарифник.

VIII

Со денот на влегувањето во сила на овој тарифник престанува да важи Тарифникот на основачот на ТИРЗ "Кичево" на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ "Кичево" ("Службен весник на Република Македонија" бр.123/18).

IX

Овој тарифник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр.01-259/23 6 февруари 2020 година Скопје	Претседател на Управен одбор, **Виктор Андонов**, с.р.

896.

Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија" бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во име на Владата на Република Северна Македонија како основач на Технолошката индустриска развојна зона "Делчево", на 6.2.2020 година го донесе следниот

Т А Р И Ф Н И К
НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ "ДЕЛЧЕВО" НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ "ДЕЛЧЕВО"

I

	Опис на услуга	Цена во МКД
1.	Месечен паушал за одржување на инфраструктурата во ТИРЗ "Делчево" - одржување на инфраструктурата во границите на зоната и одржување на јавни површини= 1 мкд/ м²; - одржување на уличното осветлување на јавните површини во зоната= 1 мкд/ м² - 24-часовно физичко обезбедување на зоната= 1 мкд/ м² - 24-часовна контрола при влез и излез во зоната= 1 мкд/ м² - обезбедување на услови за работа на Царинскиот орган= 1 мкд/ м²	5,00 МКД/м² закупен простор
2.	Запис за влез/излез при обавување на увоз, извоз, реекспорт и евиденција за влез и излез на стоки во ТИРЗ согласно Правилникот за задолжителните податоци кои треба да ги содржи евиденцијата и записот од евиденцијата за внесување или изнесување на стоки/добра во или од технолошка индустриска развојна зона и образецот од записот од евиденцијата. Наплатата се врши по број на изготвени Записи за влез/излез во и од ТИРЗ "Делчево".	450,00 МКД по запис
3.	Мерење на вага на возило	450,00 МКД
4.	Закупнина за 1м² затворен магацински простор	200,00 МКД месечно
5.	Закупнина за 1м² отворен магацински простор	60,00 МКД месечно
6.	Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 5м²	6.000,00 МКД месечно
7.	Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 15м²	8.500,00 МКД месечно
8.	Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 30м²	12.500,00МКД месечно
9.	Закупнина за поставување на банкомат	6.000,00 МКД месечно
10.	Долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште за инфраструктурните објекти во рамките на зоната кои ги градат субјектите даватели на јавни услуги кои се надлежни за изградба на електроенергетска, водоводна, канализациона, гасоводна и телекомуникациска инфраструктура	600,00 МКД/ м² месечно

*Износите во табелата се дадени без вклучен ДДВ.

II

Во случај кога за потребите на корисник на технолошко индустриска развојна зона закупец на земјиште кој има склучено договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона ќе гради објект во технолошката индустриска развојна зона, обврските од делот I точка 1 од овој тарифник, паѓаат на товар на закупецот на земјиштето кој ќе го гради објектот за потребите на корисникот.

III

Во случај кога за потребите на корисник на технолошко индустриска развојна зона закупец на земјиште кој има склучено договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона ќе гради објект во технолошката индустриска развојна зона, износите на услугите утврдени во делот I точка 1 од овој тарифник ќе се фактурираат со пресметано ДДВ.

IV

Висината на надоместокот за поставување на инсталации во рамките на опфатот на зоната согласно Законот за градежно земјиште, се утврдува според Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност.

V

Надоместоците за услугите од дел I од овој тарифник се наплатуваат во рок од 15 дена од денот кога корисникот односно закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник ја примил фактурата во архивата на корисникот односно на закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник. Во фактурата ќе се пресметуваат износи согласно исполнувањето на услугите. Доколку некои од услугите од дел I точка 1 од овој тарифник не се обезбедени од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за конкретна парцела на корисникот односно закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник, фактурите ќе бидат намалени за износот на поединечната услуга која не е обезбедена, за што Управниот одбор ќе донесе посебна одлука за намалување односно за нефактурирање за услуги кои не се обезбедени од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Обврската за надоместоците од дел I точки 1 и 2 од овој тарифник, корисникот односно закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник е обврзан да ја плаќа од денот на добивање на Решение за започнување со работа на корисникот од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, односно од денот на склучување на договорот за закуп кога е склучен договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона со закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник.

VI

Изготвувањето на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Делчево" од дел I точка 2 на овој тарифник се врши по избор на корисникот и тоа: по превозно средство или по фактура за стока транспортирана со повеќе превозни средства со неограничен број на влез/излез на превозни средства во текот на денот најдоцна до 24 часот.

Секоја стока со вредност помала од 6.200,00 МКД е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Делчево" и мерење на вага на возило од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник.

По исклучок од став 1 на овој дел домашна стока која со вкупен износ на надоместок за извршен промет, без данок на додадена вредност, е еднаков или помал од 60.000,00 денари, како и во случаи при промет на домашна стока намента за крајна потрошувачка согласно со Законот за данокот на додадена вредност, е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Делчево" од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник согласно член 41 од Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Стока намента за испитување, истражување, анализирање или тестирање согласно со член 196 точка 8 од Царинскиот закон е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ "Делчево" од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник.

VII

За државните органи, фондови, агенции, дирекции, јавни претпријатија, јавни установи, и други институции основани од државата и кои се во државна сопственост а се од посебен интерес за работата на зоната, не се наплаќа закупнина од дел I точки 5, 6 и 8 на овој тарифник.

VIII

Со денот на влегувањето во сила на овој тарифник престанува да важи Тарифникот на основачот на ТИРЗ "Делчево" на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ "Делчево" ("Службен весник на Република Македонија" бр.123/18).

IX

Овој тарифник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр.01-259/24
6 февруари 2020 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
Виктор Андонов, с.р.

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

897.

Врз основа на член 96 став 1 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19), член 20 од Статутот на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по претходно добиено одобрение од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, Решение бр.02-345/1 од 6.02.2020 година, Управниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост Скопје, на состанокот одржан на 14.02.2020 со Одлука УО.бр.02-855/138/2, донесе:

М Р Е Ж Н И П Р А В И Л А
ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА АД ЕСМ - СКОПЈЕ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1 Вовед

Член 1
Предмет на уредување

Со овие Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија (во понатамошниот текст: Мрежни правила) се уредуваат:

1) техничко-технолошките и комерцијалните услови за приклучок на електроенергетски објекти на дистрибутивниот систем врз основа на транспарентни и недискриминаторни принципи,
2) условите и начинот на користење на дистрибутивниот систем од трети страни врз основа на транспарентни и недискриминаторни принципи,
3) техничките и другите услови за сигурно и безбедно функционирање на дистрибутивниот систем и обезбедување на квалитетна услуга,
4) техничко-технолошите услови за работа на објектите за производство на електрична енергија во режим на работа со лиценца за пробна работа,
5) техничко-технолошките услови, начинот за приклучуавње и начинот на користење и пристап на електродистрибутивниот систем од корисниците кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија за сопствена потрошувачка, како и начинот на кој произведената електрична енергија се предава во електродистрибутивната мрежа,
6) планирањето, одржувањето и развојот на дистрибутивниот систем,
7) мерките, активностите и постапките во случај на нарушувања и хаварии,
8) методологијата за определување на надоместокот за приклучување на дистрибутивната мрежа, засновани на транспарентни и недискриминаторни начела,
9) доверливоста на комерцијалните и на деловните податоци на корисниците на услугите на дистрибутивниот систем,
10) функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на електричната енергија и моќност,
11) квалитетот на електрична енергија која се испорачува преку дистрибутивниот систем,
12) квалитетот на услугите што операторот на дистрибутивниот систем ги обезбедува на корисниците,
13) содржината на плановите за развој на дистрибутивниот систем, како и начинот и постапката според која корисниците на системот ги доставуваат неопходните податоци за изготвување на плановите за развој,
14) доставувањето на податоци за долгорочна прогноза на потребите од електрична енергија до операторот на електропреносниот систем,
15) комуникациските протоколи за системот за надзор, управување и контрола и надзорот на контролата на системите за управување со дистрибутивниот систем, и
16) начинот и постапката за известување на корисниците на системот.

Член 2
Основни начела

Мрежните правила се темелат на следните начела:

1) сигурност, безбедност, континуираност и квалитет на испораката на електрична енергија,
2) заштита на јавниот интерес и правата на корисниците на дистрибутивниот систем,
3) ефикасност и економичност во работа на ОДС,
4) објективност, недискримнаторност и транспарентност.

Член 3

Дефиниции и користени кратенки

(1) Дефинициите за одделни изрази, содржани во Законот за енергетика, се применуваат и во овие Мрежни правила.

(2) Одделни изрази употребени во овие Мрежни правила го имаат следново значење:

Дозволен фактор на моќност	Вредност на факторот на моќност над која се дозволува превземање на реактивна енергија без надоместок.
Корисник	Правно или физичко лице кое го користи дистрибутивниот систем заради предавање и/или превземање на електрична енергија
Мерни трансформатори	Трансформатор кој служи за намалување на високи напони или струи на вредност погодна за мерење на мерните уреди.
Мерен ормар	Ормар во кој е сместена мерната опрема со цел да се обезбеди заштита од несоодветни температурни услови, од влага и од прашина, како и од оштетувања, од вибрации и од други влијанија.
Место на испорака на електрична енергија	Место каде се врши предавање или преземање на електрична енергија од корисник на дистрибутивниот систем. Местото на испорака на електрична енергија може да се поклопи со точката на приклучување и со пресметковното мерно место.
Место на приклучок	Точка на приклучување на дистрибутивната мрежа каде тоа е технички и економски најприфатливо.
Одобрена максимална едновремена моќност	Најголема дозволена активна моќност која во определено време можат да ја користат уредите на корисникот и која што Операторот на дистрибутивниот систем му ја обезбедува во секое време и се утврдува во Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа
Осигурувач	Електроенергетски ЕСМент кој при протекување на струја поголема (за одреден фактор) од номиналната струја, го прекинува напојувањето со електрична енергија.
Приклучок	Функционална врска на трансформаторски станици, водови, опрема и уреди задистрибуција на електрична енергија со кои електроенергетските објекти и инсталации на корисникот се поврзуваат на дистрибутивниот систем од местото на приклучување на дистрибутивниот систем каде тоа е технички и економски најприфатливо
Приклучување	Целина од дејствија и постапки кои се состојат од проектирање и изградба на приклучок заради воспоставување на физичка врска помеѓу дистрибутивната мрежа и објектот на корисникот, како и создавање на технички услови во дистрибутивниот систем, со цел да се овозможи испорака на електрична енергија од и во дистрибутивниот систем.
Когенеративна Постројка	Опрема или целина на опреми и уреди, која служи за користење на електричната енергија и/ или производство на електрична енергија и топлинска енергија. Оваа когенеративна, постројка ги опфаќа сите помошни и споредни уреди. Когенеративната постројка опфаќа опреми и уреди, кои се во сопственост на АД ЕСМ.Когенеративната постројка за производство може да се состои од повеќе производни единици.
Паралелна работа на Когенеративната постројка запроизводство на електрична енергија	Погон на когенеративна постројка за производство на електрична и топлинска енергија со дистрибутивната мрежа, каде опремата и производната/ните единица/ци на електроцентралата работат во нормални услови и не предизвикуваат нарушување на погонот на дистрибутивниот систем.
Техничките карактеристики на уредите	Напон, струја и сите номинални параметри кои особено вклучуваат номинална активна и реактивна моќност, фактор на моќност, максимална едновремена активна и реактивна моќност и фактор на едновременост за група на уреди во објект/ти на корисниците и друго
Техничка контрола на мерното место	Целина од дејствија и постапки заради утврдување на исправноста и поврзувањето на мерните уреди и опрема.

Виша сила	- природни непогоди од поголем обем и интензитет, како што се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, суши, вулкански ерупции, оркански ветришта, снежни наноси, поројни дождови, удар на гром, пожари, епидемии и слични природни настани, при што влијанието на природните непогоди врз предизвикувањето на настанот на виша сила се оценува во согласност со техничките спецификации на опремата, постројките, уредите и инсталациите кои што ги користи операторот, како и стандардите за проектирање и изведување на објектите на операторот, - оштетувања, разурнувања или блокирање на друга енергетска, телекомуникациска или сообраќајна инфраструктура кои не се во сопственост на Операторот, - војна или воена состојба, вонредна состојба прогласена во согласност со закон, сеопфатна воена мобилизација, инвазија, вооружен судир, блокада или сериозна закана од ваквите состојби, - граѓанска војна, бунт, востание, револуција, воен или државен удар, терористички дејствија, саботажи, граѓански немири, масовни насилства, - дејствија на државни органи преземени во согласност со закон или дејствија преземени поради крајна нужда, а коишто не се предизвикани од дејствија коишто ги презел или не ги презел Операторот, - прекини на работа, штрајкови, бојкот или окупација на постројките од страна на вработените, и - прогласување на енергетска кризна состојба во согласност со Законот заенергетика.

(3) Одделни кратенки употребени во овие Мрежни правила го имаат следново значење:

БСП – 1	Барање за согласност за приклучување на потрошувач на дистрибутивниот систем
БСП – 2	Барање за согласност за приклучување на производител на дистрибутивниот систем
БСН	Барање за ставање под напон
ОДС	Оператор на дистрибутивниот систем за електрична енергија (АД ЕСМ – Подружница Енергетика)
ОЕПС	Оператор на електропреносниот систем
ОПЕЕ	Оператор на пазарот на електрична енергија
РКЕ	Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија
Снабдувач	Снабдувач со електрична енергија, Снабдувач во краен случај со електрична енергија, Универзален снабдувач со електрична енергија,
ТС	Трансформаторска станица

1.2 НАДЛЕЖНОСТИ И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 4

Оператор на дистрибутивниот систем за електрична енергија

ОДС е должен да обезбеди:

1) сигурно и доверливо функционирање на дистрибутивниот систем во согласност со Законот за енергетика, овие Мрежни правила и други прописи;
2) управување со дистрибутивниот систем на АД ЕСМ - Подружница Енергетика, Индустриска зона Железара, на недискриминаторна и транспарентна основа;
3) сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија преку дистрибутивниот систем преку којшто управува, на недискриминаторна и транспарентна основа;
4) приклучување на корисник на дистрибутивната мрежа, како и пристап на трети страни за користење на дистрибутивниот систем, во согласност со Законот за енергетика и овие Мрежни правила, а врз основа на објективни, транспарентни и недискриминаторни начела,

5) развој, обновување и одржување на дистрибутивниот систем, во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила и да обезбеди долгорочна способност на системот за да се задоволат разумните барања за дистрибуција на електрична енергија,
6) донесување на план за одржување на мрежата во согласност со овие Мрежни правила, кој се објавува на веб страницата на ОДС,
7) усогласување на манипулациите во дистрибутивниот систем со ОЕПС;
8) електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа и системските услуги по пазарни услови на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин, според правилата за набавка на електрична енергија,
9) мерење на електричната енергија што се превзема од производителите и од електропреносниот систем и електричната енергија испорачана на потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем и доставување на податоците од мерењата до производителите или снабдувачите или трговците, како и до ОПЕЕ;
10) пристап на корисниците до мерните уреди што се во сопственост на ОДС, во согласност со Законот за енергетика и овие Мрежни правила,
11) изготвување на извештаи за финансискиот и физичкиот обем на планираните и реализирани услуги и нивно доставување до РКЕ, на начин, услови и во рокови определени со лиценцата,
12) водење на диспечерска книга, записи за доверливост на системите за комуникација, податоци од системот за надзор и управување, мерни податоци и таквите книги, записи и податоци да ги чува најмалку десет години,
13) доверливост на комерцијалните и деловните податоци за корисниците на дистрибутивниот систем и
14) да врши останати активности кои произлегуваат од Законот за енергетика, од овие Мрежни правила и од други прописи.

Член 5

Корисник и барател на приклучок

Корисникот на дистрибутивниот систем или Барателот на приклучок е должен:

1) да ги користи и/или управува своите енергетски објекти, уреди или инсталации во согласност со Законот за енергетика, другите прописи и овие Мрежни правила и да не ги загрозува животот и здравјето на луѓето и имотот,
2) да ги отстрани во определениот рок недостатоците на неговите енергетски објекти, уреди или инсталации што го утврдил ОДС или Државниот инспекторат за техничка инспекција,
3) да не врши приклучување на својот објект, уред или инсталација, односно преку своите објекти, уреди или инсталации да не овозможува приклучување на друг корисник без согласност на ОДС;
4) да овозможи правилно евидентирање на потрошената електрична енергија и истата да не ја користи без мерни уреди или со мерни уреди кои што не се вградени од ОДС,
5) да не врши манипулација со мерните уреди,
6) да не ја попречува испораката на енергијата на други корисници,
7) да го плати надоместокот за користење на дистрибутивниот систем, во пропишан рок;
8) да доставува годишни извештаи до ОДС за опремата, постројките, плановите за одржување и за планираната расположливост, во согласност со овие Мрежни правила
9) да направи работно и заштитно заземјување за својот објект согласност со важечките технички прописи и норми, при што мора да ги прифати условите кои произлегуваат од начинот на заземјување на неутралната точка на дистрибутивната мрежа на која се приклучува;
10) да ја координира својата заштита од дефекти со соодветната заштита во дистрибутивната мрежа, така да дефектите на опремата во неговиот објект/ти, постројка/и и постројка/ки за производство на електрична енергија не предизвикаат пореметување во дистрибутивната мрежа или кај другите корисници. Тоа посебно се однесува на:
   - времето на исклучување на дефектот, кое мора да биде во границите кои ги одредува ОДС,
   -осигурување на селективно делување на заштитните уреди во објект/ти, постројка/и и постројка/ки за производство не електрична енергија на корисникот.

1.3 ПОДАТОЦИ ЗА ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ

Член 6
Технички податоци

(1) ОДС воспоставува, одржува и ажурира база на технички податоци за дистрибутивниот систем и за корисниците на дистрибутивниот систем кои особено содржат податоци за:

1) напонот;
2) фреквенцијата,
3) оптоварувањето;
4) вклопна состојба на мрежата,
5) тековите на моќност и на енергија,
6) струите на куси врски и
7) настаните во дистрибутивниот систем.

(2) ОДС ќе ги определи условите и начинот на користење на техничките податоци од базата на податоци, од ставот (1) на овој член.

Член 7
Доверливост на податоци и информации

(1) ОДС е должен да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации коишто ги добиваат од корисниците при вршењето на дејноста во согласност со закон.

(2) Обврската за обезбедување на доверливост на информациите од ставот (1) на овој член не се однесува на:

1) информации кои што се достапни до јавноста,
2) информации за кои постои писмена согласност од лицето за кое се однесуваат информациите,
3) информации коишто носителот на лиценцата треба да ги обезбеди согласно со обврските утврдени во лиценцата, одлука на надлежен суд или на барање на државен орган и
4) информации кои што се неопходни за извршувањето на обврските утврдени во лиценцата.

(3) ОДС не смее да ги злоупотребува деловните тајни и информации кои што се добиени при вршење на дејноста заради стекнување на деловна корист, како и заради преземање на дискриминаторски дејствија во корист на трети лица.

2. ПЛАНИРАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ

Член 8
Цел на планирањето и развојот на дистрибутивниот систем

(1) Целта на планирањето и развојот на дистрибутивниот систем е обезбедување сигурна, доверлива и квалитетна испорака и превземање на електрична енергија.

(2) Планирањето и развојот на дистрибутивниот систем е во надлежност на ОДС и треба да биде во согласност со закон, подзаконските прописи и планските документи донесени врз основа на закон.

(3) Планирањето и развојот на дистрибутивниот систем треба да се базира на евидентирани дефекти, фреквенција на дефекти, поплаки за слабиот квалитет на електрична енергија како и редовни мерења и контроли на дистрибутивниот систем

Член 9
Основи за планирање на развојот на дистрибутивниот систем

Развојот на дистрибутивниот систем се планира врз основа на:

1) Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија,
2) просторните и урбанистичките планови за Индустриска зона Железара општина Гази Баба;
3) очекуван пораст на потрошувачката на електрична енергија;

4) анализа на погонските состојби на дистрибутивниот систем изведена врз основа на погонските мерења и настани при режимот на работа на дистрибутивниот систем и
5) податоци и предвидувања за новите приклучоци на дистрибутивниот систем.

2.1 ВИДОВИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ

Член 10
Планови за развој на дистрибутивниот систем

ОДС е должен да донесе:

1) Долгорочен план за развој на дистрибутивниот систем;
2) План за развој на дистрибутивниот систем, за период од пет години;

Член 11
План за развој на дистрибутивниот систем

(1) Планот за развој на дистрибутивниот систем за период од 5 години од членот 10 од овие Мрежни правила особено содржи:

1) опис на постојната состојба на дистрибутивниот систем;
2) идни процени за капацитетот и функционалноста на дистрибутивниот систем;
3) потреби за модернизација, за надградба и за обновување на објектите;
4) локации каде се планира да се развива или да се надгради дистрибутивниот систем со технички опис и карактеристики на предвидените работи, и
5) потребни финансиски средства и финансиски извори за реализација на планот.

(2) ОДС е должен секоја година да ги доставува до РКЕ планот од ставот (1) на овој член најдоцна до 31 октомври, на одобрување.

(3) По одобрување на планот од ставот (2) на овој член од страна на РКЕ ОДС е должен истиот да го објави на својата веб страница.

2.2 КРИТЕРИУМИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ

Член 12
Критериуми за планирање

(1) Дистрибутивниот систем, по правило, се изведува радијално, без земање предвид на критериумот (n-1), освен во случај кога тоа е потребно поради барање на потрошувачот, за зголемена доверливост на испораката, подобра од стандардната, како и за изведба на објекти од висок напон. Трошоците за обезбедување на зголемена доверливост при испораката на електрична енергија се на товар на потрошувачот.

(2) Заради задоволување на техничките барања за сигурна и квалитетна испорака на електрична енергија на потрошувачите, потребно е да се задоволат и да се почитуваат следните критериуми:

1) да нема нарушување на граничните вредности на напонот, струја и моќноста на куса врска на дистрибутивниот систем, и
2) да нема недозволено преоптоварување на дистрибутивниот систем кое ќе предизивика оштетување, уништување или до недозволено намалување на животниот век.

Член 13
Регулација на напон и реактивна моќност

(1) При планирањето на дистрибутивниот систем треба да се земе предвид потребата за регулација на напон и реактивна моќност.

(2) ОДС оптимално ги планира изворите на реактивна електрична енергија во дистрибутивниот систем, со приоритет тие да се инсталираат кај потрошувачите на дистрибутивниот систем кои трошат реактивна електрична енергија.

(3) Преземањето на реактивна електрична енергија од преносниот систем од страна на ОДС треба да биде сведено на фактор на моќност $\cos\varphi=0,95$.

Член 14

При планирањето на дистрибутивниот систем, заради спречување на оштетување или загрозување на дистрибутивниот систем во случај на појава на грешка, потребно е конструктивните гранични вредности на уредите за заштита од моќност на куса врска да бидат димензионирани според моќноста на куса врска, со цел истите ефикасно и селективно да го исклучат делот од дистрибутивниот систем зафатен со грешката, при што:

1) максималната вредност на моќноста на куса врска на секој јазол, која е резултат на грешка во дистрибутивниот систем, не треба да ја надмине вредноста на расклопната моќност на инсталираните расклопни уреди, и
2) минималната вредност на моќноста на куса врска на секој јазол треба да достигне задоволително ниво кое овозможува отстранување на грешката со помош на инсталираните заштитни уреди.

Член 15

Заземјување на дистрибутивната мрежа

(1) Начинот на заземјување на дистрибутивната мрежа го утврдува ОДС. Начинот на заземјување на нисконапонската дистрибутивната мрежа го утврдува ОДС, во согласност со Правилникот за заштита на нисконапонски мрежи и припаѓачките трансформаторски станици.
(2) ОДС е должен, по барање на корисникот, да му достави податоци за начинот на заземјување на неутралната точка во системот, како и за очекуваната состојба во иднина.
(3) При проектирањето на заземјувањето треба да се почитуваат важечките технички стандарди и прописи и при тоа да се земат предвид максимално дозволените вредности на напонот на допир и напонот на чекор.

3. ПРИСТАП НА ТРЕТА СТРАНА НА ДИСТРИБУТИВЕН СИСТЕМ

Член 16

(1) ОДС е должен врз основа на објавени тарифи, да овозможи пристап до дистрибутивниот систем на објективен и транспарентен начин со кој се оневозможува дискриминација на корисниците на системот.
(2) ОДС ќе обезбеди приоритет за пристап на дистрибутивниот систем и приоритет при диспечирање на електричната енергија, за производителите на електрична енергија од обновливи извори на енергија, водејќи сметка за ограничувањата кои произлегуваат од оперативните можности на дистрибутивниот систем.
(3) ОДС може да превземе мерки со кои значително се ограничува приоритетот на пристапот и/или приоритетот при диспечирање, на производителите на електрична енергија од обновливи извори на енергија заради обезбедување на сигурноста во снабдувањето или безбедноста на дистрибутивниот систем.
(4) ОДС за превземените мерки од ставот (3) ја известува РКЕ а со известувањето доставува информација за оперативно пазарно ориентирани мерки што ќе ги превземе заради отстранување или намалување на ограничувањата со временска динамика.

Член 17

(1) ОДС е должен, во согласност со овие Мрежни правила и Правилата за снабдување со електрична енергија, на постојните и новите корисници да им овозможи пристап на дистрибутивниот систем:

1) на објективен, транспарентен и недискриминаторен начин,
2) заснован на начелото на регулиран пристап на трета страна, и
3) со примена на цени и тарифи претходно одобрени од страна на РКЕ.

(2) ОДС може да одбие пристап на дистрибутивниот систем само во случаи кога:

1) нема потребен дистрибутивен капацитет,
2) обезбедувањето на пристап на одреден корисник може да го загрози снабдувањето со електрична енергија на останатите корисници коишто се веќе приклучени на дистрибутивниот систем, и обезбедувањето на пристап на дистрибутивниот систем би го спречило ОДС да ја извршува својата обврска за јавна услуга.

(3) Во случај кога ОДС одбива пристап за случаите од ставот (2) на овој член, донесува Решение во кое детално и недвосмислено ги наведува причините за одбивање што мора да бидат засновани на техничко и економско оправдани критериуми.

(4) Корисниците на кои им е одбиен пристап на дистрибутивниот систем или се незадоволни од условите за пристапот на системот можат да поднесат приговор до РКЕ.

4. ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА

Член 18

(1) ОДС е должен да соработува со надлежните органи од областа на градењето, планирањето и уредувањето на просторот во постапката за изготвување и носење на урбанистички планови со кои се планира комуналната инфраструктура и постапката за издавање на одобренија за градење.
(2) По барање од општина Гази Баба за Индустриска зона Железара ОДС доставува податоци за постоечката инфраструктура за конкретна градежна парцела за која се побарани податоци, во форма и обем кои му се на располагање на ОДС.
(3) По барање од надлежниот орган за издавање на одобрение за градење, ОДС во рок определен согласно Законот за градење, треба да изврши увид во основниот проект и да достави мислење дали објектот за кој е доставено барањето за одобрение за градење може да се приклучи на дистрибутивната мрежа.

Член 19

Објекти кои не се изградени во согласност со закон ОДС не смее да приклучува на дистрибутивната мрежа објекти на корисниците за кои не е издадено одобрение за градење или за кои не е издадено решение за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект во согласност со закон.

Член 20

Приклучувањето на дистрибутивната мрежа се одвива преку спроведување на следните три постапки:

1) барање за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа,
2) склучување на Договор за приклучување на дистрибутивната мрежа помеѓу корисникот на дистрибутивната мрежа и ОДС и
3) ставање под напон на приклучокот.

4.1 СОГЛАСНОСТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА

Член 21

Општи услови за приклучок на објект на корисник на дистрибутивната мрежа

(1) Објектите на корисниците на дистрибутивната мрежа се приклучуваат на дистрибутивната мрежа преку приклучок, во постапка утврдена со овие Мрежни правила.
(2) Објектите на корисниците можат да се приклучат на дистрибутивната мрежа само по претходно издадено Решение за согласност за приклучување на дистрибутивна мрежа од страна ОДС и склучен Договор за приклучување на дистрибутивната мрежа помеѓу корисникот на дистрибутивната мрежа и ОДС.
(3) ОДС е должен да го утврди местото на приклучок на објектот/објектите на корисникот на дистрибутивната мрежа.
(4) Местото на приклучок на објектот/објектите на корисникот на дистрибутивната мрежа по правило е местото на испорака на електричната енергија.

Член 22

(1) Лицата кои бараат приклучување на дистрибутивната мрежа или корисниците на дистрибутивната мрежа се должни да обезбедат Решение за согласност за приклучување на дистрибутивна мрежа и Договор за приклучување на дистрибутивната мрежа од ОДС при:
   1) изградба на нов објект кој се приклучува на дистрибутивната мрежа,
   2) поставување на генераторски единици од обновливи извори на електрична енергија за сопствени потреби или за продажба,
   3) зголемување на одобрената максимална едновремена моќност на корисникот на дистрибутивната мрежа,
   4) промена или реконструкција на приклучокот по барање на корисникот на дистрибутивната мрежа,
   5) обединување на две или повеќе пресметковни мерни места во едно пресметковно мерно место,

6) поделба на пресметковно мерно место; и
7) во случаевите наведени во членот 26 од овие Мрежни правила.

(2) Во случај на промена на сопственоста на објектот за кој е издадено Решение за согласност за приклучување, на новиот сопственик на објектот не му се издава ново Решение за согласност за приклучување, но се прави промена на корисник.

Член 23

Барање за согласност за приклучување на дистрибутивна мрежа

(1) Барањето за согласност за приклучување на потрошувач на дистрибутивната мрежа се поднесува во писмена форма до ОДС, на образец БСП – 1.
(2) Документите наведени во прилог на барањето се доставуваат во еден примерок, додека образецот БСП -1 се доставува во два примероци, од кои едниот примерок заверен со печат од ОДС останува кај барателот.
(3) Барањето за согласност за приклучување на дистрибуиран производител на електроенергетската дистрибутивна мрежа, се поднесува во писмена форма до ОДС, на образец БСП – 2.
(4) Документите наведени во прилог на барањето се доставуваат во еден примерок, додека образецот БСП -2 се доставува во два примероци, од кои едниот примерок заверен со печат од ОДС останува кај барателот.
(5) Образецот БСП – 1 од ставот (1) од овој член особено содржи:
1) Општи податоци за корисникот
2) Број на предвидени мерни места
3) Барана едновремена максимална моќност
4) Потребни останати документи кои треба корисникот да ги достави во прилог на образецот
(6) Образецот БСП – 2 од ставот (3) од овој член особено содржи
1) Општи податоци за корисникот
2) Вид на електроцентрала
3) Технички карактеристики на електроцентралата
4) Барана едновремена максимална моќност
5) Начин на управување
6) Дополнителни податоци доколку корисникот смета дека е потребно
7) Потребни останати документи кои треба корисникот да ги достави во прилог на образецот

Член 24

Решение за согласност за приклучување на корисник на дистрибутивната мрежа

(1) ОДС е должен да го разгледа Барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа поднесено од барателот и доколку се исполнети условите согласно овие Мрежни правила ОДС ќе донесе Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа.
(2) ОДС е должен Решението од ставот (1) на овој член да го донесе во рок од:
1) 15 дена од денот на доставување на барањето за согласност за приклучување преку стандарден приклучок;
2) 40 дена од денот на доставување на барање за согласност за приклучување преку нестандарден приклучок; и
3) 40 дена од денот на доставување на барање за согласност за приклучување на производители на дистрибутивната мрежа.
(3) Во диспозитивот на Решението од ставот (1) на овој член, особено се утврдуваат:
1) видот на приклучокот (стандарден, нестандарден, изолиран) и техничките услови за приклучување;
2) надоместокот за приклучување што треба да го плати корисникот;
3) рокот за приклучување; и
4) обврските на ОДС и корисникот во врска со приклучувањето.

(4) Во прилог на Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа, ОДС е должен да приложи и детална пресметка за надоместокот за приклучување на корисникот на дистрибутивната

(5) Деталната пресметка за надоместокот за приклучување на корисникот од ставот (3) на овој член треба да опфати одделна пресметка за надоместокот за изградба на приклучокот и надоместокот на трошоци за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем, согласно Методологијата од Прилог 1 на овие Мрежни правила.

(6) Доколку ОДС не издаде Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во рокот утврден со овие Мрежни правила, или издаденото решение за согласност не е во согласност со одредбите од овие Мрежни правила, барателот може да поднесе приговор до РКЕ, директно до РКЕ или преку ОДС.

(7) Доколку приговорот се поднесува преку ОДС, истиот е должен во прилог на приговорот да ги достави сите документи и дописи по предметот, како и одговор на приговорот на барателот, до РКЕ.

Член 25

Рок на важење на Решението за согласност за приклучување

Решението за согласност за приклучување на дистрибутивна мрежа ќе престане да важи доколку:

1) изградбата на приклучокот не е започната во рокот определен во одобрението за градење на приклучокот;
2) ОДС издаде ново Решение за согласност за приклучување на дистрибутивна мрежа по барање на корисникот, врз основа на членот 24 од овие Мрежни правила.
3) Потрошувачот не склучи Договор за приклучување во рок од една година од денот на издавање на Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа.

Член 26

Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на други категории корисници

(1) Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на корисник на времен објект, односно урбана опрема, станици за полнење на електрични возила се издава по барање на корисникот и важи согласно рокот за поставување и отстранување на времениот објект, определен во Одобрението за поставување на времен објект, односно Одобрението за поставување на урбана опрема, издадено согласно Законот за градење.

(2) Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на градби за кои не е потребно одобрение за градење согласно Законот за градење се издава по барање на корисникот со приложување на Решение за изведување на градбата односно поставување на опремата, издадено согласно Законот за градење.

(3))Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на корисник за изведување на подготвителни работи на градилиште, се издава по барање на корисникот, а во согласност со Одобрението за подготвителни работи, издадено согласно Законот за градење.

(4) Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на корисник за градилиште, се издава по барање на корисникот, а во согласност со Одобрението за градење, издадено согласно Законот за градење.

(5) Доколку барателот на приклучок е закупец, ОДС ќе издаде Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа за закупецот, по претходна согласност на сопственикот на објектот, а во согласност со рокот утврден во договорот за закуп.

(6) Доколку барателот на приклучок е концесионер, согласно Закон за минерални суровини, ОДС ќе издаде Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа за концесионерот, во согласност со договорот за концесија, а рокот на важење на решението за согласност за приклучување ќе биде во согласност со рокот на траење на концесискиот договор.

(7) ОДС има право да ги исклучи корисниците од овој член во случај кога приклучокот не се користи за намената наведена во Решението за согласност за приклучување на дистибутивната мрежа или ако истече рокот на важење на Решението за согласност за приклучување на дистибутивната мрежа.

Член 27
Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа при одвојување на инсталации

(1) Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на постоечки корисник при одвојување на инсталации се издава само во случај ако одобрената максимална едновремена моќност утврдена во согласност со членот 31 од овие Мрежни правила е еднаква на или поголема од 24 kW, при што вкупната одобрената максимална едновремена моќност не се менува.
(2) Надоместокот кој што корисникот е должен да го плати при одвојување на инсталацијата се утврдува според реални трошоци за одвојување на инсталацијата.

Член 28
Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на корисници кои бараат спојување на инсталации

(1) При издавање на Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на постоечки корисник при спојување на инсталации, вкупната одобрената максимална едновремена моќност на објектот не се менува.
(2) Во случај ако при спојување на инсталациите доаѓа до промена на категоријата на приклучок согласно Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија, Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на постоечки корисник при спојување на инсталации се издава само ако објектот на корисникот е приклучен на дистрибутивната мрежа подолго од три години.
(3) Надоместокот кој што корисникот е должен да го плати при спојување на инсталацијата се утврдува според реални трошоци за спојување на инсталацијата.

Член 29
Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на корисници кои бараат зголемување на одобрената максимална моќност

(1) Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на корисници кои бараат зголемување на одобрената максимална моќност се издава на корисник кој е приклучен на дистрибутивната мрежа.
(2) Надоместокот кој што корисникот е должен да го плати се утврдува на следниот начин:
   1) за стандардни приклучоци кои со зголемување на моќноста ќе останат стандардни до 100 kW, надоместокот се утврдува согласно Глава 2 од Прилог 1 на овие Мрежни правила, само за делот за зголемената максимална едновремена моќност. Доколку при зголемување на моќност мерењето треба да се смени од директно во полуиндиректно, надоместокот се зголемува за реалните трошоци за реализација на мерната опрема;
   2) за стандардни приклучоци до 100 kW кои со зголемувањето на моќноста ќе поминат во стандардни над 100 kW, надоместокот за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем се пресметува само за делот за зголемената максимална едновремена моќност по цена за над 100 kW. Доколку при зголемување на моќност мерењето треба да се смени од директно во полуиндиректно, надоместокот се зголемува за реалните трошоци за реализација на мерната опрема;
   3) за стандардни приклучоци со одобрена максимална едновремена моќност од 100 kW до 400 kW, надоместокот се утврдува согласно Глава 2 од Прилог 1 на овие Мрежни правила, само за делот за зголемената максимална едновремена моќност;
   4) за стандардни приклучоци кои со зголемувањето на моќноста ќе поминат во нестандардни, надоместокот се утврдува според реалните трошоци кои се неопходни за реконструкција на приклучокот, додека надоместокот за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем се пресметува само за делот за зголемената максимална едновремена моќност;
   5) за нестандардни приклучоци, надоместокот се утврдува според реалните трошоци кои се неопходни за реконструкција на приклучокот, додека надоместокот за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем се пресметува само за делот за зголемената максимална едновремена моќност.

Член 30
Одбивање на барање за согласност за приклучување на дистрибутивна мрежа

(1) ОДС ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога:

   1) во прилог на БСП 1, односно БСП 2, не е доставена комплетна документација, согласно членот 23 од овие Мрежни правила;

2) не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот;
3) приклучувањето на корисникот на дистрибутивната мрежа, според податоците содржани во барањето на корисникот, може да предизвика загрозување на сигурноста во снабдувањето на останатите корисници;
4) се нарушени безбедносните растојанија од објектот на корисникот до електроенергетски објекти, пропишани со закон и соодветни подзаконски акти;
5) корисникот има неплатени обврски кон ОДС и/или снабдувачот.

(2) ОДС е должен да создаде технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа во најкраток можен рок и да го извести барателот.

(3))Решението за одбивање на барање од ставот (1) на овој член треба да содржи образложение во кое ќе бидат наведени конкретните причини за одбивање на барањето.

(4) Против Решението за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа, Барателот може да поднесе приговор до РКЕ, преку ОДС.

(5) ОДС е должен во прилог на приговорот на барателот да достави истовремено и одговор по наводите од приговорот до РКЕ.

4.2 НАЧИН НА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА

Член 31
Одобрена максимална едновремена моќност

(1) Одобрена максимална едновремена моќност е најголемата дозволена активна моќност која може да ја користи објектот на корисникот во определено време во согласност со основниот проект, која се утврдува во Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа.

(2) За секое пресметковно мерно место со максимална едновремена моќност помала или еднаква на 100 kW, во Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа се одобрува максимална едновремена моќност во согласност со номиналната струја на предвидените главни осигурувачи во електричниот дел од основниот проект за објектот. Стандардизирани вредности на осигурувачите се:

1) за трифазен приклучок:

Номинална струја на осигурувачи (A)	Моќност (kW)
16	11,0
25	17,3
36	24,8
40	27,6
50	34,5
63	43,5
80	55,4
100	69,3
125	86,6
160	100

(3) За побарана максимална едновремена моќност поголема од 100 kW, во Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа истата се одобрува согласно барањето.

(4) Кај објекти со повеќе мерни места одобрената максимална едновремена моќност и надоместокот за приклучување се утврдува за секое мерно место одделно, согласно ставот (2) од овој член.

(5) Кај објекти кои се веќе приклучени на дистрибутивната мрежа за кои ОДС и корисникот не поседуваат соодветен документ со кој е одобрена максимална едновремена моќност, одобрената максимална едновремена моќност на објектот се утврдува на следниот начин:

1) за објектите кај кои ОДС има инсталирано броила кои регистрираат врвна моќност, како измерена максимална моќност во последните 12 месеци;
2) за објектите кај кои ОДС нема инсталирано броила кои регистрираат врвна моќност, според најмалото дозволено струјно оптоварување на техничките ЕСМенти преку кои објектот е приклучен на дистрибутивната мрежа (трансформатор, кабел, осигурувач, прекинувач, струен мерен трансформатор, броило итн.)

Член 32

Пречекорување на одобрена максимална едновремена моќност

(1) Доколку ОДС утврдил дека корисникот на дистрибутивниот систем ангажира поголема моќност од одобрената максимална едновремена моќност, утврдена со Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа, ОДС е должен да го извести корисникот дека ангажира поголема моќност од одобрената максимална едновремена моќност и да му достави доказ за истото.

(2) По известувањето од ставот (1) на овој член корисникот е должен:

1) во рок од 8 дена да ја сведе ангажираната максимална едновремена моќност согласно одобрената максимална едновремена моќност на објектот со издаденото Решение за согласност за приклучување, или
2) во рок од 15 дена да поднесе ново барање за согласност за приклучување, со барана максимална едновремена моќност еднаква на ангажираната.

(3) Доколку корисникот не постапи согласно ставот (2) на овој член, ОДС има право да го исклучи корисникот од дистрибутивната мрежа.

Член 33

Точка на приклучување на корисникот на дистрибутивна мрежа

(1) ОДС ја утврдува точката на приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа.

(2) Согласно одобрената едновремена максимална моќност на корисникот, се одредува точка на приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа и истото се врши согласно следнава табела:

Одобрена едновремена максимална мокност P (kW)	Точка на приклучување на корисникот на дистрибутивна мрежа
P ≤ 100	на извод на 0,4 kV мрежа
100 < P ≤ 400	0,4 kV страна на ТС 6/0,4 kV
400 < P ≤ 5000	на извод на 6 kV мрежа
P > 5000	6 (35) kV страна на ТС 110/35/6) kV

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, приклучувањето може да се изведе на повисоко мрежно ниво на приклучување, доколку:

1) техничките услови во дистрибутивната мрежа на местото на приклучување не одговараат на параметрите на опремата во објект/ти, постројка/и и постројка/ки за производство на електрична енергија на корисникот, така да истата не може да работи нормално; и/или
2) постои поекономично решение за приклучувањето.

Член 34

Стандардни и нестандардни приклучоци

(1) Објектите на корисниците на дистрибутивната мрежа се приклучуваат преку приклучок на дистрибутивната мрежа, кој може да биде стандарден или нестандарден приклучок.

(2) Стандарден приклучок е приклучок на низок или среден напон при што објектот кој се приклучува се наоѓа на подрачје кое е опфатено со детален урбанистички план (ДУП) и е исполнет еден од условите:

1) Одобрената максималната едновремена моќност на приклучокот е помала или еднаква на 400 kW;
2) Сите се колективни деловни објекти, без оглед на одобрената максималната едновремена моќност на приклучокот;

(3) По исклучок на ставот (2), стандардни приклучоци на нисконапонска мрежа се и приклучоци за објекти чија што максимална едновремена моќност е помала или еднаква на 11 kW и не се опфатени со локална урбанистичко-планска документација (ЛУПД), а во подрачјето каде се наоѓа објектот за кој се бара приклучок има и други постоечки корисници и/или потенцијални баратели на приклучок.

(4) Сите останати приклучоци кои не ги исполнуваат условите од ставот (2), ставот (3) и ставот (4) на овој член се нестандардни приклучоци.

(5) Доколку за објектот кој се приклучува на електродистрибутивната мрежа се предвидени повеќе мерни места кои ќе бидат наменети за еден ист корисник, истиот не се смета за колективен објект во смисол на овој член.

Член 35

Експресен стандарден приклучок

Експресен стандарден приклучок е стандарден приклучок од членот 34 од овие Мрежни правила кој ги исполнува следните услови:

1) за изведба на приклучокот не е потребно изградба на нов или реконструкција на постоечки среднонапонски извод или трансформаторска станица СН/НН,
2) земјиштето каде што се поставуваат нисконапонски кабли и мерно разводни ормари е сопственост на државата.

Член 36

Надворешен приклучок

(1) Надворешен приклучок е дел од приклучокот кој опфаќа водови, опрема и уреди од дистрибутивната мрежа до местото на испорака на електричната енергија кое е дефинирано со Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа.

(2) Мерните уреди се поставуваат на место на испорака. Мерната опрема е дел од надворешниот приклучок.

(3) По исклучок од ставот (2) од овој член, поради технички причини, местото на испорака може да биде на среден напон, а местото на мерење на низок напон. Во овој случај мерната опрема е дел од внатрешниот приклучок. (4) Во случај кога местото на мерење и местото на испорака не се совпаѓаат, надворешниот приклучок ги опфаќа сите водови, опрема и уреди до точката на разграничување на сопственоста помеѓу ОДС и корисникот, при што мерните уреди се во сопственост на ОДС.

(5) Во случај кога за приклучок на објект е потребна изведба на ТС:

1) ТС е составен дел на надворешниот приклучок ако точката на испорака и местото на мерење се на низок напон,
2) ТС не е составен дел на надворешниот приклучок ако точката на испорака и местото на мерење се на среден напон.

(6) Ако за приклучок на деловен објект каде има повеќе корисници и е потребна изведба на ТС, тогаш ТС е составен дел на надворешниот приклучок.

(7) Ако барателот учествувал во набавката на дел од мерната опрема, должен е таа мерна опрема да ја предаде во сопственост на ОДС.

Член 37

Изведба на стандарден надворешен приклучок

(1) Проектирањето, изведбата, надзорот и ставањето под напон на стандарден надворешен приклучок се врши во согласност со Законот за градење и овие Мрежни правила.

(2) Стандардниот надворешен приклучок ќе го проектира и изведува ОДС или правно лице со добиена лиценца за проектирање и изведба согласно Законот за градење.

Член 38

Изведба на нестандарден надворешен приклучок

(1) Проектирањето, изведбата, надзорот и ставањето под напон на нестандарден надворешен приклучок се врши во согласност со Законот за градење и овие Мрежни правила.

(2) Нестандардниот надворешен приклучок го проектира и изведува ОДС или правно лице со добиена лиценца за проектирање и изведба согласно законот за градење.

Член 39

Изведба на надворешен приклучок кој е наменет за еден корисник (изолиран корисник)

(1) Кога на еден корисник му е издадено Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа преку надворешен приклучок и при тоа надворешниот приклучок ќе се користи исклучиво за превземање/предавање на електрична енергија за потребите на тој корисник (изолиран корисник), истиот има право да го избере приклучокот да го проектира и изведува:

1) ОДС, со средства на корисникот, или

2) правно лице со добиена лиценца за проектирање и изведба согласно законот за градење, со средства на корисникот.

(2) Кога надворешниот приклучок, од ставот (1) од овој член, се проектира и се изведува од правно лице со добиена лиценца за проектирање и изведба согласно законот за градење потребно е:

1) Изведувачот да го изведе приклучокот согласно одобрението за градење и основниот проект;
2) Во основниот проект треба да бидат наведени опремата, уредите и материјалите кои ќе се вградат, како и начинот на изведба на надворешниот приклучок, содржани во листата од членот 40 став (1) на овие Мрежни правила;
3) Доколку трансформаторска станица е дел од надворешниот приклучок, проектот за трансформаторската станица се изработува согласно условите наведени во издаденото Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа;
4) Изведувачот е должен да го извести ОДС за завршувањето на секоја фаза од изведувањето според основниот проект и да го повика ОДС да изврши увид во извршената работа, со цел ОДС да утврди дали изведената фаза е извршена во согласност со основниот проект;
5) За извршениот увид ОДС изготвува записник кој го потпишува и изведувачот. Доколку се утврдат недостатоци истите се наведуваат во записникот;
6) Изведувачот е должен да ги отстрани недостатоците утврдени во записникот и да го повика ОДС со записник да утврди дека недостатоците се отстранети;

(3) Изведувачот не може да отпочне со наредната фаза од изведувањето ако ОДС со записник не утврдил дека се отстранети недостатоците утврдени во претходниот записник.

Член 40

Листа на типизирана опрема, уреди и материјали

(1) При проектирањето и изведувањето на надворешниот приклучок треба да се применат пропишаните технички нормативи и стандарди во однос на опремата, уредите, материјалите кои се вградуваат во надворешниот приклучок, како и начинот на изведба на надворешниот приклучок.

(2) ОДС е должен да состави листа на типизирана опрема, уреди и материјали од ставот (1) на овој член и да ги наведе техничките нормативи и стандарди кои треба да ги исполнуваат опремата, уредите и материјалите кои се вградуваат, како и да ги наведе начините на изведба при изградбата на стандардниот, односно нестандардниот надворешен приклучок.

(3) По исклучок на ставот (2) од овој член, корисниците може да користат и опрема, уреди и материјали кои не се содржани во листата на ОДС, но ги исполнуваат условите од ставот (1) на овој член.

(4) ОДС е должен најмалку на три години да ја обновува листата од ставот (2) на овој член.

(5) Листата од ставот (2) на овој член треба да биде постојано објавена на интернет страна на ОДС.

Член 41

Сопственост, трајно користење и управување и одржување на надворешниот приклучок кој е наменет за еден корисник (изолиран корисник)

(1) Корисникот кој избрал приклучокот да го гради правно лице со добиена лиценца за проектирање и изведба согласно законот за градење, може да:

1) го предаде приклучокот во сопственост на ОДС, или
2) го задржи приклучокот во своја сопственост.

(2) Корисникот, од ставот (1), точка1), од овој член, кој го предава приклучокот во сопственост на ОДС, истото го врши без надоместок. При тоа, трошоците за одржување на приклучокот се на сметка на ОДС.

(3) Ако корисникот, од став (1), точка 2), од овој член, го задржи приклучокот во своја сопственост, тој е должен да:

1) му овозможи на ОДС управување со истиот на начин и постапка предвидена со Договорот за приклучување на дистрибутивна мрежа,
2) обезбеди одржување на приклучокот, кое може да биде од страна на:
   - ОДС, при што трошоците за тековно одржување на надворешниот приклучок се регулираат со договор за одржување на надворешниот приклучок помеѓу корисникот и ОДС; или

- овластено и лиценцирано правно лице за изградба и одржување на енергетски објекти со кое корисникот ќе склучи договор за одржување на надворешниот приклучок и ќе го извести ОДС за склученото договор.

(4) Пред ставањето на приклучокот под напон корисникот е должен на ОДС да му го достави техничкиот извештај од надзорен инженер за извршен технички прием на надворешниот приклучок и/или документ за ставање во употреба на приклучокот согласно Законот за градење.

Член 42

Внатрешен приклучок

(1) Внатрешен приклучок е дел од приклучокот кој опфаќа водови, опрема и уреди од завршетокот на надворешниот приклучок до објектот кој се приклучува, согласно член 36 од овие Мрежни правила.

(2) Кога мерните уреди се наоѓаат директно во ТС 110/35/6kV, ТС 110/6kV или ТС 6/0,4 kV, внатрешниот приклучок го сочинуваат сите електроенергетски објекти кои се наоѓаат по местото на мерење.

Член 43

Изведба, сопственост и одржување на внатрешен приклучок

(1) Внатрешниот приклучок на корисникот на дистрибутивната мрежа може да биде изведуван од лица ангажирани од страна на корисникот, кои поседуваат овластувања за изведување на работи од таков вид согласно закон и друг пропис.

(2) Внатрешниот приклучок е во сопственост на корисникот на дистрибутивната мрежа.

(3) Корисникот е должен да го одржува внатрешниот приклучок, инсталациите од мерниот уред до сопствениот објект, на сопствен трошок.

(4) ОДС не е одговорен за настанување на штети или загрозување на сигурното, безбедното и квалитетното снабдување со електрична енергија на корисникот ако истите се предизвикани од неисправност на внатрешниот приклучок на корисникот.

Член 44

Договор за приклучување на дистрибутивна мрежа

(1) По добивање на Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа, корисникот е должен да склучи Договор за приклучување на дистрибутивната мрежа.

(2) Договорот за приклучување на дистрибутивната мрежа во зависност од видот на приклучокот е пропишан на образец даден во Прилог 3, кој е составен дел на овие Мрежни правила.

Член 45

Барање за ставање под напон на потрошувач

(1) По изведувањето на приклучокот согласно одредбите од овие Мрежни правила, ОДС по барање на корисникот е должен приклучокот да го стави под напон.

(2) Барањето за ставање под напон се поднесува во писмена форма до ОДС, на образец БСН.

(3) Кон барањето за ставање под напон на приклучокот, корисникот е должен да приложи:

1) копија од Договорот за приклучување на дистрибутивна мрежа;
2) копија од Договорот за снабдување со електрична енергија;
3) потврда од овластена компанија или лице за извршување на таков вид на работи, дека внатрешниот приклучок и внатрешната инсталација во објектот се изведени во согласност со важечките технички стандаради и прописи;
4) копија од документ за ставање во употреба на надворешниот приклучок согласно Законот за градење, кога надворешниот приклучок го изведува правно лице со добиена лиценца за проектирање и изведба согласно законот за градење.

(4) По исполнување на условите утврдени во ставот (3) на овој член, ОДС е должен приклучокот да го стави под напон, односно да го приклучи објектот на корисникот на дистрибутивната мрежа.

(5) Рокот за ставање на приклучокот под напон не треба да биде подолг од 7 дена од денот на поднесување на барањето за ставање под напон.

(6) За изолирани потрошувачи рокот за ставање под напон може да биде подолг од 7 дена, но не подолг од 15 дена од денот на поднесување на барање за ставање под напон.

(7) Точниот датум на ставањето на приклучокот под напон се определува во координација со ОДС, корисникот и останатите засегнати корисници. Корисникот има право да присуствува при ставањето под напон на приклучокот, односно при приклучувањето на неговиот објект на дистрибутивната мрежа.

(8) По ставањето под напон надворешниот приклучок станува составен дел од дистрибутивната мрежа.

(9) ОДС нема да го стави приклучокот под напон ако:

1) за приклучокот не е издаден документ за ставање во употреба на надворешниот приклучок согласно Законот за градење, кога надворешниот приклучок го изведува правно лице со добиена лиценца за проектирање и изведба согласно законот за градење.
2) корисникот нема претходно склучен Договор за снабдување со електрична енергија.

(10) Корисникот е должен на ОДС да му овозможи пристап до локацијата на која се наоѓа приклучокот.

(11) ОДС е должен да го да го изработи образецот БСН и истиот да го објави на својата веб страна.

Член 46

Ставање под напон на производител

(1) Тестирањето на опремата се усогласува помеѓу ОДС и производителот со протокол, во кој се утврдуваат начинот и условите на пробната работа како и меѓусебните односи помеѓу ОДС и производителот.

(2) Производителите на електрична енергија кои поседуваат лиценца за производство или лиценца за пробна работа на енергетски објект издадена од РКЕ, со барањето за ставање под напон ја поднесуваат и следната документација:

1) потврда од компанија или лице за извршување на таков вид на работи, дека внатрешниот приклучок и внатрешната инсталација во објектот се изведени во согласност со важечките технички стандарди и прописи,
2) лиценца за производство или лиценца за пробна работа за производство на електрична енергија издадена од РКЕ,
3) Договор за купопродажба на електрична енергија.

(3) Ставањето под напон на производител се реализира само по изготвување на позитивен записник од извршен интерен технички прием за приклучокот издаден од ОДС.

(4) Доколку производителот нема склучен Договор за купопродажба на електрична енергија во текот на пробната работа на постројката за производство на електрична енергија, ОДС нема финансиски обврски во врска со произведената и испорачаната електрична енергија во дистрибутивната мрежа.

(5) Производителот времено се приклучува на дистрибутивната мрежа во режим на пробна работа согласно рокот на важењето на лиценцата за пробна работа.

Член 47

Надоместок за приклучување на дистрибутивната мрежа

(1) Корисникот чиј објект се приклучува на дистрибутивната мрежа е должен да го плати надоместокот за приклучување на дистрибутивната мрежа кој се состои од:

1) надоместок за изградба на приклучокот; и
2) надоместок за создавање на технички услови во дистрибутивната мрежа.

(2) Одредувањето на надоместокот за приклучување на објектите на корисниците на дистрибутивната мрежа се пресметува согласно Методологијата за начинот на одредување на надоместокот за приклучување на дистрибутивната мрежа на електрична енергија, дадена во Прилог 1 на овие Мрежни правила.

Член 48

Евиденција на уплатени средства од корисниците за приклучување на дистрибутивната мрежа

(1) ОДС е должен да води одделна книговодствена евиденција за плаќање на надоместокот за приклучување на дистрибутивната мрежа кој го уплаќаат корисниците кој се приклучуваат на дистрибутивната мрежа преку стандарден и нестандарден приклучок.

(2) ОДС е должен да отвори посебена сметка за уплата на надоместокот за приклучување на дистрибутивната мрежа преку стандарден приклучок и посебна сметка за уплата на надоместокот за приклучување на дистрибутивната мрежа преку нестандарден приклучок кој го уплаќаат корисниците кој се приклучуваат на дистрибутивната мрежа.

(3) ОДС е должен да ги евидентира податоците за приклучените корисници на дистрибутивната мрежа.

(4) ОДС е должен до РКЕ да доставува квартални извештаи за следните податоци:

1) трошоци за стандардни приклучоци, дадени по вид на трошок, остварени приходи по основ на стандардни приклучоци и број на стандардни приклучоци;
2) трошоци за нестандардни приклучоци, дадени по вид на трошок одделно за трошоци за изградба на приклучоци и трошоците за создавање на технички услови во дистрибутивната мрежа, број на нестандардни приклучоци и остварени приходи по основ на нестандардни приклучоци.

4.3 ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ДИСТРИБУТИВНА МРЕЖА

Член 49
Општи услови за приклучување

(1) Производителите на електрична енергија се приклучуваат на дистрибутивната мрежа на начин и во постапка утврдени во овие Мрежни правила.

(2) Производителите на електрична енергија можат да се приклучат на дистрибутивната мрежа само по претходно издадено Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа од страна на ОДС, во согласност со овие Мрежни правила.

(3) ОДС е должен да го утврди местото за приклучок на производителите на електрична енергија на дистрибутивната мрежа на објективен, транспарентен и недискриминаторен начин.

Член 50
Барање за согласност за приклучување на производител на дистрибутивна мрежа

(1) Производител на електрична енергија кој бара да се приклучи на дистрибутивната мрежа е должен до ОДС да поднесе Барање за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа.

(2) Барањето за согласност за приклучување на производител на дистрибутивната мрежа се поднесува во писмена форма до ОДС, на образец БСП – 2, согласно членот 23 од овие Мрежни правила.

(3) Во прилог на барањето за согласност за приклучување, производителот треба да ги достави следните документи:

1) Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија со тековна состојба;
2) Основен проект на производната постројка која е предмет на приклучување на дистрибутивната мрежа заедно со еднополна шема на производната постројка;
3) Извод од катастарскиот план со вцртани постојни објекти;
4) Координати на електраната
5) технички карактеристики на производната постројка во согласност со членот 55 став (2) од овие Мрежни правила;

(4) Производител на електрична енергија кој бара да се приклучи на дистрибутивната мрежа, може да поднесе Барање за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа пред да добие одобрение за градба на електраната во случај кога инсталираната моќност е поголема од 10 MW и е за потребите за добивање на овластување за изградба на нови или зголемување на инсталираната моќност на постојни објекти за производство на електрична енергија.

Член 51
Избор на точка на приклучување и техничко решение за приклучување

(1) По добивање на барањето од членот 50 став (1), односно став (4) од овие Мрежни правила, ОДС е должен да изготви оптимално економско-техничко решение за овозможување на приклучувањето на производител на електрична енергија во најповолната точка на приклучување на дистрибутивната мрежа, водејќи сметка за последиците од приклучувањето кои ќе ги претрпат другите корисници на мрежата.

(2) При изборот на најповолната точка на приклучување и оптималното економско-техничко решение ОДС е должен да направи соодветна анализа на состојбите во дистрибутивната мрежа во согласност со членовите 54, 55 и 56 од овие Мрежни правила.

(3) На барање на производителот, ОДС му ги доставува податоците за техничките карактеристики на разгледуваната дистрибутивна мрежа кои претставуваат основа за изготвување на анализата од ставот (2) на овој член.

(4) Производителот има право да учествува во процесот на утврдување на оптимално економско-техничко решение во согласност со овие Мрежни правила, за што ОДС ќе го повика лицето овластено за застапување на производителот на електрична енергија со цел да му биде презентирано соодветно

образложение за изборот на најповолната точка на приклучување и изготвената анализа при избор на оптималното економско-техничко решение за приклучување на дистрибутивната мрежа.

(5) Во сообразност со основните начела наведени во членовите 1, 2 и 4 на овие Мрежни правила, ОДС е должен во прилог на согласноста за приклучување на електрана на дистрибутивниот систем на производителот да му ги даде сите неопходни податоци за изготвување на анализите од членовите 54, 55 и 56 од овие Мрежни правила. Користејќи ги податоците, на производителот му се овозможува да направи сопствени пресметки и анализи.

(6) Во Решението за согласност за приклучување ОДС ги наведува техничките карактеристики на новите ЕСМенти на мрежата потребни за изведување на приклучокот. Имајќи ги предвид барањата за рационалност во работењето, при изградба на нови ЕСМенти на мрежата ОДС користи материјали, уреди и опрема од листата од членот 40 од овие Мрежни правила.

(7) Доколку производителот планира по изградбата на приклучокот на електраната истиот целосно да му го предаде на ОДС, мора при изградбата да ги користи само материјалите, уредите и опремата од соодветната листа што ја применува ОДС.

(8) Доколку производителот планира на ОДС да му го предаде само приклучниот вод, во тој случај производителот може во сопствената постројка да инсталира и опрема која не е на листата на типизирана опрема, уреди и материјали, која ја користи ОДС. Опремата која не е на листата на типизирана опрема, уреди и материјали на ОДС мора да ги задоволува како соодветните меѓународни стандарди (IEC), така и условите на местото на кое се инсталира, во поглед на основните технички параметри (номинален напон, номинална струја и струја на куса врска).

Член 52

Решение за согласност за приклучување

(1) Врз основа на техничкото решение за приклучување на дистрибутивната мрежа ОДС ќе донесе Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа, во рок не подолг од 40 дена од денот на доставување на барањето за согласност за приклучување за производители.

(2) Доколку производителот има повеќе производни потројки со инвертори, истиот има обврска да обезбеди еден прекинувач преку кој се исклучуваат и вклучуваат сите постројки.

(3) Во прилог на Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа, ОДС е должен да приложи и детална проценка за трошоците за приклучување на дистрибутивната мрежа.

(4) По добивањето на Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа, производителот на електрична енергија може да пристапи кон изведба на приклучокот во согласност со овие Мрежни правила.

(5) По изведувањето на приклучокот, согласно одредбите од овие Мрежни правила, ОДС по барање на корисникот е должен приклучокот да го стави под напон, во согласност со членот 46 од овие Мрежни правила.

(6) Надоместокот за приклучување, деталната пресметка за надоместокот за приклучување и техничкото решение за приклучување на производители на електрична енергија, ќе престанат да важат доколку инвеститорот не го почитува договорот за право на користење на природно добро за производство на електрична енергија како и неговите анекси.

(7) Производителот има право да поднесе приговор против Решението од ставот (1) на овој член.

Член 53

Надоместок за приклучување

(1) Надоместокот за приклучување на производител на електрична енергија на дистрибутивната мрежа се утврдува согласно Методологијата за начинот на одредување на надоместокот за приклучување на дистрибутивната мрежа на електрична енергија, дадена во Прилог 1 на овие Мрежни правила.

(2) При утврдувањето на надоместокот за приклучување на производител на електрична енергија на дистрибутивната мрежа, надоместокот за создавање на технички услови во дистрибутивната мрежа не се пресметува.

(3) ОДС може да издаде решение за приклучок во кое две или повеќе нови електрани за својот приклучок заеднички ќе користат еден или повеќе нови ЕСМенти на мрежата. Во таков случај, трошоците за изградба на новите ЕСМенти од заедничкиот приклучок ќе се поделат помеѓу електраните пропорционално на нивните номинални моќности доколку тие се единствени корисници на тие ЕСМенти и во потполност го искористуваат капацитетот, односно доколку обезбедениот капацитет е поголем од потребниот, учествуваат пропорционално само на капацитетот кој го користат.

(4) Во техничкото решение за приклучок на една или повеќе нови електрани ОДС може да земе предвид ЕСМентите на тој приклучок да ги користат и други електрани, кои подоцна ќе се градат, за кои ОДС има

веродостојни докази дека ќе се градат. Во таков случај, во распределбата на трошоците за изградба на нови заеднички ЕСМенти од приклучокот и/или за потребната реконструкција на постојните ЕСМенти на мрежата учествуваат и предвидените нови електрани – пропорционално на нивните номинални моќности.

(5) Во случаите од ставот (4) на овој член, поради земањето предвид на идни електрани не се одложува градењето на приклучоците и приклучувањето на електраните кои се изградени и ги подмириле предвидените обврски кон ОДС.

Член 54
Анализа на состојбите во дистрибутивната мрежа

(1) Со цел да се овозможи најповолен избор на точка на приклучување на производител на електрична енергија, ОДС врши соодветна детална анализа на состојбите во дистрибутивната мрежа, во секој од карактеристичните режими на работа дефинирани во согласност со членот 56 од овие Мрежни правила.

(2) Со анализата од ставот (1) на овој член треба да бидат опфатени:
1) трансформаторот висок/среден напон преку кој разгледуваната среднонапонска мрежа е поврзана со високонапонската мрежа;
2) сите среднонапонски водови, евентуалниот трансформатор среден/среден напон, евентуалниот трансформатор среден/низок напон и евентуалните нисконапонски водови на патот помеѓу малата електрана и среднонапонските собирници во трансформаторската станица висок/среден напон;
3) сите други водови и трансформатори во разгледуваната дистрибутивна мрежа од кои патот кон среднонапонските собирници во трансформаторската станица висок/среден напон содржи барем еден од ЕСМентите на дистрибутивна мрежа наведени во точка 2) на овој став;
4) оптоварувањата на сите постојни и планирани потрошувачи кои ќе ја користат разгледуваната дистрибутивна мрежа;
5) карактеристиките на производните единици и регулационата опрема во електраните;
6) планирано приклучување на производни постројки и потрошувачи на разгледуваната дистрибутивна мрежа, за кои ОДС поседува соодветни документи дека ќе бидат изградени.

Член 55
Податоци за анализа на состојбите во дистрибутивната мрежа

(1) Производителот на електрична енергија во постапката за приклучување е должен до ОДС да ги достави сите потребни податоци за техничките карактеристики на производната постројка која е предмет на приклучување.

(2) Податоците од ставот (1) на овој член особено содржат информации за:
1) број на производни единици;
2) номинални електрични параметри (номинална привидна моќност, номинален фактор на моќност, номинална струја) за секоја производна единица поодделно;
3) очекувани активни моќности во режимите на минимално и максимално производство, номинална моќност на турбините (за електрани кои имаат турбини);
4) расположлива минимална и максимална реактивна моќност во режимите на минимално и максимално производство на активна електрична моќност;
5) можности за автоматска регулација на напонот;
6) вид на заштита на производните единици и припадните трансформатори.

(3) ОДС ќе ги обезбеди сите потребни податоци за техничките параметри на ЕСМентите од дистрибутивната мрежа содржани во членот 54 став (3) од овие Мрежни правила.

(4) Податоците од ставот (3) на овој член особено содржат информации за:
1) електрични параметри за сите среднонапонски и нисконапонски водови, трансформаторот висок/среден напон, трансформатори среден/среден напон и трансформатори среден/низок напон;
2) чекор на промената на преносниот однос, границите на интервалот во кој е можна промената на преносниот однос и можност за регулација на напон под оптоварување на сите трансформатори;
3) оптоварувања на сите потрошувачи приклучени на разгледуваната дистрибутивна мрежа;
4) моќности на генераторските постројки приклучени преку среднонапонските и нисконапонските ЕСМенти,

5) моќностите на уредите за компензација на реактивна моќност приклучени на разгледуваната дистрибутивна мрежа.

Член 56
Карактеристични режими за анализа

(1) Анализата на состојбите во дистрибутивната мрежа од членот 54 на овие Мрежни правила се врши во соодветни карактеристични режими на работа и тоа:
1) пред приклучување на производната единица;
2) за време на влуштање на производната единица (преоден режим на работа);
3) по вклучување на производната единица (стационарен режим на работа).

(2) Како карактеристични состојби на мрежата во стационарен режим на работа се дефинираат:
1) минимално оптоварување на мрежата и минимална моќност на производната постројка;
2) минимално оптоварување на мрежата и максимална моќност на производната постројка;
3) максимално оптоварување на мрежата и минимална моќност на производната постројка;
4) максимално оптоварување на мрежата максимална моќност на производната постројка.

(3) При разгледување на сите карактеристични состојби на мрежата дефинирани во ставот (2) на овој член потребно е напоните во сите точки на разгледуваната дистрибутивна мрежа да не ги надминуваат дозволените граници на отстапување дефинирани во членот 62 од овие Мрежни правила.

(4) Кога новата електрана треба да се приклучи на дистрибутивна мрежа во која веќе има приклучени една или повеќе постојни електрани, при анализите потребни за определување на рационален приклучок на новата електрана ќе се смета дека постојните електрани се вклучени на мрежата.Овој принцип ќе се применува и во случаите кога во една електрана има повеќе од една производна единица, како и во случаите кога се анализира заеднички приклучок за повеќе од една електрана.

Член 57
Напони во стационарен режим на работа

(1) При утврдување на точката на приклучување на производител на електрична енергија на дистрибутивната мрежа, покрај основните технички услови кои треба да бидат исполенти во согласност со овие Мрежни правила, особено треба да биде земено предвид следното:
1) Во сите нормални режими на работа дефинирани во членот 56 од овие Мрежни правила, при приклучувањето на производителот на електрична енергија, напоните во сите јазли на разгледуваната дистрибитивна мрежа дефинирана во согласност со членот 54 став (3) од овие Мрежни правила треба да бидат во границите:
- во мрежите со номинален напон 35 kV, помеѓу 31,5 и 38 kV;
- во мрежите со номинален напон 6 kV, помеѓу 5,7 и 6,3 kV;
- во мрежите со номинален напон 10 kV, помеѓу 9,5 и 10,7 kV;
- на нисконапонските собирници во трансформаторските станици среден/низок напон, помеѓу 0,4 и 0,44 kV.

(2) Во постројките на производителот наместо границите од став (1) точка 1) од овој Член ќе се применуваат границите за дозволени напони од членот 77 став (2) на овие Мрежни правила.

(3) По исклучок, доколку со анализите се покаже дека примената на напонските ограничувања од ставот (1) точка 1) од овој член, претставуваат пречка за нормална работа на некој корисник на дистрибутивниот систем, може да се дозволи напоните во соодветните точки да излезат надвор од границите предвидени во ставот (1) точка 1) од овој член, ако при тоа во сите точки на дистрибутивната мрежа напоните бидат во согласност со одредбите од членот 71 на овие мрежни правила.

Член 58
Пресметка на напоните во стационарен режим на работа

Пресметката на висината на напонот во точката на приклучување на производната постројка, како висината на напонот во сите јазли на разгледуваната дистрибутивна мрежа, ОДС ја врши со користење на соодветни компјутерски програмски пакети за пресметка на напони во дистрибутивната мрежа.

Член 59

Промени на напон во точката на приклучување во преоден режим на работа

Релативната промена на напонот во однос на номиналниот напон во точката на приклучување на производната постројка во преоден режим на работа, односно при вклучување или испад на генераторската единица, не треба да ја надмине дозволената вредност и тоа:

1) 2% доколку точката на приклучување е во среднонапонската мрежа и комутациите кои предизвикуваат промени на напонот се почести (една на 10 минути);
2) 3% доколку точката на приклучување е во нисконапонската мрежа и комутациите кои предизвикуваат промени на напонот се почести (една на 10 минути);
3) 3% доколку точката на приклучување е во среднонапонската мрежа и комутациите кои предизвикуваат промени на напонот се поретки;
4) 6% доколку точката на приклучување е во нисконапонската мрежа и комутациите кои предизвикуваат промени на напонот се поретки.

Член 60

Пресметка на промени на напон во преоден режим

(1) Релативните промени на напонот во точката на приклучување на производителот на електрична енергија во преоден режим на работа се проценуваат со следната формула:

$$\Delta U_m = k_{i,max} \frac{S_{ng}}{S_{ks}}$$

каде:

ΔU_m – релативна промена на напонот во точка на приклучување;

$k_{i,max} = \frac{I_p}{I_n}$ - количник од почетна вредност на струја на впуштање/исклучување на генераторот Ip и номиналната струја на генераторот In;

S_{ks} - моќност на куса врска во точка на приклучок;

S_{ng} - номинална привидна моќност на генераторската единица која се приклучува;

(2) При приклучување на генераторска единица на низок напон факторот ki,max има значење само во случај на приклучување на ветрогенератор, при што истиот се добива од страна на производителот на генераторот по спроведени испитувања во овластена институција.

(3) Барателот на согласност за приклучување треба да ја даде вредноста на ki,max за секоја производна единица. Во случаите кога барателот на согласност за приклучување не достави податок за почетната вредност на струјата на впуштање на генераторска единица, која треба да се приклучи на среден напон, се користат следните апроксимации:

1) k = 1 за синхрони генератори и генератори приклучени преку енергетски преобразувачи (инвертори или конвертори);
2) k = 1,5 за асинхрони генератори со фина регулација на струја на впуштање до 1,5% од синхроната брзина;
3) k=4 за асинхрони генератори приклучени на дистрибутивната мрежа во границите на ±5% од синхроната брзина;
4) k=8 за асинхрони генератори кои се пуштаат во работа како асинхрони мотори.

(4) Во случај на приклучување на повеќе генератори треба да се води сметка да се приклучуваат поединечно, во временски интервали кои не можат да бидат пократки од 40 секунди за низок напон и 12 секунди за среден напон.

(5) Во случај на приклучување на ветрогенератори се зема предвид факторот ku(ψ) каде што ψ претставува фазен агол на импеданса на дистрибутивната мрежа. Барателот на приклучок треба да достави податоци за факторот ku(ψ) за фазен агол на импеданса на дистрибутивната мрежа од 30^0, 50^0, 70^0 и 85^0. Во случај кога со пресметка се утврдува дека фазниот агол на импеданса на дистрибутивната мрежа отстапува од наведените вредности, факторот ku(ψ) се пресметува со линерана апроксимација на вредностите кои се најблиску на дадената вредност.

(6) При пресметка на промените на напонот во точката на приклучување на производителот на електрична енергија во преоден режим на работа се земаат предвид и корективните мерки за намалување на промената на напонот кај асинхроните генератори, која е поврзана со вклучувањето / исклучувањето:

1) намалување на прекинувачка струја со пригушници, отпорници, стартни трансформатори или трифазни преобразувачи на моќност, кои по вклучувањето / исклучувањето се премостуваат.
2) посебен модел на асинхрониот генератор.

Член 61
Можности за регулација на напон

(1) При утврдување на точката на приклучување и техничкото решение за приклучување, со цел отстапувањата на напонот во дистрибутивна мрежа да бидат во дефинираните граници, ОДС ќе ги земе предвид можностите за регулација на напонот во ЕСМентите на дистрибутивната мрежа, како можностите за регулација на напон од страна на производната постројка на производителот на електрична енергија.

(2) Од особена важност е при регулација на напон во дистрибутивната мрежа координирано да се користат сите соодветни технички средства со кои располагаат ОДС и електраните со цел да се обезбедат услови за нормална работа на сите корисници на дистрибутивната мрежа и напоните во сите точки на дистрибутивната мрежа да бидат во дозволените граници според членот 71 од овие мрежни правила.

(3) На местото на својот приклучок кон дистрибутивната мрежа, електраната е должна да придонесува, во рамките на своите технички можности, за одржување на напонот во интервалот на дозволени напони дефиниран во членот 71 на овие Мрежни правила. Тоа значи дека, во случаите кога напонот на местото на приклучокот се доближува до долната гранична вредност на дозволениот интервал, електраната е должна да ги активира своите можности за производство на реактивна моќност и да дава во мрежата соодветна реактивна моќност, со цел напонските прилики да се подобрат. Од друга страна, во случаите кога напонот на местото на приклучување се доближува до горната гранична вредност на дозволениот интервал, електраната е должна да ги активира своите можности за преземање на соодветна реактивна моќност од мрежата, за на тој начин да придонесе напонот да не ја надмине горната гранична вредност. Притоа, нема да се применува ограничувањето од членот 77став (1) на овие мрежни правила.

(4) За да можат да бидат ефикасен учесник во регулацијата на напонот, наведена во ставот (3) од овој член, номиналниот фактор на моќност на генераторите во електраните не смее да биде помал од 0,8.

Член 62
Фликери, хармоници и несиметрија на напон

При утврдување на точката на приклучување и техничкото решение за приклучување на производителот на електрична енергија неопходно е вредностите на повратните влијанија (фликери, хармоници и несиметрија на напон) да не ги надминат граничните вредности дефинирани во Член 74, Член 75 и Член 76 од овие Мрежни правила.

4.4 ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧИ-ПРОИЗВОДИТЕЛИ

Член 63
Општи принципи и дефиниции

(1) Потрошувач-производител е потрошувач приклучен на дистрибутивен систем кој произведува електрична енергија од обновливи извори на енергија и истата ја користи за сопствена потрошувачка, не поседува лиценца за производство за електрична енергија, вишокот од произведената електрична енергија ја предава во дистрибутивната мрежа, при што инсталираната моќност на инверторот на производната единица:

1) не ја надминува моќноста дефинирана во Правилникот за обновливи извори на енергија и
2) не ја надминува неговата одобрена едновремена максимална моќност како потрошувач.

(2) Условите и начинот по кои вишокот од произведената електрична енергија од страна на потрошувачот-производител се предава во дистрибутивниот систем се пропишани во Правилник за обновливи извори на енергија.

(3) Потрошувачи-производители на електрична енергија можат да се приклучат на дистрибутивната мрежа само по претходно издадено Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа од страна на ОДС, во согласност со овие Мрежни правила. Техничките параметри кои мора да ги исполнува приклучокот се дефинирани во членовите 54, 56, 57, 58, 59, 60 и 62 од поглавјето "Приклучување на производители".

(4) Доколку производната постројка на потрошувач-производител има инвертор, карактеристиките на инверторот треба да бидат во согласност со листата на дозволени карактеристики на инвертори кои ОДС ја објавува на својата веб страна.

(5) Доколку еден потрошувач-производител има повеќе производни потројки со инвертори, истиот има обврска да обезбеди еден прекинувач преку кој се исклучуваат и вклучуваат сите постројки.

Член 64
Барање за согласност за приклучување на потрошувач-производител на диструбутивна мрежа

(1) Потрошувач-производител на електрична енергија кој бара да се приклучи на дистрибутивната мрежа е должен до ОДС да поднесе Барање за согласност за приклучување. Барање за согласност задолжително се поднесува од страна на потрошувач кој има намера да инсталира производна постројка од обновливи извори на енергија.
(2) Барањето за согласност за приклучување на потрошувач-производител се поднесува во писмена форма до ОДС на образец БСП 1.
(3) Во прилог на барањето за согласност за приклучување БСП 1, барателот треба да ги достави следните документи:
1) Доказ за сопственост на објектот на чија внатрешна инсталација се инсталира производна постројка,
2) Основен проект за производната постројка и
3) Решение за поставување или одобрение за градење на производната постројка издадено од надлежен орган согласно Закон за градење.

Член 65
Решение за согласност за приклучување на потрошувач-производител

(1) По поднесено барање БСП 1 од постоечки потрошувач приклучен на дистрибутивна мрежа, ОДС во рок од 15 дена од приемот на Барањето издава Решение за согласност за приклучување на дистрибутивна мрежа. Решението за согласност содржи технички услови под кои потрошувачот-производител може да се приклучи на дистрибутивната мрежа.
(2) Со Решението од ставот (1) од овој член, ОДС доставува и пресметка на надоместокот за приклучување.
(3) Надоместокот за приклучување за потрошувачи-производители ќе се состои само од административни трошоци за издавање на Решение за согласност за приклучување согласно Ценовникот за услуги, доколку вкупната моќност на издадените Решенија за согласност за приклучување на дистрибутивна мрежа за производители и потрошувачи-производители не ги надминува вредностите по трансформаторска станица, кои се прикажани во следнава табела:

ТС СН/НН (kVA)	Просечен број изводи	Вкупна моќност на производни постројки PG (kW)
630	6	200
400	4	120
250	4	80
100	3	35

(4) Доколку е надмината вредноста на вкупната моќност на издадените Решенија за согласност за приклучување на дистрибутивна мрежа по трансформаторска станица, кои се дефинирани во табелата од ставот (3) од овој член, надоместокот за приклучување ќе се пресмета според реални трошоци за реализација на приклучувањето.
(5) Доколку е надмината вредноста на вкупната моќност на издадените Решенија за согласност за приклучување на дистрибутивна мрежа по трансформаторска станица, кои се дефинирани во табелата од ставот (3) од овој член, надоместокот за приклучување ќе се пресмета според реални трошоци за реализација на приклучувањето.

Член 66
Ставање под напон на потрошувач-производител

(1) ОДС по барање на корисникот е должен приклучокот да го стави под напон доколку се исполнети условите од Решението за согласност за приклучување и овие Правила.
(2) Барањето за ставање под напон се поднесува во писмена форма до ОДС на образец БСН од членот 45 став (1) од овие Мрежни правила.
(3) Кон Барањето за ставање под напон се доставува и следната документација:
1) потврда од овластена компанија или лице дека внатрешниот приклучок и внатрешната инсталација во објектот се изведени во согласност со важечките стандарди,
2) договор за снабдување со електрична енергија, склучен согласно Правилникот за обновливи извори на енергија.

(4) Доколку се исполнети условите од ставот (3) од овој член, ОДС е должен во рок од 7 дена од поднесувањето на Барањето за ставање под напон да го стави приклучокот под напон.

(5) ОДС има право да го исклучи корисникот доколку корисникот не се придржува кон условите дефинирани во Решението за согласност за приклучување на дистрибутивна мрежа.

5. КВАЛИТЕТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 67
Општи начела за квалитет на електрична енергија

(1) Следење на квалитетот на електрична енергија, претставува процес на обезбедување на податоци за показатели за квалитет на електричната енергија, нивна обработка, изготвување на планирани мерки за подобрување на показатели за квалитет на електричната енергија и нивна имплементација

(2) ОДС е должен да собира и обработува податоци потребни за пресметување на показателите кои го определуваат квалитетот на електричната енергија и да формира база на податоци која ќе содржи податоци за:

1) техничките карактеристики на напонот
2) број на прекини во снабдување и
3) број на барања до ОДС и решенија од ОДС во однос на квалитетот на електрична енергија

(3) Квалитетот на електрична енергија на местото на приклучување на производител на електрична енергија е одговорност на самиот производител.

(4) Квалитетот на електричната енергија на местото на приклучување на преносната мрежа е одговорност на ОЕПС.

(5) ОДС обезбедува квалитет на електричната енергија преку исполнување на услови, мерки и критериуми пропишани со овие Мрежни правила, кои се на основ на стандарди, прописи и технички препораки.

(6) Квалитетот на електричната енергија зависи од состојбите во електропреносниот систем, состојбите во дистрибутивниот систем, приклучените производители на електрична енергија и приклучените потрошувачи на електрична енергија на дистрибутивниот систем.

(7) Корисниците на дистрибутивниот систем се должни да ги контролираат своите повратни влијанија во дистрибутивната мрежа.

(8) Обврска на ОДС е да врши контрола на повратните влијанија на корисниците на дистрибутивната мрежа.

(9)Квалитетот на електрична енергија се определува преку квалитет на напон, континуитет во испораката на електрична енергија и квалитет на услуга.

5.1 КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА

Член 68
Контрола и мониторинг

(1) За да се обезбеди ефикасна работа на дистрибутивниот систем, ОДС спроведува контрола и мониторинг на влијанијата од опремата на корисниците приклучени на дистрибутивниот систем.

(2) ОДС има обврска да спроведе контрола и мониторинг на квалитетот на електричната енергија на различни точки од дистрибутивната мрежа, во одредени временски интервали, вклучувајќи ги и точките на приклучување на електропреносниот систем.

5.2 КВАЛИТЕТ НА НАПОН

Член 69
Основни технички карактеристики на местото на приклучок на дистрибутивната мрежа

(1) Техничките карактеристики на местото на приклучување во дистрибутивниот систем подраздбираат технички услови кои се однесуваат на:

1) отстапување на фреквенцијата,
2) отстапување на напонот,
3) отстапување од синусоидалната форма на напонот,
4) несиметрија на напонот,

5) работно и заштитно заземјување,
6) големина на кусата врска,
7) степен на изолација,
8) заштита од дефекти и пречки,
9) фактор на моќност.

(2) Правно или физичко лице кое бара приклучок на дистрибутивната мрежа на местото на приклучување мора да ги исполни техничките услови од ставот (1) од овој член.

Член 70

Вредности на фреквенцијата и дозволени отстапувања

Номинална вредност на фреквенцијата и дозволените отстапувања во дистрибутивниот систем се:

1) Номинална вредност на фреквенцијата во дистрибутивен систем во Република Северна Македонија е 50 Hz, освен кога се прави корекција по налог на ОЕПС;
2) Фреквенцијата се одржува на ниво на интерконектираниот електроенергетски систем и ОДС нема одговорност да ја одржува фреквенцијата во пропишаните рамки.
3) Во текот на една недела, во 99,5% од 10 sec интервали, просечната ефективна вредност на фреквенцијата на место на приклучување на дистрибутивната мрежа за 35kV, 6kV и 0,4kV мрежа, мора да биде во граници од ±1%, од номиналната вредност на фреквенцијата.
4) Во текот на една недела, во 100% од 10 sec интервали, просечната ефективна вредност на фреквенцијата на место на приклучување на дистрибутивната мрежа за 35kV, 6kV и 0,4kV мрежа, мора да биде во граници од +4% и -6%, од номиналната вредност на фреквенцијата.

Член 71

Вредности на напонот и дозволени отстапувања

(1) Номиналната вредност на напонот во дистрибутивниот систем, согласно стандардот EN 50160:2012, е:
1) за високонапонска трифазна дистрибутивна мрежа: 110 kV
2) за среднонапонска трифазна дистрибутивна мрежа: 35 kV, и 6kV
3) за нисконапонска дистрибутивна мрежа: за трифазна дистрибутивна мрежа 400 V.

(2) Пропишаните граници на отстапување од номиналниот напон во нормален режим на работа се:
1) за низок напон (0,4 kV): ±10%,
2) за среден напон (6kV, 35 kV и 110 kV): ±10%.

(3) Дозволените отстапувања од ставот (2) на овој член се однесуваат кога номиналната вредност на напонот во точката на приклучување со преносниот систем е во границите на дозволените отстапувања.

(4) Со исклучок на ставот (2) на овој член можни се поголеми отстапувања на напонот во случај на нарушен режим на работа на дистрибутивниот систем, виша сила, попречување од трета страна или кога номиналната вредност на напонот во точката на приклучување со преносниот систем отстапува од границите на дозволените отстапувања, а при тоа отстапувањата на напонот наведени во овој член, се однесуваат на случаите кога напонот во точката на напојување на напојната трансформаторска станица од електропреносниот систем е во зададените граници.

Член 72

Регулација на напон

(1) ОДС е должен да врши регулација на напонот во дистибутивниот систем со одржување на напонот во пропишаните граници за дозволени отстапувања од членот 71 на овие Мрежни правила.

(2) ОДС ги утврдува условите на компензација на реактивната моќност на корисниците на дистрибутивната мрежа, со цел напонот да биде во пропишаните граници за дозволени отстапувања од членот 71 на овие Мрежни правила.

Член 73

Брзи и бавни промени на напонот предизвикани од чести вклучување и/или исклучувања на оптоварувања на дистрибутивен систем

(1) Во текот на еден ден, 100% од ефективна вредност на промените на напонот во точките на местото на приклучување на дистрибутивната мрежа за 35 kV и 6kV мрежа, можат да бидат:

1) Брзи промени на напонот (преоден процес во дистрибутивниот систем, кога има чести (број на вклучувања и исклучувања во 1 min, поголеми од 100) вклучувања и исклучувања на оптоварувања кои се приклучени на дистрибутивниот систем), се дозволени максимум до ±2% од напон на местото на приклучок на дистрибутивниот систем;
2) Бавни промени на напонот (преоден процес во дистрибутивниот систем, кога има ретки (број на вклучувања и исклучувања во 1 min, помеѓу 1 и 100) вклучувања и исклучувања на оптоварувања кои се приклучени на дистрибутивниот систем), се дозволени максимум до ±2% од напон на местото на приклучок на дистрибутивниот систем.

(2) Во текот на еден ден, 100% од ефективна вредност на промените на напонот во точките на местото на приклучување на дистрибутивната за 0,4 kV мрежа, можат да бидат:
1) Брзи промени на напонот (преоден процес во дистрибутивниот систем, кога има чести (број на вклучувања и исклучувања во 1 min, поголеми од 100) вклучувања и исклучувања на оптоварувања кои се приклучени на дистрибутивниот систем), се дозволени максимум до ±3% од напон на местото на приклучок на дистрибутивниот систем;
2) Бавни промени на напонот (преоден процес во дистрибутивниот систем, кога има ретки (број на вклучувања и исклучувања во 1 min, помеѓу 1 и 100) вклучувања и исклучувања на оптоварувања кои се приклучени на дистрибутивниот систем), се дозволени максимум до ±3% од напон на местото на приклучок на дистрибутивниот систем.

Член 74

Синусоидална форма на напонот

Во текот на една недела, во 95% од 10 минутните интервали просечната ефективна вредност на факторот на вкупното хармониско изобличување (THD) на напонот, до 40-тиот хармоник, на местото на приклучување на дистрибутивната мрежа, мора да биде помало помало од 8%.

Хармоник	%
3	5
5	6
7	5
9	1,5
11	3,5
13	3
15	0,5
17	2
19	1,5
21	0
23	1,5
25	1,5

Член 75

Фликери

(1) Вредноста на индексот на интензитет на фликер придизвикан со приклучување на корисник на местото на приклучување на дистрибутивната мрежа, може да изнесува најмногу:
1) 0,8, за краткотрајни фликери [Pst i]],
2) 0,5, за долготрајни фликери [Plt i]].

Наведените вредности се однесуваат на 95 % од интензитетот на фликерот, во текот на една недела.

(2) Интензитет на фликер, утврден и оценет преку мерната постапка на фликер според стандардот МКС EN 50160:2012 е со помош на следниве големини:
1) Краткотраен интензитет на фликерот Pst, мерено преку временски период од 10 минути
2) Долготраен интензитет на фликерот Plt, пресметан од една низа од 12 Pst i износи преку двочасовен интервал.

Член 76

Несиметрија на напонот

(1) Во текот на една недела, во 95% од 10 минутните интервали, несиметријата на просечната ефективна вредност на напонот, причинета од корисникот, не смее да надминува 2% од номиналниот напон за среднонапонска дистрибутивна мрежа.

(2) Во текот на една недела, во 95% од 10 минутните интервали, несиметријата на просечната ефективна вредност на напонот, причинета од корисникот, не смее да надминува 3% од номиналниот напон, за нисконапонска дистрибутивна мрежа.

Член 77

Фактор на моќност

(1) Вредноста на факторот на моќност на дистрибутивниот систем, мора да биде во границите од 0,95 индуктивно до 1.

(2) Секој корисник приклучен на дистрибутивниот систем, мора својот фактор на моќност да го одржува во границите дефинирани во став (1) од овој член.

(3) ОДС има обврска да врши мерење и контрола на факторот на моќност и да врши известување на корисниците за мерките кои треба да ги применат и времето за имплементација на истите, за да отстапувањата на факторот на моќност биде во границите дефинирани од ставот (1) од овој член.

Член 78

Проценка на повратни влијанија во дистрибутивната мрежа

(1) Сите детални пресметки и начини на мерење, кои се однесуваат на квалитет на напонот се уредени во Техничките правила за проценка на повратни влијанија во дистрибутивната мрежа.

(2) ОДС изготвува Технички правила за проценка на повратни влијанија во дистрибутивната мрежа како и технички и организациски правила за ОДС и корисниците на дистрибутивниот систем и ги објавува на својата веб страница.

Член 79

Следење и подобрување на квалитет на напон

(1) ОДС е должен да ги следи, контролира и подобрува следниве карактеристики на напонот во дистрибутивниот систем:

1) Промена на фреквенцијата
2) Бавни и брзи промени на ефективната вредност на напонот
3) Фликери
4) Хармоници
5) Синусоидалната форма на напонот
6) Несиметријата на напонот
7) Факторот на моќност

(2) ОДС треба да води база на податоци за сите карактеристики на напонот наведени во ставот (1) од овој член.

(3) На основ на измерените вредности за контрола на квалитетот на напонот, ОДС прави пресметки и одредува мерки за подобрување на истите, согласно овие Мрежни правила и важечките стандарди и прописи.

(4) ОДС треба да дефинира целни нивоа за квалитет на напон и да изработи план за постигнување на истите.

5.3 КОНТИНУИТЕТ НА ИСПОРАКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 80

Сигурност на испорака

(1) ОДС е должен да обезбеди сигурно функционирање на точките на приклучување со преносниот систем кои се во негова сопственост заради обезбедување на континуирано снабдување со електрична енергија.

(2) ОДС не може да обезбеди сигурна и континуирана испорака на електрична енергија при:

1) дефекти во дистрибутивниот систем или во електроенергетски објекти на корисниците;
2) при дефекти во преносниот систем;
3) при прекини поради планирани активности и
4) при околности и настани кои се надвор од контрола на ОДС (виша сила).

(3) Во случај на настанување на околностите од став (2) од овој член, ОДС ќе настојува да ја обнови испораката, што е можно побрзо и во границите на можностите на дистрибутивниот систем.

Член 81

Планирани прекини

(1) Во случај на изведба на работи на електроенергетските објекти на ОЕПС кои не траат подолго од 24 часа и кои не се опфатени со годишниот план за одржување, ОЕПС и ОДС превземаат координирани активности.

(2) ОДС може привремено да исклучи одделни корисници на дистрибутивниот систем заради извршување на следните планирани работи:

1) прегледи, испитувања или контролни мерења;
2) редовно или вонредно одржување;
3) ремонт;
4) приклучување на нови корисници;
5) доградба или реконструкција на дистрибутивната мрежа.

(3) Во случаите од ставот (1) на овој член, ОДС е должен да ги извести корисниците на дистрибутивниот систем за настанатото планирано исклучување.

Член 82

Известување за планирани исклучувања

(1) За планираните прекини во дистрибутивниот систем, ОДС ги известува корисниците преку јавните гласила, дневниот печат, и интернет страната на ОДС.

(2) Доколку во дистрибутивниот систем кој е опфатен со планираниот прекин има корисници, потрошувачи на електрична енергија, на кои не смее да им се прекине електричната енергија, според Правилата за снабдување со електрична енергија или корисници на кои електричната енергија им е неопходна за непречено одвивање на нивниот производствен процес, ОДС е должен да ги извести (писмено, електронски или преку телефон) за планираниот прекин.

Член 83

Прекин поради дефект

(1) Во случај на прекини во испораката на електрична енергија поради дефект, ОДС треба да воспостави повторна испорака, во најкраток можен рок.

(2) Во случај на лоши временски услови и тешко пристапни терени, прекинот може да биде и подолготраен, при што ОДС ќе ги информира корисниците за причините на прекинот и за очекуваното траење на неговото отстранување преку центри за информирање.

Член 84

Непланирани прекини

Непланираните прекини, според причините кои ги предизвикале, се категоризираат на прекини од:

1) виша сила,
2) оштетувања предизвикани од трети лица, предмети, животни и птици, при што настаните не се предизвикани, ниту можеле да бидат спречени, од страна на ОДС, како на пример, дејствија од трети лица кои предизвикале дефекти во електроенергетски објекти, при ископ, кражба, сечење дрва, сообраќајна несреќа како и пожар заради хаварии во постројки сопственост на трети лица,
3) испад во електропреносниот систем на Република Северна Македонија, испад кај производителот на електрична енергија, испад во друга мрежа што повратно влијае врз

дистрибутивната мрежа или испад во друга преносна мрежа поврзана со домашниот електропреносен систем,

4) причини од ОДС, односно испади од непознати причини, технички грешки при манипулации, неправилна функција на ЕСМент од електроенергетски објект, фабрички грешки во материјалите, застареност на електроенергетската опрема и причини кои се во непосредна врска со режимот на работа на мрежата, како и оштетувања од трети лица кои работат по налог на ОДС.
5) по барање на државни органи и снабдувач, односно прекини во напојувањето со електрична енергија на барање на полиција, центарот за управување со кризи, противпожарна служба, по барање на ОЕПС и по барање на снабдувач.

Член 85

Индикатори за мерење на континуитет на испорака на електрична енергија

(1) Континуитетот на испорака на електрична енергија на корисниците на дистрибутивната мрежа, се оценува со обработка на податоците за прекини на 110 kV, 35 kV, 6 kV,10kV и 0,4 kV напонско ниво.

(2) Континуитетот на испорака на електрична енергија се однесува на прекини во испораката и се опишува преку број на прекини и времетраење на прекини.

(3) Прекините според времетрањето се групираат во, краткотрајни со времетраење помало или еднакво на 3 минути и долготрајни прекини со времетраење поголемо од 3 минути.

(4) При определување на индикаторите од овој член се обработуваат прекините со времетраење поголемо од 3 минути.

(5) Прекините во дистрибутивната мрежа предизвикани од виша сила, како и прекините во услови на прогласена електроенергетска кризна состојба, прекините кои се наложени од надлежни државни или судски органи и институции, односно прекини кои имаат за цел заштита на животот, здравјето или имотот на луѓето, се дел од статистичките извештаи, но се исклучуваат при утврдување на континуитетот на испорака на електрична енергија на корисниците на дистрибутивната мрежа.

(6) При определување на индикаторите за континуитет на испорака на електрична енергија на корисниците на дистрибутивната мрежа не се зема во пресметка вкупното времетраење на прекин кај корисниците во следните случаи:
1) кога дежурните екипи на ОДС имаат проблеми во пристапот до електроенергетските објекти кои се во сопственост на корисник на дистрибутивната мрежа, а кои се неопходни за воспоставување на снабдувањето со електрична енергија на останатите корисници на дистрибутивната мрежа. Откако ќе се обезбеди неопходниот пристап за дежурните екипи на ОДС, се пресметува времетраењето на прекинот се до моментот на обезбедување на напојување со електрична енергија за корисниците;
2) во случај на спреченост на дејствувањето на дежурните екипи на ОДС заради барање на корисник, бавно делување на персоналот на трети субјекти и наложено оддолжување на активностите заради инструкции од државни органи;
3) при дефект на ЕСМент од електроенергетски објект кој е во сопственост на корисник, времетраењето на прекин ќе се пресметува се до моментот кога дежурната екипа на ОДС го локализира дефектното место, го исклучи електроенергетскиот објект од дистрибутивната мрежа и го извести корисникот за дефектот;
4) при планирани прекини заради реализација на технички зафати во ТС 10(6)/0,4kV која е во сопственост на корисник на дистрибутивната мрежа, а се на барање на корисникот или на барање на ОДС, за кои претходно ОДС се договорил со корисниците кои се приклучени на електроенергетскиот објект за најповолното време за прекин во напојувањето со електрична енергија;
5) нерасчистени патишта и терени заради снежни врнежи, лизгави патишта, поплава и пожар.

(7) Континутитетот на испорака на електрична енергија се мери преку индикатори со цел да се рефлектира ситуацијата во електродистрибутивниот систем.

(8) Индикатори за мерење на континуитетот на испорака на електрична енергија на корисниците на дистрибутивниот систем се:
1) Индикатор за просечно времетраење на прекини во дистрибутивниот систем (System Average Interruption Duration Index) – SAIDI
2) Индикатор за просечен број на прекини во дистрибутивниот систем (System Average Interruption Frequency Index) – SAIFI
3) Индикатор за просечно времетраење на прекин по потрошувач (Custumer Average Interruption Duration Index)- CAIDI

(9) Индикаторот за просечно времетраење на прекини во дистрибутивниот систем се пресметува на следниот начин и се изразува во минути по потрошувач годишно

$$SAIDI = \sum_{i=1}^{m} \frac{N_i}{N} \times t_i, \quad i = 1,2,3 \dots m$$

каде:

Ni - број на корисници засегнати од i – тиот прекин

ti – времетраење на I – тиот прекин (min)

m – број на прекини

N – вкупен број на корисници

(10) Индикатор за просечен број на прекини во дистрибутивниот систем, SAIFI, се пресметува на следниот начин и се изразува во прекин по потрошувач годишно:

$$SAIFI = \sum_{i=1}^{m} \frac{N_i}{N}, \qquad i = 1,2,3 \dots \dots m$$

каде:

m - број на прекини,

Ni - број на корисници засегнати од i – тиот прекин,

N - вкупен број на корисници

(11) Индикатор за просечно времетраење на прекин по потрошувач CAIDI, се пресметува на следниот начин и се изразува во min по потрошувач:

$$CAIDI = \frac{SAIDI}{SAIFI} \ (min \text{ по потрошувач})$$

Член 86

Потребни структурални податоци

(1) За пресметка на индикаторите на континуитетот на напојувањето со електрична енергија на корисниците на дистрибутивната мрежа, потребни се следниве структурални податоци:

1) број и инсталирана моќност на енергетските трансформатори ВН/СН,
2) точна вклопна состојба на дистрибутивната мрежа со ажурирани податоци за местоположбата на линиските раставувачи на среднонапонските водови,
3) број и инсталираната моќност на ТС 6/0,4kV
4) број на корисници по ТС 6/0,4kV, и
5) податоци за моменталното оптоварување на електроенергетските ЕСМенти.

(2) ОДС има обврска овие структурални податоци да ги собира и анализира.

Член 87

Собирање и обработка на податоците за прекините

(1) ОДС е должен да формира база на податоци за прекините во дистрибутивната мрежа. Записите за прекините и базата на податоци треба да ги внесе, обновува и чува.

(2) Секој прекин се евидентира посебно со податоци за датум, напонско ниво, напојна трансформаторска станица, електроенергетски ЕСМент, време на настанување на прекинот, време на вклучување, времетраење на прекин, опис на причината за прекинот и засегнат дистрибутивен конзум, кој вклучува број и инсталирана моќност на ТС 6/0,4kV, и број на корисници.

(3) Од податоците за прекините, се формира база на податоци за прекини, во која се внесуваат податоците за напонско ниво, напојна ТС ВН/СН kV, електроенергетски ЕСМент: ЕТР, 110 kV, 35 kV довод, 6kV извод, време на настанување на прекинот и време на вклучување, времетраење на прекинот во минути, засегнат дистрибутивен конзум: број и инсталирана моќност на ТС 6/0,4 kV кои останале без напон т.е. број на потрошувачи приклучени на засегнатите ТС 6/0,4 kV и причина за прекините.

(4)Податоците од прекините се користат за изработка на извештаи преку кои се согледува состојбата на дистрибутивната мрежа и нејзините критични делови, од аспект на доверливост и континуитет на напојувањето со електрична енергија на корисниците на дистрибутивната мрежа.

Член 88

Статистички извештаи

(1) ОДС има обврска да ги евидентира и анализира прекините во дистрибутивната мрежа.

(2) ОДС треба да изработува извештаи и ги доставува извештаите со податоци за континуитетот во испораката на електрична енергија, на барање на РКЕ.

(3) Извештајот од ставот (2) од овој член содржи податоци за сите долготрајни и краткотрајни прекини (планирани и непланирани) во дистрибутивната мрежа на ОДС, по напонско ниво.

Член 89

Следење и подобрување на континуитетот во испораката на електрична енергија

(1) ОДС е должен да ги следи, контролира и подобрува следниве индекси за континуитет во снабдувањето со електрична енергија:

1) SAIFI
2) SAIDI

(2) ОДС треба да води база на податоци за индексите наведени во ставот (1) од овој член.

(3) На основ на вредности за контрола на индексите од ставот (1) од овој член, ОДС прави пресметки и одредува мерки за подобрување на истите, согласно овие Мрежни правила и важечките стандарди и прописи.

(4) Прекините на 0,4 kV напонско ниво не се обработуваат, а 0,4 kV напонско ниво се оценува индиректно со времето на прекините предизвикани во среднонапонската мрежа, со што се опфатени корисниците во нисконапонската мрежа.

(5) ОДС има обврска секоја година да доставува извештаи до РКЕ, со релевантни статистички податоци за подобрување на индексите за континуитет во испораката на електрична енергија и поплаките поврзани за истите.

(6) ОДС треба да дефинира целни нивоа за индексите за континуитет во снабдувањето и план за постигнување на истите.

(7) Производителот има право на надоместок на штета настаната поради намалена испорака или прекин во испораката на произведената електрична енергија при непланиран прекин или намалена испорака во нормален режим на работа, настанат по вина на ОДС.

(8) ОДС на производителот и на потрошувачот на електрична енергија приклучени на електродистрибутивниот систем му ја надоместуваат штетата настаната поради намалување на квалитетот на испорачаната електрична енергија утврден со овие Мрежни правила или прекин во испораката на електрична енергија настанати по вина на операторот под услови и на начин утврдени во Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија.

5.4 КВАЛИТЕТ НА УСЛУГА

Член 90

Услуги кои ги обезбедува ОДС на корисниците на дистрибутивната мрежа

(1) Услугите кои ги обезбедува ОДС кон корисниците на дистрибутивната мрежа се:

1) Комерцијални услуги;
2) Информативни услуги;
3) Посебни услуги;

(2) Комерцијалните услуги ги опфаќаат сите услуги кои се на барање на корисниците на дистрибутивната мрежа и кои се наплаќаат согласно ценовник за услуги на ОДС, претходно одобрен од РКЕ. Доколку

комерцијалната услуга не е исполнета согласно комерцијалниот договор за истата, ОДС е должен да го обештети барателот на услугата.

(3) Кратка листа на комерцијални услуги:

1) Стандарден приклучок
2) Нестандарден приклучок
3) Времен приклучок
4) Дислокација на ЕЕО
5) Барање за исклучување од дистрибутивниот систем
6) Услуги поврзани со работа на СН и НН дистрибутивна мрежа
7) Останати услуги.

(4) Информативните услуги ги опфаќаат сите услуги кои се на барање на корисниците на дистрибутивната мрежа и кои се од информативен карактер и истите не се наплаќаат.

(5) Кратка листа на информативни услуги:

1) Одговор на поплаки
2) Одговор на барања
3) Одговор на прашања
4) Давање информации за услуги

(6) Посебни услуги опфаќаат услуги кои се на барање на корисник и не се опфатени со горенаведените услуги кои ги обезбедува ОДС и се наплаќаат според посебен договор со ОДС.

Член 91

Индикатори за квалитет на услугите

(1) Индикатор за квалитет на дадена услуга е времето за одговор на барањето.

(2) Доколку услугата е од комерцијален карактер, индикатор за квалитет претставува времето на реализација на барањето по доставен доказ за извршена уплата за соодветната барана услуга.

(3) Доколку комерцијалната услуга опфаќа и технички дел, индикатор за квалитет претставува и времето за реализација на техничкиот дел од побараната и реализирана услуга.

(4) Доколку услугата е од информативен карактер, индикатор за квалитет претставува времето на доставениот одговор и/или информација.

Член 92

Обврски на ОДС по однос на услугите

(1) ОДС има обврска да врши мерење и анализа на услугите кои ги обезбедува на своите корисници;

(2) ОДС има обврска на годишно ниво да ги подобрува индикаторите за квалитет на своите услуги;

(3) За што е можно поквалитетно следење на квалитетот на услугите, ОДС треба да организира собирање, обработка и база на податоци потребна за пресметување на индикаторите кои го определуваат квалитетот на услугите.

(4) На основ на вредности за контрола на квалитетот на услугите, ОДС прави пресметки и одредува мерки за подобрување на истите, согласно овие Мрежни правила и важечките стандарди и прописи.

(5) ОДС има обврска секоја година да доставува извештаи до РКЕ, со релевантни статистички податоци за подобрување на услугите и поплаките поврзани за истите.

6. ОПЕРАТИВНИ ПРАВИЛА

Член 93

Општи принципи

ОДС е надлежен и одговорен за оперативно планирање и за управување на дистрибутивниот систем, и тоа од приклучните места на преносниот систем до крајните корисници, приклучени на дистрибутивниот систем, вклучувајќи ги и мерните уреди кај корисниците.

6.1 ОПЕРАТИВНО ПЛАНИРАЊЕ

Член 94
Вовед

(1) Оперативното планирање на режимот на работа на дистрибутивниот систем е процес на превентивно превземање на активности за обезбедување на оптимален режим на работа за:
   1) сигурна и доверлива испорака со електрична енергија на корисниците на дистрибутивниот систем и
   2) реализација на одржување, реконструкција и развој на дистрибутивниот систем, како и приклучување на нови корисници на дистрибутивниот систем.

(2) ОДС изработува оперативни планови за изградба, реконструкција, редовно и инвестиционо одржување како и за интервентни зафати на дистрибутивниот систем заради осигурување безбеден режим на работа на дистрибутивниот систем.

(3) ОДС ја усогласува изведбата на оперативните планови со ОЕПС (по потреба) и со засегнатите корисници на дистрибутивниот систем.

Член 95
Оперативни планови

Со цел обезбедување сигурно, доверливо и ефикасно управување и водење на дистрибутивниот систем, ОДС изготвува оперативни планови, по напонско ниво (110 kV, 35 kV и 6 kV напонско ниво), и тоа:
   1) годишен оперативен план, за наредната година, кој ОДС го донесува најдоцна до 30 -ти ноември;
   2) месечен оперативен план, за наредниот месец, кој ОДС го донесува најдоцна до 25-тиот ден;
   3) седмичен оперативен план за наредната седмица, кој ОДС го донесува најдоцна до вторник, до 12:00 часот;

Член 96
Постапка

(1) ОДС ги собира податоците за корисниците на дистрибутивниот систем, потребни за прогнозирање на тековните/годишните потреби од електрична енергија и моќност, податоци за предвидувањата за месечната потрошувачка,податоци за максималните и минималните оптоварувања на дистрибутивниот систем

(2) ОДС врши обработка на податоците од ставот (1) на овој член и оперативна анализа, која опфаќа планирање на тековното работење, режим на работа во реално време и анализа на погонот по случување на настаните и при тоа се презвземаат следните активности:
   1) испитувања потребни за планирање на одржувањето на дистрибутивниот систем;
   2) пресметка на ангажираноста на капацитетот на дистрибутивниот систем; и
   3) проверка на доверливоста на дистрибутивниот систем.

Член 97
Координација за планираните активности во дистрибутивниот систем на точките на поврзување со преносниот систем

(1) ОДС доставува до ОЕПС, Предлог годишен оперативен план за планирани активности на електроенергетските објекти и опрема, на точките на поврзување со преносниот систем, за наредната година, најдоцна до 31 октомври од тековната година.

(2) Предлог планот од ставот (1) на овој член особено содржи:
   1) идентификација на електроенергетскиот објект и опремата;
   2) планирано времетраење на планираната активност, и
   3) предлог за датумот и за часот на почеток на планираната активност или за временски период во кој може да се реализира.

(3) По извршените консултации и координација меѓу ОЕПС и ОДС, како и со поединечните засегнати корисници, се утврдува Годишен оперативен план за планирани активности на електроенергетските објекти и опрема, на точките на поврзување со преносниот систем, за наредната година, најдоцна до 30 ноември од тековната година.

(4) Планот од ставот (3) на овој член може да се измени само со согласност дадена од ОЕПС и засегнатите корисници

Член 98

План за одржување на дистрибутивниот систем

(1) ОДС изготвува План за одржување на дистрибутивниот систем за наредната година најдоцна до 30-ти ноември од тековната година и го доставува до РКЕ. По одобрувањето од страна на РКЕ, операторот на електродистрибутивниот систем го објавува Планот за одржување на дистрибутивниот систем на својата веб страница.

(2) При изработката на планот од ставот (1) на овој член се земаат во предвид предлог плановите за одржување на производните постројки доставени од производителите и извршените консултации и усогласувања на одделните корисници на дистрибутивниот систем. Производителите на електрична енергија најдоцна до 30 септември од тековната година доставуваат до ОДС, предлог - план за одржување на производните постројки за наредната година.

Член 99

Процедури за исклучување

ОДС треба да донесе и објави процедури за исклучување на објекти или на делови од дистрибутивниот систем, опфатени со планот за одржување на дистрибутивниот систем членот 98 од овие Мрежни правила.

6.2 УПРАВУВАЊЕ СО ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ

Член 100

Вовед

(1) Целта на управувањето со дистрибутивниот систем е да се обезбеди доверлива и квалитетна испорака на електрична енергија на корисниците на дистрибутивниот систем, согласно Законот за енергетика, овие Мрежни правила и важечките технички стандарди и прописи.

(2) Управувањето со дистрибутивниот систем ги опфаќа следните активности:

1) надзор и контрола на работата на дистрибутивниот систем;
2) оперативно управување со дистрибутивниот систем;
3) спроведување на оперативните планови,
4) детектирање и лоцирање на дефектите и ограничување на влијанието на пречките од дефектите настанати во дистрибутивниот систем,
5) усогласување на манипулациите во дистрибутивниот систем со ОЕПС, и
6) обезбедување на дополнителни услуги во дистрибутивниот систем по барање на корисниците на дистрибутивниот систем.

Член 101

Надзор и контрола на работата на дистрибутивниот систем

(1) ОДС врши надзор и контрола на работата на дистрибутивниот систем, врз основа на информациите добиени од:

1) Командните центри на двете трафостаници ТС Север и ТС Југ во Подружница Енергетика и ADVANCED системот во дирекција.
2) ОЕПС, преку писмени дописи, факсови, електронска пошта и преку далечинско отчитување на податоци (on-line), од системите за далечинско управување;
3) трансформаторски станици, во кои постои 24-часовен персонал (вклопничари) со евиденција со писмени записи;
4) производителите, преку телефон, електронски или писмени записи, и на друг начин;
5) службите за одржување и дежурните електромонтери, преку телефон и со писмени дописи.

Член 102

Планирање на телекомуникациски системи

ОДС е должен да обезбеди ефикасна комуникација меѓу дистрибутивниот диспечерски центар и трансформаторските станици од дистрибутивниот систем, поради што е потребно да планира развој на телекомунакциските системи за управување на дистрибутивниот систем.

Член 103

Размена на информациите за оперативно водење на дистрибутивниот систем

ОДС разменува информации за одредена точка од дистрибутивниот систем со ОЕПС и со одредени корисници на дистрибутивниот систем, особено за:

1) положбата на одделна разделна опрема;
2) вредноста на одделни мерни големини (струјата, напонот, активната и реактивната моќност, фреквенцијата);
3) одделни аларми од делот на трансформаторската станица;
4) податоците за дејствување на заштитата во трансформаторската станица;
5) настаните на местото на разграничување.

Член 104

Анализа на работата на дистрибутивниот систем

(1) ОДС дневно извршува анализа на работата на дистрибутивниот систем и подготвува месечни, полугодишни и годишни извештаи за вклопните состојби на дистрибутивниот систем, за настаните и за загубите во дистрибутивниот систем.

(2) Врз основа на анализите, ОДС подготвува статистички извештај за нарушувањата во дистрибутивниот систем и истот го доставува до РКЕ, по нивно барање.

(3) Врз основа на анализата на работата на дистрибутивниот систем, ОДС предлага и/или презема мерки за подобрување на сигурноста на работата на дистрибутивниот систем.

Член 105

Загуби во дистрибутивниот систем

(1) ОДС ги следи, ги анализира и ги пресметува загубите во дистрибутивниот систем.

(2) ОДС е должен да изработи План за намалување на загубите во дистрибутивниот систем до РКЕ, заради одобрување.

(3) ОДС предлага решенија и презема мерки за намалување на загубите, при што е потребно да бидат исполнети условите за нормален режим на работа на дистрибутивниот систем.

(4) ОДС доставува годишни извештаи до РКЕ за реализација на планот од ставот (2) на овој член како и за преземените мерки за намалување на загубите во дистрибутивниот систем доколку се превземени одредени активности за намалување на загубите.

Член 106

Режим на работа на дистрибутивниот систем

Работењето на дистрибутивниот систем може да биде во нормален режим на работа, во нарушен режим на работа и во вонреден режим на работа.

Член 107

Нормален режим на работа на дистрибутивниот систем

Нормален режим на работа на дистрибутивниот систем е кога:

1) потрошувачите се снабдуваат со електрична енергија преку дистрибутивниот систем;
2) производителите на електрична енергија испорачуваат електрична енергија преку дистрибутивниот систем;
3) напоните во мрежата, како и во точката на приклучување на корисниците на дистрибутивниот систем, се во пропишаните граници на отстапување од номиналниот напон;
4) оптоварувањата на сите ЕСМенти на дистрибутивниот систем се помали од технички дозволените вредности; и
5) моќностите на куса врска во сите јазли на дистрибутивниот систем се помали од прекинувачката моќност на соодветните прекинувачи.

Член 108

Нарушен режим на работа

(1) Нарушен режим на работа на дистрибутивниот систем е кога постојат отстапувања од нормалниот режим на работа, дефиниран во членот 107 од овие Мрежни правила.

(2) Во случај на појава на нарушен режим на работа на дистрибутивниот систем, ОДС е надлежен и одговорен за спроведување на сите потребни мерки за:

1) локализирање и изолирање на причините за нарушениот режим на работа;
2) спречување на понатомошно ширење на нарушувањето;
3) обезбедување на снабдување со електрична енергија, на што е можно поголем број корисници; и
4) воспоставување на нормален режим на работа.

(3) При примена на мерките во услови на нарушен режим на работа, ОДС е должен да ги утврди причините за нарушениот режим и да воспостави нова конфигурација на дистрибутивниот систем, врз основа на добиените информации согласно членот 107 од овие Мрежни правила.

Член 109

Обезбедување информации во услови на нарушен режим на работа

(1) При нарушен режим на работа на дистрибутивниот систем, по барање на ОДС, корисниците на дистрибутивниот систем се должни да доставаат соодветни информации, поврзани со појавата на нарушениот режим на работа.

(2) ОДС треба да ги зачува сите записи за нарушениот режим на работа на дистрибутивниот систем.

(3) На барање на корисникот на дистрибутивниот систем, ОДС треба да обезбеди увид во записот за нарушениот режим на работа.

Член 110

Вонреден режим на работа

(1) Вонреден режим на работа на дистрибутивниот систем настанува во случаи кога постои опасност од прекин на испораката со електрична енергија на голем дистрибутивен регион при испаѓање на дел од дистрибутивниот систем или кога постои опасност од распаѓање на електроенергетскиот систем поради:

1) испаѓање на дел од преносниот систем;
2) испаѓање на производни единици;
3) пад на фреквенцијата во електроенергетскиот систем на 49,00 Hz, или под 49,00 Hz
4) преоптоварување на дел од опремата;
5) недостиг на енергија.

(2) Во случај на вонреден режим на работа на дистрибутивниот систем или на електроенергетскиот систем, ОДС може, без претходна најава, да исклучи одредени корисници на дистрибутивниот систем заради спречување на понатамошно ширење на нарушувањата.

(3) ОДС е должен да постапува согласно Законот за енергетика и Уредбата за критериумите и условите за прогласување на енергетска кризна состојба.

Член 111

Договор за управување со електроенергетски објекти

(1) Корисникот на дистрибутивниот систем може да побара од ОДС да врши управување на електроенергетски објекти во сопственост на корисникот, за што двете страни склучуваат Договор за управување со електроенергетскиот објект.

(2) Доколку договорот од став (1) на овој член не се склучи, корисникот на дистрибутивниот систем е должен да му овозможи на ОДС пристап до неговиот електроенергетски објект и да му овозможи управување со дистрибутивниот систем.

Член 112

Одговорност на производител на електрична енергија

(1) Производителот на електрична енергија е должен да обезбеди далечински пренос на податоците и далечинско управување со прекинувачите на моќност.

(2) Производителот на електрична енергија е должен да обезбеди функционалност на електричната централа, како и паралелна работа со дистрибутивниот систем.

(3) Во случај на нарушен режим на електричната централа или привремена спреченост за работа, производителот на електрична енергија е должен да го извести ОДС.

(4) ОДС е должен да го извести производителот на електрична енергија за прекинот или ограничувањето во превземањето на електрична енергија од електричната централа.

(5) Производителот на електрична енергија треба да прави редовни прегледи, испитувања на опремата за заштита и опремата која ја осигурува паралелната работа на електричната централа. Извештаите од извршените прегледи, испитувања и мерења, производителот на електрична енергија треба да му ги достави на ОДС на негово барање.

(6) Производителот е должен навремено да доставува годишни, месечни, неделни и дневни планови за произвотство на електрична енергија до ОДС.

Член 113

План за ограничување на потрошувачката

(1) ОДС е должен да изготви план за ограничување на потрошувачката, кој треба да е во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија.

(2) Планот од ставот (1) на овој член содржи постапки со кои се дефинира начинот на органичување на потрошувачката со намалување на напонот и/или преку исклучување на одредени корисници на дистрибутивниот систем, во случај на вонреден режим на работа и виша сила.

(3)Со планот од ставот (1) на овој член се дефинираат групи на корисници на дистрибутивниот систем кои ќе бидат исклучени, како и распоред и времетраење на исклучувањето на овие групи, во зависност од големината на недостатокот на моќноста или на електричната енергија во електроенергетскиот систем.

(4)Во случај на ограничување на потрошувачката, во согласност со планот од ставот (1) од овој член, ОДС и снабдувачот немаат обврска неиспорачаната електрична енергија дополнително да им ја испорачаат на корисниците на дистрибутивниот систем.

Член 114

Ургентно намалување на оптоварувањето

(1) ОДС е должен веднаш да дејствува оперативно по барање на ОЕПС, во случај на нарушен и вонреден режим на работа.

(2) Во случаите од ставот (1) од овој член, ОДС има право, преку системот за далечинско управување или преку ЕСМентите за управување по одделни трансформаторски станици во кои постои 24-часовен персонал (вклопничари), да исклучи одредена група корисници.

(3) По престанувањето на причините за привременото исклучување, ОДС, што е можно побрзо, повторно ги приклучува корисниците на дистрибутивниот систем.

(4) ОДС е должен да ги информира корисниците на дистрибутивниот систем за превземените дејства од ставот (1) на овој член.

(5) ОДС е должен да достави информација до РКЕ за превземените дејства од ставот (1) на овој член.

Член 115

Исклучување на корисник на дистрибутивниот систем

(1) ОДС има право да го исклучи корисникот на дистрибутивниот систем во случај ако:

1) Во случај на неовластено превземање на електрична енергија во согласност со членот 160 од овие Мрежни правила;
2) Корисникот не дозволува пристап на имотот кој е во негова сопственост или во негово владение заради спречување ОДС да врши мерење, отчитување, контрола, баждарење, замена, вградување, дислокација на мерни уреди и на опрема, или да утврдат дали се врши кражба на електрична енергија преку приклучокот;
3) Постоечкиот корисник одбие и не склучи Договор за снабдување со електрична енергија со снабдувачот;
4) Исклучувањето на корисникот е наложено од страна на надлежен суд или друг надлежен орган;

5) Користењето на електроенергетските објекти, опремата и инсталациите од корисникот на дистрибутивниот систем предизвикува непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето и имотот;
6) Корисникот побара од ОДС исклучување од дистрибутивниот систем;
7) Истече рокот на важење на Решението за согласност за приклучување на дистрибутивниот систем издадено во согласност со членот 25 од овие Мрежни правила;
8) Исклучување на корисникот по барање на снабдувачот, во согласност со одредбите од правилата за снабдување со електрична енергија.
9) Корисникот има неплатени обврски кон ОДС.

(2) По престанувањето на причините за исклучување на корисникот на дистрибутивниот систем, од ставот (1) на овој член, ОДС ќе изврши повторно приклучување на корисникот на дистрибутивниот систем, кој е должен да плати надомест, во согласност со ценовник кој, по претходно одобрување од РКЕ, го донесува и го објавува ОДС.

6.3 ЗАЕДНИЧКИ ОПЕРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

Член 116
Вовед

ОДС и корисниците на дистрибутивниот систем се должни да разменуваат оперативни информации, особено за:

1) проценката на можните ризици и презвемањето на соодветни интервенции;
2) за одредени интервенции и настани;
3) анализите на импликациите на одредена интервенција или на настан во дистрибутивниот систем; и
4) информациите од заеднички истраги на одредени настани.

Член 117
Известувања за интервенциите

(1) Корисниците на дистрибутивниот систем треба да доставуваат известувања за планираните интервенции врз прекинувачката опрема до ОДС најдоцна 72 часа пред планираниот почеток на интервенцијата.
(2) Производителот на електрична енергија треба да доставува известувања за синхронизацијата на генераторските единици до ОДС.
(3) Известувањата од ставовит (1) и (2) на овој член треба да содржат доволно податоци за интервенцијата, за да се овозможи ОДС да ги анализира и оцени последиците и ризиците од планираната интервенција врз работата на дистрибутивниот систем.
(4) По усогласувањето на известувањата помеѓу ОДС и корисниците на дистрибутивниот систем, ОДС навремено ги врши потребните подготвителни работи во дистрибутивниот систем и ги известува корисниците опфатени со планираната интервенција.

Член 118
Известувања за настани во дистрибутивниот систем

(1) Корисниците на дистрибутивниот систем се должни да доставуваат до ОДС известувања кои содржат податоци за настани во дистрибутивниот систем за следните случаи:
1) кога погонските услови на електроенергетскиот објект или на дел од опремата го надминуваат дозволениот капацитет и можат да претставуваат ризик за лицата што работат со нив;
2) при активирање на кој било аларм или индикација за работни услови кои отстапуваат од нормалните;
3) при нарушувања во испораката со електрична енергија;
4) при прекин или при дефект во електроенергетскиот објект или на дел од опремата;
5) при прекин или при дефект на системот за управување, системот за комуникации, или на мерниот систем;
6) при инциденти поврзани со луѓе; и

7) при пожари, еколошки инциденти и при други ургентни настани кои имале неповолно влијание врз нормалниот режим на работа.

(2) Во случај кога се работи за точките на приклучување со преносниот систем, ОДС е должен да ги доставува известувањата за случаите од ставот (1) на овој член до ОЕПС.

6.4 ПРОГНОЗИ ЗА ПОТРЕБИТЕ ОД ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ

Член 119
Годишни, петгодишни и десетгодишни прогнози

ОДС изработува и најдоцна до 31 октомври секоја година доставува до РКЕ едногодишни, петгодишни и десетгодишни прогнози за потребите од електрична енергија за дистрибутивниот систем со кој управува.

Член 120
Доставување на податоци

За изработка на прогнозите од ленот 119 од овие Мрежни правила, потребно е да се достават следните податоци до ОДС:

1) Снабдувачите до 15 октомври секоја година да достават објективни проценки за минимална и максимална моќност MW и MVAr превземена од ОДС или од производител по месеци за периодот за кој се однесува прогнозата;
2) Снабдувачите до 15 октомври секоја година да достават објективна проценка на потрошувачката на електрична енергија (MWh и MVArh) по месеци за периодот за кој се однесува прогнозата;
3) Производителот на електрична енергија треба да достави до крајот на јули секоја година објективна проценка за производство на електрична енергија и моќност за секој производен капацитет, за секој месец од годината.

6.5 КООРДИНАЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА

Член 121
Систем за координација на безбедноста во дистрибутивниот систем

(1) ОДС воспоставува систем за координација на безбедноста во дистрибутивниот систем и донесува правила и упатства во кои се дефинираат принципите и постапките за безбедносните мерки и процеси за работа, а кои произлегуваат од закон, технички стандарди и прописи.

(2) Корисникот на дистрибутивниот систем е должен да се придржува кон воспоставениот системот за координација на безбедноста во дистрибутивниот систем.

(3) Системот за координација на безбедност во дистрибутивниот систем треба да го вклучува и следното:

1) водење на диспечерска книга
2) описот на планираните зафати, тестирања или на мониторинг на ЕСМентите на дистрибутивниот систем и усвоените процеси за работа;
3) потребните безбедносни мерки за заштита при работа и заштита на околината ; и
4) временскиот распоред на потребните известувања при усвоениот процес на работа.

(4) ОДС е должен да води диспечерска книга, записи за доверливост на системите за комуникација, податоци од системот за надзор и управување, мерни податоци и истите е должен да ги чува најмалку десет години.

Член 122
Документација за Системот за координација на безбедноста

(1) ОДС и корисниците на дистрибутивниот систем треба, секој во сопствениот систем за документација за настани и интервенции во дистрибутивниот систем, да ја внесат и целата документација за преземените безбедносни мерки за заштита при работа и за заштита на околината, предвидени со Системот за координација на безбедноста во дистрибутивниот систем на точките на приклучување на корисникот на дистрибутивниот систем.

(2) Оваа документација треба да биде чувана најмалку пет години од моментот на настанот или на интервенцијата.

Член 123

Систем за координација на безбедноста на точките на поврзување со преносниот систем

(1) Работата и управувањето со далекуводните полиња во кои постојат точки на поврзување меѓу преносниот и дистрибутивниот систем се дефинирани помеѓу ОДС и ОПС со посебен протокол, кој вклучува и мерки за безбедно работење и заштита на околината, кои се дел од Системите за координација на безбедноста во преносниот и дистрибутивниот систем.

(2) Системот за координација на безбедноста во дистрибутивниот систем треба да опфати и снимање и архивирање на преземените мерки, во согласност со пропишаните безбедносни постапки, кога се изведува работа на електроенергетски објект и/или на опрема на границата на разграничување и на управување.

Член 124

Примена на Системот за координација на безбедноста

(1) За секоја интервенција во точките на поврзување на преносниот и дистрибутивниот систем треба да се води документација со соодветни обрасци, договорени и прифатени од двете страни.

(2) Во обрасците треба да се наведат сите потребни постапки за реализирање на предвидената интервенција, вклучувајќи и исклучувања, изолирање на работното место од пробив на напон, потребни заземјувања, опис на предвидената интервенција, како и кој е одговорен за обезбедувањето на мерките за безбедноста, односно да биде опфатен целокупниот процес за реализација. По извршената интервенција треба да бидат дефинирани активностите/постапките за повторно воспоставување на нормалниот режим на работа на дистрибутивниот систем.

(3) По извршувањето на интервенцијата потребно е да се изготви извештај за почитување на постапките, предвидени со системот за координација на безбедноста, прифатен од ОДС и ОПС.

Член 125

Безбедност за заштита на околината

(1) При секоја интервенција во дистрибутивниот систем, потребно е да се осигура безбедноста на околината на местото на интервенцијата, од аспект на исполнување на стандардите за заштита на животната средина.

(2) Доколку при одделни интервенции постојат ризици од контаминација или слично, треба да се преземат следните мерки за безбедност на околината:

1) запознавање на персоналот со потенцијалните ризици;
2) обезбедување на деконтаминирачка опрема и материјали и
3) пропишување процедура за постапки во таков случај.

6.6 ОДРЖУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ

Член 126

Поим за одржување

Под одржување на дистрибутивниот систем се подразбира збир од организирани технички и административни активности кои треба да бидат превземени со цел да се зачуват во најдобра оперативна состојба, односно техничка исправност, електроенергетските објекти кои се дел од дистрибутивниот систем.

Член 127

Упатства и прирачници за одржување

(1) ОДС треба да изработи соодветни упатства-прирачници за одржување на дистрибутивниот систем, со дефинирани активности, дефиниран обем и зачестеност, односно периодичност на нивното извршување,

како и начинот и формата на нивно документирање, како што се прегледи и контроли, испитувања, ревизии и ремонти на објектите.

(2) Упатствата-прирачниците за одржување ОДС ги изработува за надземни подземни водови по напонско ниво и трансформаторски станици по трансформација, кои се во негова сопственост.

Член 128

Активности за одржување

Во одржувањето на дистрибутивниот систем треба да бидат опфатени:

1) активности со кои треба да се утврдуваат состојбите на поединечните делови и ЕСМенти кои го сочинуваат дистрибутивниот систем
   -прегледи – контроли; и
   -испитувања и ревизии.
2) Активности со кои треба да се доведат во технички исправна состојба поединечните делови и елементи односно дистрибутивниот систем во целина
   -поправки и отстранување на недостатоци,
   -отклонување на дефекти, и
   -ремонти.

Член 129

Одржување на објекти кои не се во сопственост на ОДС

(1) ОДС има обврска за одржување на електроенергетските објекти кои се дел од дистрибутивниот систем и не се во негова сопственост и тоа:

1) Електроенергетски објекти кои се составен дел од дистрибутивниот систем, изградени со средства и се во сопственост на корисници на дистрибутивниот систем, а не се составен дел од приклучокот што го користи исклучиво сопственикот на електроенергетскиот објект.

(2) За електроенергетските објекти од овој член ставот (1), ОДС и сопственикот треба да склучат договор со кој ќе бидат регулирани меѓусебните права и обврски што произлегуваат од користењето на објектот од страна на ОДС, со следните основни принципи:

1) Обврска на ОДС
   - да ги врши превентивните активности како прегледи односно контроли, ревизии и испитувања;
   да го известува сопственикот за утврдените недостатоци и предлага мерки за нивно отстранување
2) Обврска на сопственикот
   - да не го попречува понатамошниот развој на дистрибутивниот систем
3) Заеднички обврски
   - трошоците за одржување и отстранување на дефекти, да бидат поделени помеѓу ОДС и сопственикот, соодветно на користените капацитети,
   - во случај на непотпишување на меѓусебен договор, или спор при утврдување на учеството во трошоците за одржување или поправка на дефект, ќе посредува РКЕ.

Член 130

Одржување на објект во сопственост на корисник

Корисникот кој го изградил со свои средства приклучокот, и го задржал во своја сопственост, и е дел од дистрибутивниот систем, должен е да обезбеди одржување на приклучокот на начин и критериуми кои важат за електроенергетските објекти во сопственост на ОДС. За реализација на оваа обврска должен е да склучи договор за одржување:

1) со ОДС во делот на активности од одржувањето со кои треба да се утврдуваат состојбите на поединечните делови и ЕСМенти од приклучокот, со
   - прегледи - контроли и
   - испитувања и ревизии
2) со лиценцирана фирма за изградба и одржување на таков вид објекти, во делот на активности од одржувањето, со кои треба да се доведат во технички исправна состојба поединечните делови и ЕСМенти од приклучокот со

- поправки и отстранување на недостатоци,
- отклонување на дефекти, и
- ремонти

6.7 ЗАШТИТЕН ПОЈАС

Член 131
Изградба и изведување на работи во близина на енергетски објекти

(1) ОДС утврдува посебни услови при изградба и изведување на работи во близина на енергетски објекти (под, над и покрај), согласно Законот за енергетика, други важечки прописи, правилници и со овие Мрежни правила.

(2) Со посебни услови од став (1) на овој член се утврдува оддалеченост и/или висина, односно растојание од електроенерегетскиот објект, техничките и проектираните решенија, заштитни мерки и активности, со цел спречување на несакани влијанија, земајќи ги предвид посебните прописи во врска со:

1) заштита при работа,
2) заштита од пожар,
3) заштита на животната средина и природата,
4) спречување на влијание на електроенергетските објекти на постројки и инсталации на корисниците на мрежата, делови од комуналната и друга јавна инфраструктура, како и обратно.

Член 132
Заштитен појас

(1) Површината и просторот, под, над и покрај дистрибутивните електроенергетски објекти, потребен за просторно планирање, заштита и одржување на истите, во кој не е дозволено да се изведуваат работи односно да се гради без согласност на ОДС претставува заштитен појас на дистрибутивните електроенергетски објекти.

(2) Ширина на заштитениот појас изнесува:

1) 20 метри од оската на изводот, за надземен вод со номинален напон 110 kV
2) 6 метри од оската на изводот, за подземен кабелски вод со номинален напон 110 kV
3) 3 метри од оската на изводот, за подземен кабелски вод со номинален напод од 35 kV
4) 1 метар од оската на изводот, за подземен кабелски вод со номинален напон од 1 kV до 6 kV
5) 15 метри од надворешниот раб на оградата или ѕидот, за трансформаторска станица со номинален напон 110 kV и 35 kV
6) 2 метри, за трансформаторска станица и раводна постојка со номинален напон од 1 kV до 6 kV, освен трансформаторски станици и разводни постројки чија опрема е вградена во посебни простории на зграда.

(3) За кабелски подземни водови, ширината на заштитениот појас, се однесува и на работи кои се изведуваат под површината на земјата.

(4) Во случај на градба на објект, односно постројка и инсталации на корисник на дистрибутивната мрежа, како и изведување на други работи внатре во заштитениот појас, неопходно е корисникот да поднесе барање до ОДС за издавање на посебни услови, односно ОДС да издаде писмена согласност, со цел обезбедување на безбедност на електроенергетскиот објект, градбата, имотот, луѓето и животните.

(5) Со барањето за издавање на посебни услови, односно согласност за изведување на работи внатре во заштитениот појас, подносителот на барањето е должен да ја приложи соодветната документација врз основа на која го планира изведувањето на овие работи.

(6) ОДС е должен на подносителот на барањето од ставот (4) од овој член, да му одговори во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(7) Условите за изведување на работи во заштитениот појас се определуваат во согласност со одредбите од посебните закони, прописи, норми, правила на струката и интерните технички акти на ОДС, кои ги уредуваат техничките услови на изградба, погон и одржување на мрежата.

(8) Изведувачот на работите е должен навремено да го извести ОДС за точното време на отпочнување и планот за реализација на работите, согласно издадените услови односно согласноста на ОДС.

(9) Зафати во заштитен појас се спроведуваат во согласност со пропишаните посебни услови односно издадената согласност а изведување на работите.

(10) ОДС има право во заштитниот појас да превзема дополнителни мерки, како сечење вегетација и други слични активности, во случај ако оцени дека истите се потребни за безбедно функционирање на дистрибутивниот систем, заштита од пожар, заштита природата.

7. ПРАВИЛА ЗА МЕРЕЊЕ

7.1 ВОВЕД

Член 133
Општи принципи

(1) Со правилата за мерење се одредени условите за мерење, собирање и за размена на измерените параметри на електричната енергија на пресметковните мерни места во дистрибутивниот систем, заради овозможување на транспарентни и недискриминаторни односи помеѓу ОДС, од една страна, и корисниците приклучени на дистрибутивниот систем, од друга страна.

(2) Овие правила за мерење се применуваат на пресметковните мерни места на корисниците на дистрибутивниот систем, како и на контролните мерни места.

(3) Со овие правила за мерење се утврдуваат:

1) одговорноста и надлежноста на ОДС и на корисниците на дистрибутивниот систем;
2) техничките и погонските карактеристики на мерните уреди;
3) класата на точност на броилата и мерните трансформатори;
4) одобрувањето и регистрирање на броилата;
5) извршувањето на мерните услуги; и
6) сопственоста над мерната опрема.

7.2 МЕСТО НА ИСПОРАКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ПРЕСМЕТКОВНО МЕРНО МЕСТО

Член 134
Место на испорака

Местото на испорака на електрична енергија го утврдува ОДС, во зависност од техничките можности на самото место и истото може да биде во или надвор од границите на имотот на корисникот на дистрибутивниот систем.

Член 135
Пресметковно мерно место

(1) На пресметковното мерно место се вградуваат и се користат исклучиво броила и мерни трансформатори кои имаат типско одобрение и важечки сертификат.

(2) Местоположбата на пресметковното мерно место ја утврдува ОДС.

(3)Пресметковното мерно место во секое време мора да биде пристапно за ОДС, за снабдувачот и за корисникот на дистрибутивниот систем, заради контрола, вградување, надзор, одржување, замена на мерната опрема, и/или читање на мерните уреди, исклучување на корисникот кога постапува спротивно на овие Мрежни правила и исклучување на потрошувачот по барање на снабдувачот.

Член 136
Контролно мерно место

(1) На мерните места на кои се врши мерење на параметрите на електричната енергија заради пресметка, ОДС може да постави контролни мерни уреди заради контрола на пресметковното мерно место.

(2) Местоположбата на контролните мерни уреди ја утврдува ОДС.

(3) Мерните уреди поставени на контролно мерно место треба да бидат со исти или подобри мерни карактеристики и класи на точност со мерните уреди на пресметковното мерно место.

7.2.1 Мерна опрема

Член 137
Мерна опрема

(1) Мерната опрема е во сопственост на ОДС.

(2) Составот, карактеристиките и местоположбата на мерната опрема ги одредува ОДС.

(3) ОДС е должен да води грижа за документацијата за мерната опрема.

(4) Мерната опрема мора да биде сместена во мерни ормари за да се обезбеди заштита од несоодветни температурни услови, од влага и од прашина, како и од оштетувања, од вибрации и од други влијанија.

(5) Приклучните клеми на мерните трансформатори, мерните приклучни кутии, осигурувачките уреди, броилата и сите нивни ЕСМенти, и уредите за управување со тарифи, како и другата опрема, преку која може да се влијае на точноста
и исправноста на мерењето и/или на пресметката за електричната енергија и/или моќност, мора да бидат пломбирани, од страна на ОДС.

(6) ОДС е должен да ги пломбира и/или да ги заклучи мерните ормари.

(7) ОДС се должни да регистрираат каква било повреда на ЕСМентите на мерното место и на пломбата.

(8) Пломбата мора да го содржи жигот на ОДС и да биде поставена на начин што оневозможува влијание врз мерењето и/или врз пресметката на електричната енергија и/или на моќноста.

(9) Во случај на директен или далечински комјутерски пристап до мерните податоци, пристапот кон податоците од пресметковното мерно место мора да биде заштитено со однапред доделено право на пристап и тоа за:

1) прибирање на мерните податоци;
2) за промена на времето и датумот;
3) за поставување параметри на нагодување, на тарифната програма и на останатите функции;
4) за одредбите на комуникациските параметри.

Член 138
Состав на мерна опрема

(1) Мерната опрема се состои од соодветна комбинација на:

1) мерни уреди:
   - броила,
   - мерни струјни и напонски трансформатори;
2) од мерни и поврзувачки водови и приклучници;
3) од осигурувачки ЕСМенти за заштита на мерните, на управувачките и на комуникациските уреди; и
4) од уреди за управување со тарифите:
   - уреди за далечинско управување со тарифите; и
   - комјутерска опрема за тарифирање.
5) од комуникациски уреди и медиуми:
   - уреди за складирање на мерните податоци;
   - уреди за далечински пренос на мерните вредности и
   - комуникациски медиуми (сопствени и/или изнајмени парици, оптички кабел, радио врска, ГСМ и други врски);
6) од уреди за пренапоска заштита на мерните ЕСМенти;
7) од останати уреди:
   - помошни релеа;
   - напојни единици;
   - напојни или одвојни трансформатори;
   - индикатори; и
   - мерни ормари.

(2) Мерните ормари се во сопственост на ОДС.

Член 139

Броила за електрична енергија

(1) Броилата за електрична енергија за директно мерење на низок напон се избираат така што вредноста на максималната струја на броилото да биде еднаква или поголема од струјата која одговара на одобрената едновремена максимална моќност.

(2) Броилата за електрична енергија за индиректно и полуиндиректно мерење мора да овозможат мерење на секундарните мерни големини и вредности на мерните трансформатори. Броилата мора да имаат покажувач на насоката на регистрирање на електричната енергија.

(3) На пресметковното мерно место каде е потребно двонасочно мерење на електричната енергија, броилата мора да ја мерат и да ја покажуваат електричната енергија во двете насоки.

Член 140

Интервално броило

(1) Интервалното броило е мерен уред кој мери електрични големини во зададен временски период и истите ги архивира во соодветен капацитет за сместување (меморија).

(2) Интервалното броило и/или останатата мерна опрема, со функциите за архивирање и за обработка (компјутерска) на мерните податоци, особено во функција на изработка на кривата на оптоварување, мора да обезбедат:

1) соодветен капацитет за сместување на записите за потрошената активна и реактивна енергија и за вредностите на активна и реактивна моќност во мерните периоди;
2) во случај на прекин на напонот, уредот треба да ги архивира сите податоци и да го задржи следењето на времето и датумот, за најмалку 30 дена без напојување;
3) постапката за читање на уредот за архивирани податоци, од страна на системот за собирање на мерните податоци, не смее да ги избрише или да ги измени архивираните податоци;
4) собирање на сите архивирани податоци во уредот, на барање на системот за собирање на мерни податоци и
5) мерните податоци може да се архивираат во интервално броило или во уред за архивирање на податоци.

Член 141

Мерни трансформатори

(1) Струјните мерни трансформатори се користат при полуиндиректни и индиректни мерења, а напонските мерни трансформатори се користат при индиректни мерења на електрична енергија.

(2) При полуиндиректно и индиректно мерење на електрична енергија, струјните мерни трансформатори можат да бидат непреспоиви или примарно преспоиви или секундарно преспоиви, а напонските мерни трансформатори можат да бидат секундарно преспоиви.

(3) Секундарната номинална струја на струјниот мерен трансформатор е 5А или 1А.

(4) Класата на точност на мерното јадро на струјните мерни трансформатори или на намотките на напонскиот мерен трансформатор мора да биде 0,5 или 0,5s или повисока класа на точност, а факторот на сигурност на струјните мерни јадра мора да биде еднаков на 10 или понизок од 10.

(5) Првото јадро на напонските и струјните мерни трансформатори секогаш се користи само и исклучиво за мерење на пресметковни вредности, а останатите јадра се користат за поврзување на дополнителните уреди, сопственост на ОДС.

(6) Пристапот на мерните трансформатори, кои се во функција на пресметковните мерења, мора да биде заштитен од можности за злоупотреба од: примарно преспојување, од вадење осигурувачи, од исклучување на разделувачи во мерното поле или од расплетот на секундарните кругови, кои имаат влијание на точноста на мерењето.

(7) На пресметковното мерно место може да се користат исклучиво мерни трансформатори кои имаат типско одобрение и важечки сертификат.

Член 142

Уреди за управување со тарифите

(1) Уредите за управување со тарифи кај интервалните броила мора да бидат синхронизирани и нагодени за средноевропско време.

(2) Вклопните часовници, интегрирани во броилата, се поставени по средноевропско време и на преминот на летно сметање на времето автоматски се поместуваат еден час понапред.

(3) Со излезниот контакт на уредот за управување со тарифите на броилото, не смее да се управуваат други уреди.

(4) Со уредот за управување со тарифите со единичен излезен контакт може, како исклучок, да се управуваат и други уреди, но само преку помошно реле кое мора да биде заштитено со пломба.

(5) Управувачките излези на броилото можат во исклучителни случаи да се користат за управување на други уреди ако тие излези не се потребни.

(6) Останатите уреди за управување со тарифите мора да одговараат на техничките услови за пресметковни мерни места.

Член 143

Уреди за архивирање на податоци

Уредите за архивирање на податоците мора да ги имаат следните карактеристики:

1) вграден уред за водење на точното време и можноста за далечинска синхронизација;
2) можност за архивирање на податоците во еден од избраните пресметковни мерни интервали;
3) можност за архивирање на податоците за моќноста и енергијата во избраниот пресметковен мерен интервал;
4) уред за архивирање на податоците од најмалку 30 дена;
5) можност за далечинска и за локална комуникација (поставување параметри и исчитување на уредот за архивирање, со однапред доделено право на пристап);
6) можност за архивирање на податоците и за водење на точното време, најмалку 30 дена од прекин на помошното напојување;
7) можност за архивирање на податоците по пат на импулсни влезови и/или по пат на директна комуникација со броилото;
8) да содржи показател на времето и датумот;
9) можност за локално поставување параметри на уредите, за прифаќање и за бришење на информациите за неправилните состојби;
10) да содржи архива за податоци за сопствените неправилни состојби и за неправилните состојби архивирани преку директна комуникација со броилата и
11) да содржи стандардни точки на поврзување за истовремена далечинска и локална комуникација.

7.2.2 Карактеристики на мерните уреди

Член 144

Карактеристики на мерни уреди за корисниците приклучени на дистрибутивниот систем

Броилата на пресметковното мерно место на корисниците приклучени на дистрибутивниот систем, мора најмалку да ги имаат следните карактеристики, мерни карактеристики и класи на точност:

1) На низок напон со одобрена едновремена максимална моќност до 80 kW, вклучувајќи и 80 kW:
   - -директно мерење; и
   - -броило за активна енергија со класа на точност 1, а за реактивна енергија со класа на точност 2;.
2) На низок напон со одобрена едновремена максимална моќност поголема од 80 kW:
   - -полуиндиректно мерење;
   - -струен мерен трансформатор со класа на точност 0,5 или 0,5s
   - -броила за активна енергија со класа на точност 0,5, а за реактивна енергија со класа на точност 2;
3) На среден напон:
   - -индиректно мерење;
   - -напонски мерен трансформатор со класа на точност 0,5 ,
   - -струен мерен трансформатор со класа на точност 0,5 или 0,5s

-броила за активна енергија со класа на точност 0,5, а за реактивна енергија класа на точност 2;

-архивирање на кривата на оптоварување; и

-собирање податоци преку систем за собирање на мерните податоци.

4) На висок напон:

-индиректно мерење;

-напонски мерен трансформатор со класа на точност 0,5 ;

-струен мерен трансформатор со класа на точност 0,5 или 0,5s

-броила за активна енергија со класа на точност 0,5s (C), а за реактивна енергија со класа на точност 2;

-архивирање на кривата на оптоварување; и

-собирање податоци преку систем за собирање на мерните податоци;

Член 145

Карактеристики на мерни уреди за производител на електрична енергија и потрошувач-производител

Броилата на пресметковното мерно место за производител на електрична енергија и потрошувач производител мора да ги имаат најмалку следните карактеристики, мерни карактеристики и класи на точност:

1) На низок напон, директно мерење:
   - со мерење на врвната моќност;
   - броило за активна енергија со класа на точност 2 (A) при двонасочно мерење.
2) На низок напон, полуиндиректно мерење:
   - струен мерен трансформатор со класа на точност 0,5 или 0,5s;
   - броило за активна енергија со класа на точност 1 (B) при двонасочно мерење, а за реактивна енергија со класа на точност 2 при двонасочно мерење;
   - архивирање на кривата на оптоварување; и
   - собирање податоци преку систем за собирање на мерните податоци.
3) На среден напон:
   - индиректно мерење;
   - напонски мерен трансформатор со класа на точност 0,5;
   - струен мерен трансформатор со класа на точност 0,5 или 0,5s
   - броила за активна енергија со класа на точност 1 (B) за двонасочно мерење, а за реактивна енергија класа на точност 2 за двонасочно мерење;
   - архивирање на кривата на оптоварување; и
   - собирање податоци преку систем за собирање на мерните податоци.
4) На висок напон –индиректно мерење;
   - напонски мерен трансформатор со класа на точност 0,5 ;
   - струен мерен трансформатор со класа на точност 0,5 или 0,5s
   - броила за активна енергија со класа на точност 0,5s (C), а за реактивна енергија со класа на точност 2;
   - архивирање на кривата на оптоварување; и
   - собирање податоци преку систем за собирање на мерните податоци;

7.3 МЕРНИ УСЛУГИ

Член 146

Надлежности за мерните услуги

(1) ОДС е надлежен за извршување на мерните услуги.

(2) ОДС ги врши мерните услуги на следниве мерни места:

1) на пресметковните мерни места на корисници на дистрибутивниот систем;
2) на контролните мерни места во сопственост на ОДС.

(3)Мерни услуги кои ги обезбедува и за кои е надлежен ОДС се:

1) регистрација на броилото од пресметковното мерно место;
2) одржување на опремата на пресметковното мерно место, вклучувајќи и нејзина замена;
3) собирање мерни податоци од пресметковните мерни места;
4) проверка и потврда на точноста на мерните податоци;
5) управување и архивирање на мерните податоци; и
6) архивирање на документација за пресметковните мерни места.

(4)Мерните услуги од контролните броила во сопственост на ОДС, ги обезбедува ОДС, и тие се следните:

1) регистрација на броилото од контролното мерно место;
2) одржување на опремата на контролното мерно место, вклучувајќи и нејзина замена;
3) собирање мерни податоци од контролните мерни места;
4) проверка и потврда на точноста на мерните податоци,
5) управување и архивирање на мерните податоци и
6) архивирање на документација за контролните мерни места.

7.3.1 Набавка, вградување и замена на мерна опрема

Член 147

Набавка, вградување и замена на мерната опрема

(1) ОДС врши набавка, вградување и замена на мерната опрема во согласност со Законот за енергетика, со техничките прописи и со одредбите од Мрежните правила.

(2) Корисникот на дистрибутивниот систем може да бара вградување броило со поголем број функции и/или со подобри карактеристики во однос на броилата кои ги вградува ОДС. Доколку постојат технички услови, ОДС е должен да ја вгради бараната опрема, а трошоците за набавка и за монтажа на опремата се на сметка на корисникот на дистрибутивниот систем.

(3) Мерната опрема се вградува во согласност со Законот за енергетика, со техничките прописи и со одредбите од овие Мрежни правила.

(4) ОДС има право да ги замени со нови постојните броила во сопственост на корисниците на дистрибутивната мрежа во рокови утврдени со овие Мрежни правила.

(5) Ново поставените броила се во сопственост на ОДС, и трошоците за замена на броилата се на сметка на ОДС.

(6) Локацијата на мерните уреди ја утврдува ОДС систем во зависност од техничките можности на лице место и истата може да биде во или надвор од границите на имотот на корисниците приклучени на дистрибутивната мрежа.

(7) Ако ОДС утврди дека при замена на постојниот мерен уред во сопственост на корисникот е потребно да се изврши дислокација на мерното место, должен е на своја сметка да ја изведе дислокацијата со минимално нарушување на обезбедувањето на услугата на корисникот.

(8) Штетите врз имотот на корисникот настанати како последица на дислокацијата на мерното место, ОДС е должен да ги надомести.

7.3.2 Одржување

Член 148

Одржување на мерната опрема

ОДС е должен на сопствен трошок да ја одржува мерната опрема, во согласност со закон, со техничките прописи и со одредбите од овие Мрежни правила.

Член 149

Неправилно функционирање и поправки на мерната опрема

(1) Корисникот на дистрибутивниот систем е должен, во најкраток можен рок, да го извести ОДС доколку воочи:

1) оштетување на мерната опрема од мерните места;

2) неправилно функционирање на мерната опрема;
3) кражба на мерната опрема или на останатата опрема;
4) отстранување или оштетување на пломбата и
5) оштетување на мерните ормари.

(2) Доколку ОДС утврди или биде известен, од страна на корисниците на дистрибутивниот систем, за настанато оштетување и/или за неправилно функционирање на мерната опрема, ОДС е должен да ја поправи или да ја замени опремата, во најкраток можен рок и за тоа писмено да го извести корисникот на дистрибутивниот систем. Во тој случај ОДС ги сноси трошоците за набавка, замена или поправка на мерната опрема, освен кога оштетувањето и/или неправилно функционирање на мерната опрема е настанато по вина на корисникот на дистрибутивниот систем.

(3) За оштетување или за кражба на броило и/или на останатата мерна опрема, за отстранување на пломби или за оштетување на мерниот ормар, вградени на имот на корисникот на дистрибутивниот систем, е одговорен корисникот на дистрибутивниот систем. Во тој случај, корисникот на дистрибутивниот систем ги сноси трошоците за набавка, замена или поправка на мерната опрема.

7.3.3 Верификација

Член 150

Верификација на мерните уреди

(1) ОДС е должен да обезбеди периодична верификација на мерните уреди, во согласност со закон и со друг пропис.

(2) Верификацијата може да се спроведе со целосно опфаќање на сите броила или по пат на стохастички метод, во согласност со закон и друг пропис.

Член 151

Вонредна верификација на мерната опрема

(1) Корисниците на дистрибутивниот систем можат писмено да побараат од ОДС вонредна верификација на мерната опрема, доколку се сомневаат во точноста на мерењето на електричната енергија и на моќноста.

(2) Доколку со вонредната верификација се утврди дека мерната опрема на корисникот на дистрибутивниот систем има поголемо отстапување од дозволеното, во согласност со важечките прописи, трошоците за вонредната верификација и за замената на опремата на пресметковното мерно место ги сноси ОДС.

(3) Доколку со вонредната верификација се утврди дека мерната опрема на корисникот на дистрибутивниот систем нема поголемо отстапување од дозволеното, во согласност со важечките прописи, трошоците за вонредната верификација ги сноси корисникот на дистрибутивниот систем.

7.4 МЕРНИ ПОДАТОЦИ

Член 152

Мерни податоци

(1) Мерните податоци се состојат од сите измерени вредности и од нив пресметаните вредности.

(2) Мерните податоци вклучуваат:

1) измерени, временски зависни вредности за активна и за реактивна енергија и за моќност, добиени од мерната опрема на пресметковното мерно место;
2) пресметани вредности од измерените податоци, обработени од страна на ОДС;
3) проценети или заменети податоци во случај на непостоење или погрешни податоци; и
4) податоци кои се користат за пресметка и други намени.

(3) Мерните податоци мораат да бидат собрани, обработени и чувани на сигурен и доверлив начин во базата на мерни податоци во период согласно закон. Доколку е започната судска постапка податоците се чуваат се до завршување на истата.

(4) Базата на мерни податоци мора да овозможи:

1) евиденција на пресметковни и контролни мерни места;
2) евиденција за променети податоци на карактеристиките на мерната опрема и/или на мерното место;

3) податоци за проверка и за потврда за точноста на мерните места;
4) означување на разменетите мерни податоци;
5) обработка на собраните мерни податоци; и
6) размена на податоци помеѓу ОДС и корисниците на дистрибутивниот систем.

(5) ОДС е сопственик на собраните мерни податоци, односно на базата на мерни податоци.

Член 153

Податоци за пресметковното мерно место

(1) Општите податоци за пресметковното мерно место содржат:
1) идентификациски код на пресметковно мерно место;
2) податоци за корисникот на дистрибутивниот систем;
3) податоци за адресата на пресметковното мерно место;
4) број на решение за согласноста за приклучување;
5) одобрена едновремена моќност;
6) податоци за мерните големини; и
7) останати општи податоци.

(2) Податоците за мерната опрема содржат:
1) административни податоци:
2) назив на производителот;
3) тип, сериски број, година на производство и класа на точност;
4) податоци од техничката спецификација (номинална и максимална вредност на јачината на струјата, номинален напон, преносни односи на струјните и напонските мерни трансформатори, спојот на трансформаторите и друго);
5) вредности на импулсот на контактниот импулсен излез/број на вртежи;
6) податоци за поставените параметри на уредите;
7) датум на последно баждарење;
8) службена ознака на типот на мерниот уред;
9) останати податоци.

(3) Податоците за комуникациската опрема содржат:
1) име на опремата;
2) име на производителот, тип, сериски број и техничка спецификација;
3) име на комуникацискиот протокол;
4) телефонски броеви за остварување врска;
5) идентификација за корисникот на телекомуникациската мрежа и право на пристап;
6) право на пристап (авторизација за читање и/или упис) и
7) останати податоци.

Член 154

Собирање на мерните податоци

(1) За собирање на мерните податоци од пресметковните мерни места е одговорен ОДС и е должен да ги преземе сите потребни мерки за навремено собирање на податоците во соодветни пресметковни мерни интервали.

(2) ОДС собира мерни податоци за корисникот на дистрибутивниот систем преку отчитување на мерните уреди на пресметковните мерни места, и тоа:
1) со непосредно отчитување на мерните уреди;
2) со далечинско отчитување на мерните податоци и

(3) Системот за собирање на мерните податоци од електронските мерни уреди мора да биде синхронизиран и да биде наместен според средноевропско време.

7.4.1 Проверка и потврда на точноста на мерните податоци

Член 155

Проверка и потврда

(1) ОДС е одговорен за проверка на собраните мерни податоци.

(2) Проверката на мерните податоци, собрани со непосредно отчитување на мерните уреди опфаќа:

1) проверка на идентификацискиот код на пресметковното мерно место и

2) користење автоматизирани комјутерски постапки за проверка и потврдување на мерните податоци.

(3) Проверката на мерните податоци собрани со далечинско исчитување опфаќа:

1)проверка на целокупноста на собраните податоци;

2)преглед и анализа на собраните информации за неправилни состојби на мерната опрема и

3)постапка за проверка на точноста на мерењето.

(4) Доколку постојат разлики меѓу собраните податоци од мерните уреди на корисникот на дистрибутивниот систем и податоците во базата на мерните податоци, се врши дополнителна, непосредна контрола на самото пресметковно место.

(5) Доколку се утврди дека параметрите на мерните уреди се идентични со параметрите во базата на мерните податоци, се смета дека истите се потврдени.

7.4.2 Управување со мерните податоци

Член 156

Управување со мерните податоци

(1) ОДС е одговорен за управување со собраните и со потврдените мерни податоци.

(2) Управувањето со мерните податоци подразбира:

1) архивирање и чување на потврдените мерни податоци во базата на мерни податоци;

2) процена и замена на мерните податоци;

3) обработка на потврдените мерни податоци во форма за пресметка;

4) обезбедување достапност на обработените мерни податоци за пресметка и за наплата; и

5) обезбедување достапност на мерните податоци за анализа, за планирање и за други потреби.

Член 157

Идентификациски код

На секое пресметковно мерно место и на секој корисник на дистрибитивниот систем му се доделува посебен идентификациски код, во согласност со идентификациската шема.

Член 158

Пристап до мерните податоци

(1) ОДС е должен да овозможи пристап до мерните податоци согласно закон, овие Мрежни правила.и и други прописи и

(2) ОДС има право на пристап до мерните податоци кои се наоѓаат кај ОЕПС, а се однесуваат на пресметковните мерни места на точките на поврзување на преносниот и дистрибутивниот систем.

Член 159

Тајност и заштита на мерните податоци

(1) ОДС е должен да преземе мерки за обезбедување тајност и заштита на мерните податоци.

(2) Давањето или овозможувањето пристап до мерните податоци е дозволено исклучиво под услови и со цели дефинирани со Законот за енергетика, други закони овие Мрежни правила и други прописи, и/или во согласност со корисниците на дистрибутивниот систем.

8. НЕОВЛАСТЕНО ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И/ИЛИ МОЌНОСТ

Член 160
Неовластено преземање на електрична енергија

Под неовластено преземање на електричната енергија се подразбираат следните случаи:

1) доколку е извршено приклучување на објект на дистрибутивната мрежа, без Решение за согласност за приклучување издадено од ОДС;
2) по исклучување од дистрибутивната мрежа од страна на ОДС, извршено е повторно самоволно приклучување на дистрибутивната мрежа;
3) доколку е извршена манипулација или оштетување на мерниот уред при што се презема делумно или во целост нерегистрирана количина на електрична енергија;
4) доколку се презема нерегистрирана количина на електрична енергија без мерна опрема;
5) доколку е извршено премостување на мерната опрема, при што се превзема делумно или во целост нерегистрирана количина на електрична енергија;
6) доколку е вграден мерен уред или мерна опрема која не е одобрена и/или вградена од ОДС;
7) доколку се презема електрична енергија преку оштетена мерна опрема и/или заштитната пломба е отстранета и е оневозможено правилно регистрирање на превземената количина на електрична енергија.

Член 161
Покренување на судска постапка

Во случај на неовластено преземање на електрична енергија ОДС има право да покрене судска постапка согласно законската регулатива.

Член 162

Пресметка на надоместокот на штета што настанала како резултат на неовластено преземена електрична енергија вклучува:

1) Надоместок на штета за неовластено преземена електрична енергија пресметан согласно членовите 165, 166 и 167; и
2) Надоместок на штета која ги вклучува трошоците за замена и набавка на опремата која е оштетена со цел за неовластеното преземање на електрична енергија.

Член 163
Период за кој се пресметува надоместокот на штета

(1) Период за пресметка на надоместок на штета што настанала како резултат на неовластено преземена електрична енергија изнесува 365 дена наназад од денот на утврдување на неовластеното преземање на електрична енергија.

(2) Доколку неовластено преземање кое е направено преку манипулиран мерен уред се утврди во инспекциско тело акредитирано од Институт за акредитација, а мерниот уред претходно бил демонтиран ид мерното место, периодот на пресметка изнесува 365 дена наназад од денот на демонтажа на мерниот уред.

(3) Периодот за пресметка на надоместок на штета што настанала како резултат на неовластено преземена електрична енергија може да биде пократок од 365 дена и во тие случаи ќе се земе датумот од документацијата на ОДС:

1) моментот на настанување на неовластеното користење, во случај каде истото може да се утврди (кај дигиталните броила доколку има можност за регистрирање на времето на настанување на неовластеното превземање на електрична енергија),
2) последна извршена контрола на мерното место и приклучокот (отчитување на мерниот уред не се смета како контрола на мерното место и приклучокот),
3) замена, одјава и пријава на мерниот уред, или
4) последно востановено неовластено користење на електрична енергија.

(4) За месецот во кој е утврдено неовластено преземање на електрична енергија и за месецот во кој настанала штетата за неовластено преземање не електрична енергија кога тоа може да се утврди согласно став (2) од овој член, се пресметува надоместок на штета за преземена електрична енергија за целиот месец.

(5) Доколку периодот за пресметка на надоместок на штета што настанала како резултат на неовластено преземена електрична енергија е пократок од една година, тогаш пресметката на штетата за една година, утврдена согласно членовите 165 и 166 од овие Мрежни правила, се множи со број на месеци на неовластено преземање, а се дели со 12 месеци.

Член 164
Пресметка на надоместок на штета

(1) Надоместокот на штетата настаната како резултат на неовластено преземената електрична енергија се пресметува како сума од:

1) Трошоците за набавена електрична енергија за покривање на загуби во дистрибутивна мрежа за периодот за кој се пресметува надоместок на штетата и неовластено преземената електрична енергија и моќност, утврдени како производ од количините на неовластено преземена електрична енергија и моќност пресметани во согласност со членовите 165 и 166 од овие Мрежни правила, и просечната цена за набавена електрична енергија за покривање на загуби утврдена од РКЕ во Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход и тарифи за пресметковни ЕСМенти за дистрибуција на електрична енергија.

2) Надоместокот за користење на дистрибутивниот систем пресметан како збир од надоместоците за активна електрична енергија и моќност пресемтани како производ од тарифите за соодветните пресметковни ЕСМенти на категоријата во која припаѓа потрошувачот во согласност со Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија одобрени од РКЕ за периодот за кој се пресметува надоместок на штетата и количините на неовластено преземената електрична енергија и моќност пресметана во согласност членовите 165 и 166 и

3) Трошоците за организирање и управување на пазарот на електрична енергија како производ од количините на неовластено преземена електрична енергија и моќност пресметани во согласност со членовите 165 и 166, и просечна тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија, утврдена од РКЕ за периодот за кој се пресметува надоместокот на штетата.

(2) За целиот период за кој се пресметува надоместокот на штетата настаната како резултат на неовластено преземената електрична енергија согласно став (1) на овој член се применуваат цени на електрична енергија кои се на важност во моментот на изготвување на пресметка на надоместокот.

Член 165
Пресметка на неовластено преземена електрична енергија и моќност за потрошувачите приклучени на нисконапонска мрежа, а кога се приклучени повеќе потрошувачи на една трансформаторска станица СН/НН

(1) Неовластено преземената електрична енергија и моќност за потрошувачите приклучени на трифазна нисконапонска мрежа, а кога се приклучени повеќе потрошувачи на една трансформаторска станица СН/НН, се пресметува на следниот начин:

1) Максимална едновремена моќност е еднаква на пресметковната максимална моќност, утврдена во зависност од номиналната струја на вод или осигурувачи согласно Табелата од овој член;

2) Неовластено преземена енергија е еднаква на производ од:

- пресметковната максимална моќност, утврдена во зависност од номиналната струја на вод или осигурувачи согласно Табелата од овој член
- пресметковно време за пресметка на потрошена електрична енергија, согласно Табелата од овој член и
- периодот на пресметка од Табелата од ставот (7) од овој член.

(2) Во случај на еднофазни приклучоци се зема една третина (1/3) од пресметаната количина на неовластено преземена електрична енергија и моќностод ставот (1) на овој член

(3) Во случај кога на мерниот уред е манипулирана една фаза, се зема една третина (1/3) од пресметаната количина на неовластено преземена електрична енергија и моќност од ставот (1) на овој член

(4) Во случај кога на мерниот уред се манипулирани две фази, се зема две третини (2/3) од пресметаната количина на неовластено преземена електрична енергија и моќност од ставот (1) на овој член

(5) Во случај кога електричната енергија се презема преку осигурувачи кои не се содржани во Табелата од овој член, при пресметката се усвојува првиот помал осигурувач од Табелата од овој член.

(6) Во случај кога електричната енергија се превзема без осигурувачи, се зема предвид номиналната струја на приклучниот вод, а при пресметката се усвојува номиналната струја на првиот помал осигурувач од

Табелата од овој член.Просечното дневно пресметковно време се зема за три случаи во зависност дали потрошувачот работи во една, две или три смени.

(7) Во случај кога електричната енергија се презема преку кабел и/или осигурувач и/или мерен уред, кои се редно врзани, при пресметката се усвојува најмалата максимално дозволена струја на соодветниот ЕСМент. Доколку максимално дозволената струја на соодветниот ЕСМент не е содржана во Табелата од овој член, пресметката се прави согласно номиналната струја на првиот помал осигурувач.

Номинална струја (на осигурувач или на приклучен вод)	Номинална моќност за трофазен систем	Пресметковна максимална моќност	Просечно дневно пресметковно време	Период за пресметка	Потрошена електрична енергија
In (A)	P (kW)	P (kW)	h/дневно	денови	kWh/годишно
10	6,9	4	4 / 8 / 12	365	5840 / 11680 / 17520
16	11,1	6	4 / 8 / 12	365	8760 / 17520 / 26280
20	13,9	7	4 / 8 / 12	365	10220 / 20440 / 30660
25	17,3	8	4 / 8 / 12	365	11680 / 23360 / 35040
32	22,2	12	4 / 8 / 12	365	17520 / 35040 / 52560
40	27,7	16	4 / 8 / 12	365	23360 / 46720 / 70080
50	34,6	24	4 / 8 / 12	365	35040 / 70080 / 105120
60	41,6	29	4 / 8 / 12	365	42340 / 84680 / 127020
63	43,6	30	4 / 8 / 12	365	43800 / 87600 / 131400
80	55,4	39	4 / 8 / 12	365	56940 / 113880 / 170820
100	69,3	49	4 / 8 / 12	365	71540 / 143080 / 214620
125	86,6	61	4 / 8 / 12	365	89060 / 178120 / 267180
160	110,9	78	4 / 8 / 12	365	113880 / 227760 / 341640
200	138,6	97	4 / 8 / 12	365	141620 / 283240 / 424860
250	173,2	121	4 / 8 / 12	365	176660 / 353320 / 529980
260	180,1	126	4 / 8 / 12	365	183960 / 367920 / 551880
315	218,2	153	4 / 8 / 12	365	223380 / 446760 / 670140
400	277,1	194	4 / 8 / 12	365	283240 / 566480 / 849720
500	346,4	242	4 / 8 / 12	365	353320 / 706640 / 1059960
630	436,5	306	4 / 8 / 12	365	446760 / 893520 / 1340280

Член 166

Пресметка на неовластено преземена електрична енергија и моќност за потрошувачите приклучени на среден напон или на низок напон приклучени преку сопствена трансформаторска станица СН/НН која се користи само за нивни потреби

(1) Неовластено преземената електрична енергија и моќност за потрошувачите приклучени на низок напон приклучени преку сопствена трансформаторска станица СН/НН која се користи само за нивни потреби или потрошувачи на среден напон, се пресметува на следниот начин:

1) Максимална едновремена моќност е еднаква на пресметковната максимална моќност на енергетскиот трансформатор, согласно Табелата од овој член;

2) Неовластено преземена енергија е еднаква на производ од:

- пресметковната максимална моќност на енергетскиот трансформатор, согласно Табелата од овој член
- пресметковно време за пресметка на потрошена електрична енергија, согласно Табелата од овој член и
- периодот на пресметка од Табелата од овој член.

(2) Во случај кога на мерниот уред е манипулирана една фаза, се зема една третина (1/3) од пресметаната количина на неовластено преземена електрична енергија и моќност од ставот (1) на овој член

(3) Во случај кога на мерниот уред се манипулирани две фази, се зема две третини (2/3) од пресметаната количина на неовластено преземена електрична енергија и моќност од ставот (1) на овој член.

Номинална привидна моќност на трансформаторска станица ТР СН/НН	Пресметковна максимална моќност	Просечно дневно пресметковно време	Период за пресметка	Потрошена електрична енергија
kVA	P (kW)	h/дневно	денови	kWh/годишно
50	35	4 / 8 / 12	365	51100 / 102200 / 153300
100	70	4 / 8 / 12	365	102200 / 204400 / 306600
160	112	4 / 8 / 12	365	163520 / 327040 / 490560
250	175	4 / 8 / 12	365	255500 / 511000 / 766500
400	280	4 / 8 / 12	365	408800 / 817600 / 1226400
630	441	4 / 8 / 12	365	643860 / 1287720 / 1931580
800	560	4 / 8 / 12	365	817600 / 1635200 / 2452800
1000	700	4 / 8 / 12	365	1022000 / 2044000 / 3066000
1250	875	4 / 8 / 12	365	1277500 / 2555000 / 3832500

Член 167

Доколку при контрола на мерниот уред од страна на инспекциското тело акредитирано од Институт за акредитација, се утврди дека истото е манипулирано, при што точно може да се утврди процентот на грешка, пресметката на неовластеното преземена електрична енергија се прави така што измерените количини се зголемуваат согласно утврдениот процент на грешка.

8.1 ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕОВЛАСТЕНО ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 168

Собирање на податоци за откривање на неовластено преземање на електрична енергија

(1) Собирање на податоци за откривање на неовластено преземање на електрична енергија се врши при:

1) Редовно отчитување на мерните уреди
2) Анализа на потрошувачка на електрична енергија
3) Анализа на загуби на определени подрачја
4) Оптоварување на ЕСМентите од дистрибутивната мрежа во однос на испорачана електрична енергија
5) Одржување на мерно место и на приклучокот
6) Редовна или вонредна верификација на мерна опрема
7) Пријава од страна на вработен во ОДС или од трето лице

(2) Врз основа на податоците од ставот (1) на овој член, за мерното место и/или на мерната опрема за кои постои сомневање дека неовластено се превзема електрична енергија, ОДС изготвува работен налог за контрола на мерно место и/или мерна опрема.

(3) Во случај кога ќе се открие неовластено преземање на електрична енергија, при извршување на било кои други редовни активности (замена на мерен уред, исклучување, одржување, постапување по барање на потрошувач, отстранување на дефекти, итн.) од страна на стручните лица на ОДС, се изготвува Записник за утврдување на неовластено превземање на електрична енергија.

Член 169

Контрола на мерно место и мерна опрема

(1) Контрола на мерното место и/или на мерната опрема вршат стручни лица на ОДС.

(2) Стручните лица задолжително треба да поседуваат легитимација издадена од страна на ОДС, која на барање на потрошувачот се должни да ја покажат. Потрошувачот или негов претставник има право да присуствува на контрола на мерното место.

(3) Доколку при контрола на мерното место и/или на мерната опрема се утврди неовластено преземање на електрична енергија, стручните лица на ОДС задолжително треба да изготват Записник за утврдување на неовластено преземање на електрична енергија и да обезбедат доказ (мерна опрема, оштетени пломби, фотографии и т.н.).

Член 170
Работен налог за контрола на мерно место

(1) За вршење на контрола на мерно место, ОДС издава работен налог за контрола на мерно место и/или на мерна опрема. По извршената контрола на мерното место и/или мерната опрема се врши контрола на налозите и на повратните информации добиени во врска со контролата на мерното место и/или мерната опрема.

(2) Доколку при извршување на работниот налог од страна на стручните лица за контрола на мерно место се утврди дека постои неовластено преземање на електрична енергија, ОДС е задолжен за соодветно зачувување на документацијата (записник за утврдување на неовластено преземање на електрична енергија, работен налог за контрола на мерно место, фотографии и т.н.).

(3) Работниот налог особено содржи:

1) Податоци за пресметковното мерно место (доколку постои);
2) Податоци за контролно мерно место (доколку постои);
3) Податоци за стручните лица на ОДС.

Член 171
Контрола на мерни уреди во акредитирано тело за инспекција на броила

(1) Контрола на мерните уреди може да се прави во акредитирано тело за инспекција на мерни уреди на ОДС. Контролата се прави на тој начин што мерните уреди инсталирани кај потрошувачот се заменуваат со мерни уреди кои имаат важечка верификација, а постоечките се носат во акредитирано тело за инспекција на мерни уреди на ОДС. Контрола на мерните уреди во акредитирано тело за инспекција на броила ја извршуваат најмалку две стручни лица на ОДС.

(2) Доколку при контролата од ставот (1) се утврди манипулација на мерниот уред задолжително се изготвува Записник за испитување и контрола на мерен уред врз основа на што се изготвува Записник за утврдување на неовластено преземање на електрична енергија, кој го потпишуваат стручните лица на ОДС, кои ја вршеле контролата.

Член 172
Записник за утврдување на неовластено преземање на електрична енергија

(1) Записникот за утврдување на неовластено преземање на електрична енергија особено содржи:

1) Податоци за пресметковното мерно место;
2) Податоци за контролно мерно место (доколку постои);
3) Датум на утврдување на неовластено преземање на електрична енергија;
4) Податоци за лицата кои ја извршиле контролата на мерното место и/или мерната опрема;
5) Начинот на кој е извршено неовластено преземање на електрична енергија;
6) Номинална струја на главните осигурувачи;
7) Вид и пресек на кабелот преку кој се поврзува внатрешниот приклучок;
8) Номинална моќност на трансформаторот за потрошувачи на среден напон;
9) Број на смени (во случај на сменско работење).

(2) Записникот за утврдување на неовластено преземање на електрична енергија мора да го потпишат најмалку две стручни лица на ОДС и корисникот, односно негов претставник, доколку е согласен со записникот. Доколку корисникот или неговиот претставник не е согласен со записникот, тогаш треба да се потпише на место "Не сум согласен со записникот". Доколку корисникот одбива да се потпише на записникот, стручно лице на ОДС задолжително го потпишува текстот "корисникот одбива да го потпише записникот". Доколку корисникот не е присутен при извршувањето на контролата на мерното место и/или мерен уред во записникот се пишува "корисникот не е присутен".

(3) Кога кај корисникот е утврдено неовластено преземање на електрична енергија, на потрошувачот му се остава еден примерок од Записникот за утврдување на неовластено преземање на електрична енергија. Доколку корисникот одбие да го потпише Записникот, или доколку не бил присутен при изготвување на записникот, ОДС ќе му го достави по пошта.

(4) По составувањето на Записникот за утврдување на неовластено преземање на електрична енергија, ОДС прави контрола дали записникот е изготвен во согласност со овие Мрежни правила. Ако при контролата на Записникот се утврди грешка, нецелосно или погрешно утврдени факти се прави дорабoтка или измена на Записникот на сите примероци. Во случај кога не може да се доработи примерокот кој е доставен на

корисникот, се изработува нов записник во кој ќе се евидентираат сите податоци потребни за изработка на пресметката. Новиот записник се доставува на корисникот

Член 173
Пресметка на надоместок на штета за неовластено преземање на електрична енергија

(1) Врз основа на податоците од Записникот се изготвува пресметка на надоместок штета за неовластено преземање на електрична енергија, согласно овие Мрежни правила.

(2) Пресметката на надоместок на штетата за неовластено преземање на електрична енергија му се доставува на корисникот во рок од 15 дена, сметано од денот на изготвување на пресметката.

Член 174
Исклучување на потрошувач при неовластено преземање на електрична енергија

(1) Во случаите на неовластеното преземање на електричната енергија од членот 160, точките1), 2), 4), 5) и 6) од овие Мрежни правила, ОДС ќе го исклучи потрошувачот од дистрибутивната мрежа без предупредување.

(2) Во случаите на неовластеното преземање на електричната енергија од членот 160, точките 1) и 3) од овие Мрежни правила, ОДС е должен да го предупреди корисникот во писмена форма и да ја достави пресметката на надоместокот на штета за неовластено преземање на електрична енергија од членовите 166 и 167 од овие Мрежни правила, со цел да го плати надоместокот на штета за неовластено преземање на електрична енергија.

(3)

(4) Корисникот е должен да го плати надоместокот за штетата за неовластено преземање на електрична енергија на ОДС во рок од 8 (осум) дена од денот на доставувањето на пресметката.

(4) Доколку корисникот не постапи согласно ставот (3) од овој член, ОДС има право да го исклучи потрошувачот од дистрибутивната мрежа.

(5) ОДС не е одговорен за настанување на евентуална материјална или нематеријална штета на корисникот поради исклучувањето од ставовите (1) и (4) на овој член.

Член 175
Приклучување на корисникот кој е исклучен поради неовластено преземање на електрична енергија

(1) Во случај кога корисникот е исклучен согласно членот 174 ставовите (1) и (3) од овие Мрежни правила корисникот има право да поднесе барање за согласност за приклучување на дистрибутивниот систем до ОДС согласно овие Мрежни правила, откако ќе го плати надоместокот на штета за неовластено преземање на електрична енергија направена на ОДС.

(2) Корисникот е должен да плати надоместок за приклучување согласно членот 52 од овие Мрежни правила.

(3) По исклучок на ставовите (1) и (2) на овој член, корисникот кој поседува решение за согласност за приклучување има право повторно да се приклучи на дистрибутивната мрежа, откако ќе го плати надоместокот на штета за неовластено преземање на електрична енергија направена на ОДС и надоместокот за повторно приклучување утврден со ценовникот на ОДС, претходно одобрен од РКЕ.

Член 176
Покренување на судска постапка

(1) По утврдување на неовластено преземање на електрична енергија ОДС има право да покрене судска постапка согласно законската регулатива.

(2) При покренување на судска постапка ОДС до надлежниот суд ќе ја достави комплетната документација и доказите со кои располага.

9. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 177
Рокови за доставување на единечни трошоци за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем

Единечните трошоци за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем за соодветна група на приклучоци утврдени во согласност со Методологијата за начинот на одредување на трошоците за приклучување на дистрибутивниот систем на електрична енергија, дадена во Прилог 1 на овие Мрежни правила, ОДС е должен да ги изготви и да ги достави до РКЕ на одобрување во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на овие Мрежни правила и во рок од три дена по нивното одобрувањето од страна на РКЕ, да ги објави на својата интернет страница.

Член 178
Рок за доставување на Ценовник за услуги

ОДС е должен да го достави Ценовникот за услуги од членот 90 став (2) од овие Мрежни правила до Регулаторната комисија за енергетика во рок од 60 дена од влегување во сила на овие Мрежни правила.

Член 179
Отпочнати постапки

(1) Постапките за издавање на Решенија за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа отпочнати пред примената на овие Мрежни правила ќе завршат согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија" бр.12/15 и 114/17) .

(2) Издадените Решенија за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа и склучените договори за приклучување согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија" бр.12/15 и 114/17) продолжуваат да важат до роковите за кои се издадени или склучени.

Член 180
Влегување во сила

(1) Со денот на примената на овие Мрежни правила, престануваат да важат Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија" бр.12/15 и 114/17).

(2) Овие Мрежни правила влегуваат во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

УО бр. 02-855/138/2
14 февруари 2020 година
Скопје

Претседател,
м-р **Васко Ковачевски,** с.р.

ПРИЛОГ 1: МЕТОДОЛОГИЈА ЗА НАЧИНОТ НА ОДРЕДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА КОРИСНИК НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА

10 НАДОМЕСТОК ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА КОРИСНИК НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА

Надоместокот за приклучување на корисник на дистрибутивната мрежа се состои од:

- Надоместок за изградба на приклучокот; и
- Надоместок на трошоци за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем.

Надоместокот за приклучување на корисник на дистрибутивната мрежа се пресметува согласно следната формула:
НП = ТИ + ТТК [денари]
при што:
НП – надоместок за приклучување на корисник на дистрибутивната мрежа
ТИ – надоместок за изградба на приклучок
ТТК – надоместок на трошоци за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем

10.1 НАДОМЕСТОК ЗА ИЗГРАДБА НА ПРИКЛУЧОКОТ

Надоместокот за изградба на приклучокот опфаќа:

1. Трошоци за изработка на анализа, проектна документација, прибавување на потребна документација и создавање на други услови за изградба
2. Трошоци за набавка на опрема, уреди и материјали
3. Трошоци за изведба на работите

УО бр. 02-855/138/2
14 февруари 2020 година
Скопје

Претседател,
м-р **Васко Ковачевски,** с.р.

ТИ – надоместок за изградба на приклучокот

ТД – трошоци за изработка на проектна документација, прибавување на потребна документација и создавање на други услови за изградба,

ТО – трошоци за опрема, уреди, материјали и испитувања

ТР – трошоци за изведба на работите

4. Кога приклучокот се гради исклучиво за потребите на корисникот, трошоците за изградба на приклучокот се утврдуваат врз основа на трошоците кои се неопходни за вградување на опрема и уреди чија инсталирана активна моќност е еднаква на првата поголема стандардизирана активна моќност од одобрената едновремена максимална моќност на корисникот.

10.1.1 Трошоци за изработка на анализа, проектна документација, прибавување на потребна документација и создавање на други услови за изградба

Во овие трошоци спаѓаат:

- Трошоци за изработка на анализи за оптимално решение за приклучување,
- Трошоци за изработка на проектна документација за приклучокот,
- Трошоци за прибавување на потребни согласности, одобренија и друга потребна документација. Овие трошоци се утврдуваат во зависност од типот на приклучок и ги сочинуваат:
- Трошоците за работна рака пресметани како производ од нормираните трошоци за работна рака за ангажирање за изработка на проектна документација, набавување на потребна документација и создавање на други услови за изградба, пресметани по работен час, според степенот и видот на стручна опрема и нормираниот број на работни часови за извршување на тие работи.
- Трошоците на име на пропишани такси и други надоместоци за изработка на проектот за приклучок и набавување на пропишани согласности и одобренија.

10.1.2 Трошоци за набавка на опрема, уреди, материјали и испитувања

Трошоците за набавка на опрема, уреди, материјали и испитувања ги опфаќаат трошоците за набавка на стандардизирана опрема, уреди и материјали кои се вградуваат во согласност со техничките прописи, правила и стандарди, како и потребните испитувања.

10.1.3 Трошоци за изведба на работите

Трошоците за изведба на работите ги опфаќаат:

- трошоци за работна рака
- трошоци за употреба на машини, и
- трошоци за употреба на возила.

Трошоците за работна рака за извршување на неопходните работи за изработка на приклучокот се пресметуваат како производ од нормираните трошоци за работна рака за изведување на работите на приклучокот, пресметани по работен час, според степенот и видот на стручна опрема и нормираниот број на работни часови за извршување на тие работи.

Трошоците за употреба на машина која не е во сопственост на ОДС, а се користи за приклучување на приклучокот, се пресметуваат како производ на нормираниот број на работни часови на одредена машина потребна за приклучување и утврдената пазарна цена на ангажирање на таа машина по работен час.

Трошоци за употреба на машина која е во сопственост на ОДС, а се користи за приклучување на приклучокот, се пресметуваат како збир на нормирани трошоци за видот на машината, односно типот на машината, која е потребно да се ангажира и трошоците за гориво на машината.

Трошоците за возила кои се користат за приклучување на конкретен тип на приклучок, пресметани како збир на нормирани трошоци за видот на возилото, односно типот на возило кое е потребно да се ангажира и трошоците за гориво на возилата.

10.2 НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ ЗА СОЗДАВАЊЕ НА ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ВО ДИСТРИБУТИВЕН СИСТЕМ

10.2.1 Трошоци за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем

Трошоци за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем опфаќаат трошоци за:

- изградба на објекти, како и вградување на опрема, уреди и материјали во согласност со техничките прописи, за изградба на типска постројка на трансформаторска станица и водови за соодветно напонско ниво,
- ангажирање на работна рака, машини и транспорт при изградба на електроенергетските објекти, и
- проектирање, прибавување на пропишани одобренија, согласности и дозволи, решавање на имотно – правни односи, како и трошоци за извршување на други стручни, оперативни и административни работи при изградба на електроенергетските објекти.

Зависно од напонското ниво и точката на приклучување на дистрибутивната мрежа на која се приклучува објектот, трошоците за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем се одредуваат по групи и опфаќаат:

1) За приклучоци на среден напон трошоците за:
   1) Реконструкција на постоечка ТС 110/ xx kV/kV со соодветна моќност;
   2) Изградба на нови среднонапонски водови, т.е. изводи приклучени на една ТС 110/ xx kV/kV. За бројот на изводите се зема просечен број на изводи во постоечките ТС од овој тип, кои се во сопственост на ОДС. За просечна должина на изводите се зема пресметковна должина од 1 километар. Учеството на кабелските и надземните изводи е 100% кабелски изводи.
2) За приклучоци на низок напон 0,4 kV трошоците за изградба на:
   1) две монтажно – бетонски ТС 6/0,4 kV/kV; со моќност од 630 kVA,
   2) две монтажно – бетонски ТС 6/0,4 kV/kV; со моќност од 400 kVA,
   3) нови НН изводи приклучени на секоја ТС 6/0,4 kV/kV; од точка 2, при што за просечна должина на НН извод се зема 300m и просечен број на изводи 6 по ТС 6/0,4 kV/kV; од кои 90% е кабелска 10% надземна мрежа.

10.2.2 Пресметка на надоместок на трошоците за создавање на технички услови во дистрибутивен систем

Надоместокот на трошоците за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем се одредуваат врз основа на следната формула:

$TTK_i = ET_i * OM_i$ [денари]

при што:

i - група на приклучоци.

TTK_i – надоместок на трошоци за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем за приклучок од групата i, кои ги надоместува корисникот кој се приклучува на дистрибутивниот систем

ET_i – единичен трошок за приклучоци од група на приклучоци i, (денари / kW)

ОМ – одобрена максимална едновремена моќност на приклучокот (kW)

Единичниот трошок за приклучок од групата i се одредува врз основа на следната формула:

$$ET_i = \frac{TT_i}{ВИМ_i} * ФЕ_i \quad денари / kW$$

при што:

TT_i – трошоци за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем за приклучок од група на приклучоци i, утврдени во точка 10.2.1

$ВИМ_i$ - вкупна привидна инсталирана моќност на трансформаторските станици од кои се обезбедува напојување на приклучоците од група на приклучоци i, при што се зема дека вкупната инсталирана привидна моќност е еднаква на вкупната активна моќност,

$ФЕ_i$ – фактор на едновременост за приклучок од група на приклучоци i.

Единичен трошок за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем за корисниците приклучени на среден напон, се одредува врз основа на следната формула:

$$ET_{СН} = \frac{TT_{СН}}{ВИМ_{СН}} * ФЕ_{СН1} \quad денари / kW$$

Единичен трошок за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем за потрошувачи приклучени на низок напон, со одобрена едновремена максимална моќност помала или еднаква на 80kW се одредува врз основа на следната формула:

$$ET_{НН1} = \frac{TT_{НН}}{ВИМ_{НН} * \cos(\varphi)} * ФЕ_{НН2} + \frac{TT_{СН}}{ВИМ_{СН} * \cos(\varphi)} * ФЕ_{СН2} \quad денари / kW$$

Единичен трошок за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем за потрошувачи приклучени на низок напон, со одобрена едновремена максимална моќност поголема од 80kW се одредува врз основа на следната формула:

$$ET_{НН2} = \frac{TT_{НН}}{ВИМ_{НН} * \cos(\varphi)} * ФЕ_{НН3} + \frac{TT_{СН}}{ВИМ_{СН} * \cos(\varphi)} * ФЕ_{СН3} \quad денари / kW$$

$TT_{СН}$ – трошоци за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем за приклучок на среден напон, утврдени во согласност со делот 10.2.1.

$TT_{НН}$ – трошоци за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем за приклучок на низок напон, утврдени во согласност со делот 10.2.1.

ВИМ - вкупна привидна инсталирана моќност на трансформаторските станици согласно делот 10.2.1. cos φ – фактор на моќност и истиот изнесува 0,95

Единечните трошоци за создавање на технички услови во дистрибутивен систем за соодветна група на приклучоци ги определува ОДС, а ги одобрува Регулаторната комисија за енергетика, и истите се изразуваат во денари / kW.

Факторите на едновременост за одредена група на приклучоци во зависност од напонското ниво и од одобрената максимална едновремена моќност се дадени во следната табела:

Табела 1: Фактори на едновременост:

i	Група приклучоци	Фактори на едновременост на низок напон	Фактори на едновременост на среден напон
1	Среден напон	0,00	0,30
2	0,4 kV (P > 80 kW)	0,40	0,10
3	0,4 kV (P < 80 kW)	0,25	0,08

11 НАДОМЕСТОК ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА КОРИСНИК НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА ПРЕКУ СТАНДАРДЕН ПРИКЛУЧОК

Надоместокот за приклучување на корисник на дистрибутивна мрежа преку стандарден приклучок на среден напон се пресметува по следнава формула:

$$НПС_{СН} = ЕТ_{СН} * ОМ \ [денари]$$

Надоместокот за приклучување на корисник на дистрибутивна мрежа на низок напон со одобрена едновремена максимална моќност помала или еднаква на 80 kW се одредува врз основа на следната формула:

$$НПС_{НН1} = ЕТ_{НН1} * ОМ \ [денари]$$

Надоместокот за приклучување на корисник на дистрибутивна мрежа на низок напон со одобрена едновремена максимална моќност поголема од 80 kW се одредува врз основа на следната формула:

$$НПС_{НН2} = ЕТ_{НН2} * ОМ \ [денари]$$

при што:
НПС – надоместок за приклучување на дистрибутивната мрежа преку стандарден приклучок, кои ги надоместува корисникот кој се приклучува на дистрибутивната мрежа
ОМ – одобрена максимална едновремена моќност (kW)

Единечните трошоци за создавање на технички услови во дистрибутивен систем за соодветна група на приклучоци ги определува ОДС, а ги одобрува регулаторната комисија за енергетика, и истите се изразуваат во денари / kW.

12 НАДОМЕСТОК ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА КОРИСНИК НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА ПРЕКУ НЕСТАНДАРДЕН ПРИКЛУЧОК

Надоместокот за приклучување на корисник на дистрибутивна мрежа преку стандарден приклучок на среден напон се пресметува по следнава формула:

$$НПН = ТИ + ТТК \ [денари]$$

при што:
НПН – надоместок за приклучување на дистрибутивната мрежа преку нестандарден приклучок,
ТИ – надоместок за изградба на приклучок
ТТК – надоместок на трошоци за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем
Надоместокот за приклучување на корисник на дистрибутивна мрежа преку нестандарден приклучок во зависност од:

- напонското ниво на приклучување,
- одобрена едновремена максимална моќност, и
- дали приклучокот ќе се користи за еден корисник или за повеќе корисници, се пресметува согласно Прилог 2.

13 НАДОМЕСТОК ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА ВО ПОСЕБНИ СЛУЧАИ

Како посебни случаи за одредување на надоместокот за приклучување на дистрибутивната мрежа се сметаат:

1. одвојување/спојување на мерењето во објектот на корисникот кој е веќе приклучен на дистрибутивната мрежа;
2. повторно приклучување на објектот на дистрибутивната мрежа, кога барањето за издавање на согласност за приклучување се поднесува поради претходно исклучување од дистрибутивната мрежа;
3. зголемување на одобрената едновремена максимална моќност на корисникот.

Надоместокот за приклучување на дистрибутивната мрежа во наведените посебни случаи се утврдува според реалните трошоци, при што:

1. во случај на одвојување/спојување на мерење кога одобрената едновремена максимална моќност не се променува, односно спојување на инсталациите во објектот кој е веќе приклучен на дистрибутивната мрежа, надоместокот за приклучување се утврдува според реалните трошоци, при што надоместокот за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем не се пресметува;
2. во случај на приклучување на објектот на корисникот на дистрибутивната мрежа кога барањето за издавање на согласност за приклучување се поднесува поради претходно исклучување на корисникот од дистрибутивната мрежа, надоместокот за приклучување се утврдува според реалните трошоци за повторно приклучување на корисникот, при тоа надоместокот за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем не се пресметува;
3. во случај на зголемување на одобрената едновремена максимална моќност на корисникот, надоместокот за приклучување се утврдува:

- за нестандардни приклучоци, според реалните трошоци кои се неопходни за реконструкција на приклучокот, додека надоместокот за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем се пресметува само за делот за зголемената максимална едновремена моќност;
- за стандардни приклучоци кои со зголемување на моќноста ќе останат стандардни, надоместокот се утврдува согласно Глава 11 од овој прилог, само за делот за зголемената максимална едновремена моќност;
- за стандардни приклучоци кои со зголемувањето на моќноста ќе поминат во нестандардни, според реалните трошоци кои се неопходни за изградба на приклучокот, додека надоместокот за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем се пресметува само за делот за зголемената максимална едновремена моќност.

ПРИЛОГ 2: ПРЕСМЕТКА НА НАДОМЕСТОК ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ ПРЕКУ НЕСТАНДАРДЕН ПРИКЛУЧОК

13.1 ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА КОРИСНИК НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА, СО НЕСТАНДАРДЕН ПРИКЛУЧОК, ВО СЛУЧАЈ КОГА Е ПОТРЕБНО ДА СЕ ИЗГРАДИ: СН ПРИКЛУЧЕН ВОД, ТС СН/НН И НН ПРИКЛУЧЕН ВОД

Кога е потребно да се изгради нов СН 6(35) kV вод, нова трансформаторска станица (во понатамошниот текст : ТС) 6(35)/0,4 kV и нов НН извод. На НН собирница на новата ТС 6(35)/0,4 kV се очекува да се изградат нови НН изводи за идни НН корисници.

13.1.1 Надоместок за приклучување на корисник на дистрибутивната мрежа

Надоместокот за приклучување на корисник на дистрибутивната мрежа се пресметува согласно следната формула:

$$НП_i = ТИ_i + ТТК_i \quad [\text{денари}]$$

при што:
i – група на приклучок,
$НП_i$ – надоместок за приклучување на корисник на дистрибутивната мрежа преку приклучок од групата i, $ТИ_i$ – надоместок за изградба на приклучок од групата i,
$ТТК_i$ – надоместок за создавање на технички услови во дистрибутивната мрежа за приклучок од групата i, кој го надоместува корисникот кој се приклучува на дистрибутивната мрежа.

13.1.1.1 Надоместок за изградба на приклучок кога нестандардниот приклучок го изведува ОДС

Надоместокот за изградба на приклучокот се пресметува на следниот начин:

$$ТИ = \frac{ТИ1}{P1} + \frac{ТИ2}{P2} + \frac{ТИ3'}{P3} * ОМ + ТИ3'', \ [\text{денари}]$$

каде:
ТИ – надоместок за изградба на приклучок, пресметан врз основа на одобрената едновремена активна максимална моќност на корисникот;
P1 – расположива активна моќност на СН извод;
P2 – расположива активна моќност на ТС;
P3 – расположива активна моќност на НН извод;
